Република Северна Македонија
Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет
Институт за социологија

# Одржливи градови меѓу теоријата и практиката: еколошки компоненти на урбаното планирање и развој на град Скопје





Република Северна Македонија
Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет
Институт за социологија

Докторска теза:

# Одржливи градови меѓу теоријата и практиката: еколошки компоненти на урбаното планирање и развој на град Скопје

Кандидат:
м-р Емина Рустемоска

Ментор:
проф. д-р Илија Ацески

Скопје, мај 2019



*„Градовите веројатно се едни од најкомплексните творби на човештвото, никогаш завршени, никогаш дефинитивни. Тие се како пат кој никогаш не завршува. Нивната еволуција е определена од искачувањето кон големината и возвишеноста или од нивниот пад надолу. Градовите се минатото, сегашноста и иднината*.“

UN HABITAT, Состојбата на светските градови



Ментор:

Проф. д-р Илија Ацески, редовен професор на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје

Членови на комисија:

1. Проф . д-р Илија Ацески с. р

2. Проф. д-р Зоран Матевски с.р

3. Проф. д-р Амалија Јовановиќ с.р

4. Проф. д-р Јован Пејковски с. р

5. Проф. д-р Снежана Ставрева Веселиновска с.р

Датум на одбрана:

Скопје,

СОДРЖИНА


Резиме ........................................ 8
Summary ........................................ 9
Глава 1
Вовед ........................................ 11
Релевантност на тема ........................................ 14
1.Предмет,цели на истражување и методолошка рамка ........................................ 15
1.1Предмет на истражувањето ........................................ 15
1.2 Цели на истражувањето и хипотетичка рамка ........................................ 16
1.3 Методологија на истражувањето ........................................ 17
2.Теориски позиции ........................................ 19
2.1 Развој на градот низ историјата ........................................ 19
2.2 Еколошки предизвици на градовите ........................................ 27
2.2.1 Загадување на воздухот или аерозагадување ........................................ 27
2.2.2 Водата како ресурс ........................................ 29
2.2.3 Светлосно загадување ........................................ 30
2.2.4 Загадување од бучава ........................................ 33
2.2.5 Визуелно загадување ........................................ 34
3.Градот во ера на глобализација ........................................ 36
3.1Предизвици на градот во 21 век ........................................ 40
3.2 Препознатливост на градот како „Зелен град“ ........................................ 45
4.Урбаниот простор како општествен производ ........................................ 52
4.1Еколошка етика ........................................ 54
4.2 Еколошка правда ........................................ 63
5.Градот како одржлив динамичен систем ........................................ 66
5.1Дефиниција за одржлив град ........................................ 67
5.1.1 Еколошка одржливост ........................................ 69
5.1.2 Економска одржливост ........................................ 73
5.1.3 Социјална одржливост ........................................ 75
5.1.4 Културна одржливост ........................................ 77
6.За метаболистичкото движење и утопистичките идеи за градоградба ........................................ 80
6.1 Симболизмот и структуралноста во просторот ........................................ 88
Глава 2
7. Природни карактеристики на Скопската Котлина од важност за урбаното планирање ........................................ 91
7.1 Врнежи ........................................ 91
7.2 Ветрови ........................................ 93
7.3 Температура ........................................ 94
8. Историски преглед на развојот на градот Скопје ........................................ 96
8.1 Административен профил на град Скопје103 ........................................ 102
8.2 Урбанистички планови на град Скопје ........................................ 105




8.3Планот за централно градско подрачје на Кензо Танге за Скопје ....................108
8.4Скопје помеѓу урбанистичкото планирање и урбанистичката реалност .........114
9. Еколошките аспекти на урбаното планирање на град Скопје .............................118
9.1Еколошко планирање низ призмата на граѓаните ...........................................119
9.1.1 Причини за загадување на град Скопје..........................................................122
9.1.2 Скопје и моделот на одржлив град .................................................................129
9.1.3Вклученост на локалната заедница во процесот на урбано планирање ........135
9.2 Насоки за иден развој на град Скопје низ перцепцијата на граѓаните .............140
9.2.1 Еколошки развој на град Скопје.....................................................................140
9.2.1.1 Регенерација на јавни зелени површини во град Скопје .........................148
9.3 Информираност на граѓаните за состојбите со животната средина .................153
9.3.1 Извори на информирање на граѓаните..........................................................154
9.4. Добро управување(Good governance)................................................................158
9.4.1 Вклученоста на граѓаните во планирањето и управувањето........................159
9.5 Улогата на сообраќајот во урбаното планирање ...............................................165
9.5 .1 Сообраќајот во урбаното планирање во град Скопје ..................................168
9.6 Урбанистичко планирање на ниво на населба(соседство)................................173
9.6.1 Урбано планирање на населби и соседства во град Скопје.........................175
10 Еколошко планирање низ институционална призма..........................................182
10.1 Добро управување на локално ниво...............................................................182
10.2 Институционална поставеност и документи за еколошко
планирање на Град Скопје ......................................................................................186
10.3 Студија за воспоставување зелени коридори (2017) ......................................187
10.4 Студија за воспоставување зелени коридори (2017) ......................................190
10.5 Отпорно Скопје – Стратегија за климатски промени (2017)..........................191
11. Урбано планирање на ниво на општини............................................................193
11.1 Социо-економски и социјални ефекти на урбано регененрирање
на зеленило ...............................................................................................................195
11.2 Админитративен капацитет на општини .........................................................197
Завршни забелешки ..................................................................................................200
Заклучок.....................................................................................................................201
Користена литература...............................................................................................209
Прилози......................................................................................................................216
Биографија на авторот ..............................................................................................220



**Благодарност**

Во овој дел би сакала да изразам благодарност на сите кои беа дел од процесот на создавање на овој труд. Како прво, изразувам благодарност до мојот ментор,проф. д-р Илија Ацески, за целиот вложен труд во текот на изработката на трудот, несебичното споделување и пренесување на знаења, дискусии и сите забелешки кои придонесоа кон подобрување на квалитетот на овој труд. Благодарност до моето семејство и пријателите кои ми ја дадоа целосната поддршка во текот на  целиот период на изработка на трудот.

Истотака, благодарност до „Civika Mobilitas“ програмата за поддршка за докторанти. Печатењето и истражувањата во овој труд се поддржани од „Civika Mobilitas“.

Содржината на овој труд е единствена одговорност на авторката и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на „Civika Mobilitas“, швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), или организациите што ја спроведуваат програмата.



## Резиме

Почетната намера на овој труд беше да се истражат прашања на урбаното планирање од еколошки аспект, но ставени во еден поширок контекст одприсутниот јавен дискурс на еколошките расправи. Имајќи ги предвид моменталните состојби на еколошки план во град Скопје, од една страна и практиките и теориските расправи за насоките на трансформации на градовите во одржливи градови, темата сама по себе произлезе како личен интерес за истражување, но и како актуелно општествено прашање. Комплексноста на прашањата за урбано планирање низ еколошка призма даваат можност за истражување на феноменот на екологијата и развојот на градот како функцискалнен систем.Градот, како една од највисоките форми на цивилизацијата, е во постојан процес на промени, во процес на реобмислување и изнаоѓање нови форми. Земајќи го предвид моментот во кој живееме, како ретко кога претходно, светската јавност и заедница се обединети околу прашањата за иднината на планетата и влијанието на човекот врз еко-системите. Неопходно е да се истражуваат овие прашања и во рамки на нашата земја, бидејќи градовите се носители на развојот и места во кои се случуваат речиси сите процеси кои директно влијаат врз промените врз еко - системите и просторот. Од голема важносте да се увиди кое е влијанието и кое е нивото на подготвеност на град Скопје да се разрешуваат еколошките проблеми и да се проектира идниот развој врз одржливи принципи, како и во која насока треба да се планираградот Скопје во иднина.

Клучни зборови: град,у рбано планирање, Скопје, еколошки аспекти на планирање, одржливи градови.



**Summary**

The initial intention of this paper was to investigate urban planning issues from an environmental point of view, but placed in a wider context from the public discourse of environmental discussions. Considering the current state of the ecological plan in the city of Skopje, on the one hand, the practices and theoretical discussions for the directions of transformation of cities into sustainable cities, the topic itself emerged as a personal interest in research but also as an actual social issue. The complexity of urban planning issues through the ecological prism the possibility of exploring the phenomenon of ecology and the development of the city as a functional system. The city as one of the highest forms of civilization is in a constant process of change, in the process of re-thinking and finding new forms. Taking into account the moment in which we live, rarely when the world community and the community are united around the questions about the planet's future and the human impact on ecosystems. It is necessary to explore these issues within our country as well. The cities as bearers and places in which almost all processes that directly affect the changes on the eco systems and the space of great importance occur in order to find out what is the impact and what is the level of readiness of the city of Skopje to solve the environmental problems, and in what direction it should be dimensions the city of Skopje in the future.

Keywords: city, urban planning, Skopje, environmental aspects of planning, sustainable cities



# Глава 1



**Вовед**

Деветнаесеттиот и особено дваесеттиот век беа период во кој индустриската револуција одкорен го промени начинот на живот на човекот и влијание врз екосистемите на голем дел од планетата, развојот кој беше поттикнат од неа доведе до големи промени во начинот на живот на луѓето во сите сегменти на живеење. Верувањето беше дека човекот конечно се ослободува од стегите на природата и, со помош на технологијата и развојот, не само што ќе може да стане независен од природата, туку ќе може да ја управува сходно неговите желби и потреби. Зголемувањето на продуктивноста на трудот, зголемувањето на економската моќ доведе до појава на конзументаризам кој, од своја страна, побаруваше сè поголема потреба од искористување на повеќе суровини, ширење на индустријата со цел задоволување на растечките потреба на новото потрошувачко општество. т.н „Урбана револуција“,при која луѓето низ целиот свет се преселуваат во малите и големите градови (Ацески, 2.000), од друга страна, доведе до тоа големи површини да се пренаменуваат во градежни парцели за задоволување на потребите за домување и останата инфраструктура, како резултат на растот на бројот на население со урбаните средини.

Како последица на сè поголемата урбанизација, доаѓа до растење на градовите и прилив на голем број луѓе во градските средини, па,за краток временски период, некои градови преминаа во метрополи и агломерации кои надминуваат инеколку милиони жител. Сето тоа доведе до зголемен притисок врз животната средина, кој се манифестира во голем број еколошки проблеми чии своите негативни последици станаа видливи уште кон средината на дваесеттиотвек. Натрупувањето на овие проблеми ги насочи научниците, теоретичарите, како и властите да побараат излез од овие проблеми.

Како концепт кој нудеше излезни решенија во текот на осумдесеттите и деведесеттите години, сè повеќе се профилираше концептот на „одржлив развој“, кој денес не само што веќе не е концепт, туку е база врз која сите оние кои сакаат да обезбедат здрава средина, во комбинација со стабилен економски развој и социјална стабилност било на локално или централно ниво. Како најприфатена дефиниција за одржлив развој е дадена во извештајот „Наша заедничка иднина – од една планета до еден свет“, изработена од страна на Организацијата на обединетите нации во 1987 година. Оваа дефиниција одржливиот развој го дефинира како начин



кој „ги задоволува потребите на сегашноста, без да ја компромитира можноста на идните генерации да ги задоволат своите сопствени потреби“ (ООН, 1987).

Самиот модел, како што е дефиниран, е тридимензионален, односно е поделен на економски, еколошки и социјален дел, но со неговата сѐ поголема прифатеност инекои автори и институции истакнуваат дека е потребна негово допрецизирање, односно, поради комплексноста на современите проблеми кои ги третира, на концептот му треба и четврта димензија. Во таа насока, на третиот самит на локални и регионални лидери одржан во Мексико Сити во 2010 година, беше подготвена драфт верзија за дополнување на концептот со 4-та димензија, односно културата и управувањетокако составен дел на одрживиот развој.[1]Зголемениот раст на стапката на урбанизација е неизбежен резултат на развојот во текот на изминатите речиси два века. Ако во 1800 г. само 3% од населението живеело во градовите, во 2000 г. тој процент е 47% од населението кое живеело во урбани населби, а веќе во 2007 година овој процент надминал 50% (ООН, 2007). Овие тенденции се очекува и натаму да се задржат, со што градовите ќе се соочуваат со сѐ поголеми предизвици за задоволување на потребита на сѐ поголемиот број жители.

Градот како најсложен општествен феномен е предмет на интерес на многу научни дисциплини и е феномен кој ја прати речиси целата човечка историја, односно може да речеме дека „историјата на светот е историја на градот (Ацески 2003,59). Тие и денес, и покрај широкиот обем истражувања, одново поставуваат предизвици пред секоја од научните дисциплини ,која за свој фокусна истражување го има токму градот. Градот не е само прост збир на улици, инфраструктура, институции и друго, туку она што го прави толку комплициран за проучување се процесите кои се одвиваат во него на повеќе нивоа, односно како неговите жители од една страна го моделираат пулсирањето на градот, тоа што на еден град му го дава неговиот идентитет, од една страна, а од друга можностите на раст на истиот преку негов плански развој, кој треба да обезбеди услови за здрав и исполнет живот на неговите жители, односно, како ќе забележи Роберт Парк: „Градот е човеков најконзистентен и, во целина земено, најуспешен обид одново да го создаде светот во кој живее, поблизок до своите желби. Градот е свет кој го создал човекот,според тоа и свет во кој е осуден да живее. Така индиректно, без директна намера,

[1] http://www. agenda21culture. net/index. php/documents/culture-the-fourth-pillar-of-sustainability

создавајќи го градот, човекот одново се создаде и себеси. Градот е нешто повеќе од мешавина на колективна опрема, улици, згради, елекрично осветление, транвај, телефон.Градот, пред сѐ, е состојба на духот, збир на обичаи и традиции, воспоставени ставови и чувства кои се нераскинливо поврзани со овие обичаи и се пренесуваат со традицијата“ (Ацески 2003 стр. 13).





Темата на трудот е резултат на постојните предизвици со кои се соочува град Скопје во последните години, во сферата на урбаното планирање и еколошките услови на живеење. Иако на ниво на држава процесите на урбанизција се засилени преку силно изразено градење на станбени објекти кои отстапуваат од принципите на добро осмислено урбано планирање на просторот, тоа е најизразено и евидентно во случајот на град Скопје. Делумно експанзијата на градењето е резултат на силната миграција на население од останатите делови на државата во градот Скопје, што го отвора проблемот на силен моноцентричен развој на државата,кој го нарушува системот за рамномерен развој на национално ниво. Приливот на сè поголем број луѓе во градот врши притисок врз сите потсистеми во градот од инфраструктура, како шо се сообраќајот, снабдувањето со вода, енергетската сабилност, управувањето со отпад и сл, па сè до преку задоволување на низа други потреби за секојдневно функционирање, како што се рекреативни и културни потреби на населението. Процесот на транзиција и проблемите на речиси сите постсоцијалистички држави во регионот се присутни и во случајот на градот Скопје. Неконтролираните процеси на урбанизација кои се карактеристички за овие држави во најгруба и експлицитна форма се изразени во случајот на град Скопје. Понатаму проектот „Скопје 2014“, кој е контроверзен од многу аспекти, има свои консеквенци за севкупното живеење на градот, од аспект како тој се одразува на јавните простори во централното подрачје на градот, како и кои вредности ги произведува тој. Не помалку важни се и еколошките последици на истиот. Сето наведено погоре е од општ и јавен интерес за истражување, не само за лоцирање на причините и утврдување на постојните состојби, туку, преку користење на добри практики и теориски сознанија, постојните состојби да бидат надминати во насока на подобрување на состојбите за еколошко живеење преку институционални форми.



## 1. Предмет, цели на истражување и методолошка рамка

### 1.1.Предмет на истражувањето

Предмет на трудот се одржливи градови меѓу теоријата и практиката, со акцент на еколошката компоненти на урбано планирање и развој на град Скопје и колку тие се во насока на принципите кои се одраз на одржливост.

Со процесот на придвижување на Република Северна Македонија кон ЕУ, како дел од интерактивните процеси и хармонизирањето на нашето законодавство во законодавството на ЕУ, се наметна потреба од донесување правни акти кои произлегуваат од Директивите на Унијата и се обврзувачки за секоја држава членка и држава аспирант за членство, со тоа се наметна и обврската за државата сѐ повеќе во своето планирање да се потпира на принципите кои ги предвидува одржливиот развој преку кои се интегрираат, од една страна, потребите на граѓаните, потенцијалите и ресурсите со кои располага градот (природни, човечкии сл) и предвидените развојни тенденции кои во своите програми ги предвидуваат градските власти. Меѓутоа, она што е многу поважно од формално правен аспект, колку од практиките на одржливост се реално преземени во процесите наурбаното планирање. Централните прашања се однесуваат колку и во која мера, при планирањето и управувањето на градот Скопје, принципите на одржливиот развој се земаат предвид и во која мерка граѓаните го перципираат Скопје како еколошки град.

Трудот во првиот дел се фокусира на теоретските гледишта и расправи за градот низ историјата и денес, кои сѐ размилсли го условуваат развојот на градот, потоа какви сѐ трансформации доживува тој како социјален конструкт на човековата цивилизација од неговиот почеток сѐ до идејата одржлив,здрав и зелен град. Вториот дел на трудот се фокусира на градот Скопје и како и во која мера моделот на одржливиот град се применува од институционална перспектива, како и каков е ставот на граѓаните во однос на еколошките состојби, еколошкото планирање,но и перцепциите за иден развој наградот Скопје. Трудот обединува неколку научни дисциплини, како што се еколошка етика, социологија, урбано планирање и добро владеење. Ова произлегува од самата комплекност на проблемот на еколошко живеење, кои не може да бидат објаснети само од еден

аспект, туку секогаш се резултат на преплетување на низа социјални појави и практики,па оттаму и потребата од интердициплинарен пристап во истражувањето.

## 1.2 Цели на истражувањето и хипотетичка рамка

Цел на истражувањето еда се добие труд кој во себе ќе содржи теоретски и емпириски анализи на концептот на еколошки, урбан и одржлив развој на градот Скопје. Со тоа, трудот ќе обезбеди зголемување на знаењето од оваа област, која натака може да биде релевантнакако за теоретичарите, така и за локалните власти, но и за невладиниот сектор во областа урбанизмот, животната средина и одржливот развој.

Конкретните истражувачки цели на истражувањето се:

- Да направи преглед на релевантна литература и идеи за концептот на одржливи градови;
- Да изврши анализа на документитекои ги има градот Скопје и општините во склоп на градот Скопје,а се однесуваатт на животната средина и одржливиот развој;
- Да испита каков е ставот на граѓаните во однос на политиките на градот и општините во делот на урбаното еколошко планирање и одржливот развој;
- Да направи анализа за инситуционалната функционалност на ниво на општини за прашања од урбано планирање.

Следствено на насловот и целта, овој труд беше работен врз основа на хипотезата: Единиците на локална самоуправа на ниво на град Скопје се заинтересирани за примена на концептот на одржлив развој , во делот на еколошко урбано планирање, со анализа и почитување на принципите на одржлив развој во подготовка, донесување, спроведување на програмите кои се однесуваат на еколошко планирање на градотСкопје, со што би се постигнале целите на одржлив урбан развој на град Скопје.

Со цел постогнување на оваа цел, како понатамошно разложување на главната хипотеза, произлегуваат и останатите хипотези:



- Граѓаните се заинтересирани за процесите на урбано планирање во нивната непосредна околина;
- Информираноста на граѓаните има голема улога во квалитетот на урбаното планирање и живеење;
- Вклучувањето на граѓаните во процесите на урбано планирање е клучно за развој на добри урбанистички планови и постигање на принципите на добро владееење;
- Идниот развој на град Скопје мора да се базира на принципите на одржлив развој, со цел подобрување на квалитетот на живеење во град Скопје.
- Добро осмислените и спроведени урбанистички решенија произведуваат позитивни општествено-социјални промени.

### 1.3 Методологија на истражувањето

Во насока на постигнување на поставените истражувачки прашања, беа применети квалитативни методи, како и техники на истражување и прибирање податоци. За истражувачки цели беше употребен метод на квалитативна анализа на содржина на документи. Како анализирани документи се: Генерален урбанистички план на град Скопје 2012 – 2022, Студија за озеленување и пошумување на град Скопје, Студија за воспоставување зелени коридори, Отпорно Скопје, Стратегија за климатски промени. За оваа цел беше користен методот дескриптивна анализа на содржината на наведените документи. Понатака, како метод е користен методот на студија на случај, кој е неопходен со оглед на насловот на самата тема, а со цел да бидат објаснети што подобро процесите на база на добиени информации со помош на останати методи, како што се анкети и интервјуа, што ќе ни даде можност да се добие детална слика на третираниот проблем од граѓански аспект.

За истражувачки цели се применети методот анкети на граѓани, преку кој граѓаните ги изразија своите ставови во однос на работата на општините и градот Скопје во делот на заштитата на животната средина и урбанистичкото планирање, додека со метод на интервју на вработени во секторите за животна средина со општините, беше дадена институцискална димензија на третираното прашање. Направена е анализа на горе споменатите документи за четири општини и градот



Скопје,а во истите се спроведени и анкетите и интервјуата. Овие општини беа селектирани врз основа на следните критериуми:

- Населба Центар, како централна населба која е не само дел од самиот град Скопје, туку и како простор кој ги претрпе најголемите транформации во изминатите години како резултат на проектот „Скопје 2014“, преку преземање низа градежни активности на јавни простори кои имаат пошироко влијание врз општеството.
- Аеродром (Ново Лисиче) како населба која е во процес на силна урбанизација и губење на отворени јавни зелени простори.
- Чаир како населба со највисока густина на населениена ниво на државата.
- Сарај како населба која се наоѓа во крајниот дел на градот Скопје, а воедно располага со голем процент на јавен простори како компарација со претходните, како и колку се посветува внимание на истите теми;

Исто така беше направена анализа на користење на новите алатки за комуникација и информирање на граѓаните. Интерес на оваа анализа беше дали имаат функционални информативни веб-страници и колку граѓаните ги имаат на увид документите од животна средина, урбанизам, климатски промени и учество на граѓани во носење одлуки и колку истите се лесни за користење од страна на граѓаните.

За потребите на ова истражување, како примарни извори се користени резултатите добиени од теренските анкетирања на граѓани, спроведените интервјуа со вработени во општините. Како секундарни извори се: стратегии, документи и програми на град Скопје, со цел да се направи компарација помеѓу она што се планира на хартија, перцепциите на граѓаните за истите теми, но и капацитетот кој го имаат институциите за спроведување на програми од домен на урбано планирање. За компарација се наведувани примери од други градови кои, со примена на принципите на одржлив развој, доживуваат трансформации кои ги сместуваат овие градови во листите на најиновативни и одржливи градови.

## 2. Теориски позиции

### 2.1Развој на градот низ историјата

> *„Покрај јазикот,градот останува човеково најголемо уметничко дело.“*
>
> Луис Мамфорд,
>
> *Култура на градовите*

Градот, како најсложен општествен феномен, е предмет на интерес на многу научни дисциплини и е феномен кој ја прати речиси целата човечка историја, односно може да речеме дека„ историјата на светот е историја на градот“(Ацески 2003,59). Тие и денес, и покрај широкиот обем истражувања, одново поставуваат предизвици пред секоја од научните дисциплини која за свој фокус на истражување го има токму градот. Градот не е само прост збир на улици, инфраструктура, институции и друго, туку она што го прави толку комплициран за проучување се процесите кои се одвиваат во него на повеќе нивоа. Неговите жители, од една страна, го моделираат пулсирањето на градот, тоа на еден град му го дава неговиот идентитет, а од друга страна можностите на раст на истиот, преку негов плански развој, треба да обезбедат услови за здрав и исполнет живот на неговите жители,односно, како ќе забележи Роберт Парк, „Градот е човеков најконзистентен и, во целина земено, науспешен обид одново да го создаде светот во кој живее, поблизок до своите желби. Градот е свет кој го создал човекот, според тоа и свет во кој е осуден да живее. Така индиректно, без директна намера, создавајќи го градот, човекот одново се создаде и себеси, градот е нешто повеќе од мешавина на колективна опрема улици, згради, електрично осветление, трамвај, телефон. Градот, пред сè, е состојба на духот, збир на обичаи и традиции, воспоставени ставови и чувства кои се нераскинливо поврзани со овие обичаи и се пренесуваат со традицијата“(Ацески 2003 стр. 13). Воедно градовите, според Мамфорд „„имаат широк спектар на функции и служат на широк опсег на аспирации“ (Mumford 1961,1996). Тој, низ процесот на постоење, не претставува монокулурна творба, туку збир на



различни сегментарни култури кои, споени заедно, го создаваат градот како целина. За човекот кој живее во него, градот е перципиран на ниво на лична околина, на ниво на улица или соседтво, многу повеќе отколку на градот во неговата севкупност. Чалдаровиќ градот го опишува како целина која постои само како симболичка екстерна презентација, додека за Пушиќ градот се доживува на ниво на аспракција на целината или симболички (Pušić, Lj., 197,304). Симболиката на градската средина, претставена преку различни елементи било тоа да се природни елементи или создадени низ времето, претставуваат вредности кои имаат значење за оние кои живеат тука, симболичката идентификација воедно претставува и социјална интеграција на поединецот. Преку таа идентификација поединецот се идентификува во културолошка и/или социјална припадност кон одредена група. Просторот исполнет со симболи, историја, преземени и наследени вредности му го обезбедува на поединецот потребното чувство на припаѓање, идентификација во однос на другите, истовремено имајќи личен и колективен идентитет. Но, од друга страна, животот во градот доведува до промени на начинот на кој се одвиваат социјалните контакти, градот го ослободува поединецот од традиционалниот начин на социјално поврзување на ниво на крвно сродство и врзување на непосредното соседство и дозволува појава на поголема диференцијација во однос на начинот на живеење или, како што тоа го објаснува Вирт (Virth, 1958,145–151), големиот број на население доведува до зголемен степен на „поединечни варијации“.

Со самиот раст на градовите, тие, од една страна, се менуваат како внатрешно, како системи во однос на бројот на жители, а тоа понатака влијае и врз функциите кои ги добива или губи, релациите меѓу самите луѓе, соодносот меѓу групите, нивната територијална разместенот, урбаното планирање влијае на својата природна околина. Од друга страна, градовите директно ја менуваат и природната средина, оставајќи траен белег во просторот, тука се и главните предизвици за новата парадигма на одржливите градови. Како централно прашање се наметнува прашањето, како да се осмисли и редизајнира еден град земајќи ги предвид сите потреби на неговите жители од квалитетна животна средина, преку вработување, пристап до јавни услуги и добра, до задоволување на културни потреби во услови на ограничени ресурси и можности.



Ако се навратиме назад низ историјата, во прапочетоците на цивилизацијата, тогаш ќе стигнеме до неолитот како прва фаза на седиментарен начин на живот. За првпат од постоењето на човекот како вид, во овој период се преминува од номадски кон седиментарен начин на живеење. Секако, оваа промена била овозможена од самиот развој на човековото битие и неговите когнитивни способности. Во овој период се среќаваат прости форми на земјоделие и собирање на храна. Овој начин на живеење овозможил култивирање на нови видови земјоделско производство и, заедно со припитомените животни како стабилните извори на храна, овозможиле забрзан развој на човековиот род и се јавуваат првите органзирани населби во вид на села. Првично овие човекови заедници ги сочинувале припадници по крвно сродство или, како што тоа го дефинира, Мамфорд, заедништво вградено во „раѓање и место, крв и почва“. Со тек на време и под влијание на поголемата поделба на трудот и како последица на потребите од размена на стоки, од овие населби почнуваат да се издвојуваат населби кои имаат поинаква природа на фунционирање од селото. Во овие населби земјоделието и ловот не се примарен извор на опстанок, туку тие се повеќе места во кои се одвиваат размените на стоки. Сѐ поголемиот број вакви активности наметнува потреба да профилирање нови типови населби, кои ќе ја преземат фунцијата на организирање процеси од поинаков тип. Ако во селото луѓето како примарен извор за обезбедување на егзистенција ги имаат ловот и земјоделието, во новиот тип населби луѓето обезбедуваат средства за живот од вршење услуги, иако селото останува примарен снабдител на градот со храна и други производи кои не се произведуваат во градот, но се неопходни за негово функционирање. Зголемената потреба од производство на храна за потребите на градот довела до развој на други дејности, како што се занаетчиство, трговија, како и развој на дејности на админстрирање од друг карактер, како што се воено организирање, даночни служби и слично. Со ова биле поставени првите контури на градот како форма на живеење и фунционирање. Ако се анализираат податоците за локациите каде настануваат првите поголеми градови во човековата цивилизација, може да се забележи дека тие главно настануваатпо текот на речните долини. „До развој на градот дошло истовремено со усовршувањето на средствата за пловење од свежата трска или неколу поврзани балвани, па сѐ до чамецот на весла“, (Mumford 2006:75).



Градот е резултат на неговата географска условеност, односно тој е носител на средишните функции на еден регион, тие едновремено му ја даваат моќта на градот но, истотака, истите побаруваат организација на просторот и процесите. Затоа градот се јавува како носител на развојот. Оттука, при проучувањето на процесите во градот, неопохно е да се познаваат и земат предвид за анализа и физичките карактеристики на просторот во кој се појавува градот кој е предмет на истражување, бидејќи неретко се случува токму природните фактори да имаат директно влијае врз организираноста и функционалноста на градот,а со тоа и на социјалниот аспект на живеење и на квалитетот на живеење во него. Познавањето на овие параметри го даваат фундаментот во која насока и до кои граници еден град или метропола може да се шири и да црпи ресурси, без притоа да го загрози сопствениот развој или квалитетот на животната средина.

Непочитувањето на овие принципи доведува до развој на неодржливи градови. Како степен за влијанието кое еден град го има во еден регион, како показатели може да се земат: дневните миграции, времените миграции, трајните миграции кон или надвор од него, снабдувањето на жителите со потребните продукти и сервиси, комунална инфраструктура, густина на домување, квалитет на услуги и сл. За да бидат задоволени сите овие потреби, неоходен е процес на планирање на просторот или урбано планирање. Преку урбаното планирање просторот го добива значењето на животен простор на човекот преку односите на човекот и природата, бидејќи човековата интервенција во просторот и природата ја менува како нејзината структура, така и нејзината функција. Секако, просторот како таков има свои ограничувања, кои во случаи на неадекватни постапки доведуваат до нарушувања на еколошката, урбаната, социјалната и економска рамнотежа. Географскиот простор претставува определена територија со посебни климатско-географски карактеристики, како што се педолошки, хидролошки, климатски, вегетациски карактеристики, во кој се одвиваат различни видови човекови активности. Еколошкиот простор може да се окарактеризира како минимум просторво кој секое живо суштествоги остварува своите животни процеси. (Зиков,1994). За разлика од овие процеси, кои се детерминирани од биолошки и физичко географски карактеристики, просторот сфатен како категорија подложна на човеково планирање е физички зададен простор во кој човекот ги планира своите активности на начин кој ќе му

обезбеди услови за квалитетен живот како поединец и услови за раст и развој на ниво на заедница, во случајов градот. Односно, градот во просторот е резултат и производ на свесни активности на човекот во просторот. Просторот на градот е полидимензионален. Како свесно насочена дејност, градот има карактериостика на економска активност, културна активност, еколошка компонента и слично.

Урбаното планирање е постојан процес кој е поттикнат од миграциите на населението, концентрација на економски активности, структура на население, појава на нови облици на живеење и стилови, субкултури и слично. Овие активности е „неопходно да се насочат така што на секоја од нив да ѝ се најде местото како во однос на внатрешните потреби, така и во однос на спецификите на просторот (Мариновиќ Узелац,1986). Зголемувањето на урбаната густина во голем број градови покренува прашање за редефинирање на процесите и условите на домување, затоа градскиот простор сè повеќе се доживува како „тридимензионален микросвет на животни функции“, кои се во постојан процес на редефинирање и реобмислување. Планирањето на градот е планирање на социјалниот, јавен простор. За тоа да се постигне, треба да се исполнуваат услови како познавање на просторот со неговите физички карактеристики и ограничувања, познавање на корисниците на просторот и, секако, неопходна е јасна визија кон што се цели кога се почнува процесот на урбано планирање на определен простор, град, дел од самиот град, населба или соседство. Затоа сè повеќе станува јасно дека градот во иднина ќе биде она што луѓето ќе создадат од него. Она што е посебно забележливо во модерните пристапи кон урбаното планирање е траснформацијата на урбаните простори, со акцент на еколошките аспекти на урбана трасформација.

Просторот на градот е реален простор во кој егзисира човекот и, како таков, е детерминиран од природните особености на просторот, социо-економските услови на развој и вредностите кои човекот ги планирал и произвел каковредности на градот. Односот на човекот кон природната средина во процесот на планирање го дефинира непосредно односот на човекот сам по себе. Во крајна линија, градот е човекова создадена природа во кој тоја мора да живее. Урбаното планирање во таа насока мора да исполнува повеќе услови:

- да се утврди начинот на користење на урбаниот простор во однос на природните карактеристики,



- да се дефинира намената на просторот во однос на потребите на жителите,
- оптимално да се распоредат просторните системи за рамномернен развој,
- да се утврди оптималната разместеност за организација и можност за развој на населбите,
- правилна разместеност на функциите и објектите кои се од примарно значење за населението,
- заштита на природните и културните особености,
- да се обезбедизаштита од природни непогоди
- да се применат методи на урбано планирање кои опфаќаат можности за промени во развојот и функцијата на просторот.

Покрај условите на урбаното планирање, тоа има и принципи, како што се: интердисциплинарност, долгорочност, континуирано планирање, креативност, развојност, објективност, мерливост, критичност и сл. (Зиков,1994). Урбаното планирање на градовите денес ги надминува рамките на планирање на физичкиот простор како засебен од другите елементи, како што се еколошките рамки, социјалниот амбиент, економските прилики, бидејќи воочливо е дека не може да стане збор за успешно урбано планирање без да се земат предвид влијанијата кои секој од овие елементи ги има во процесот на планирање.

Релоцирањето на милиони луѓе на глобално ниво е постојан процес. Денешните предизвици со кои се соочуваат мега-градовите се комплексни, со оглед дека сѐ поголема популација се слева во нив и прогнозите одат во насока дека овој процес ќе продолжи и во иднина. Дали градовите се спремни да се соочат со овој притисок? Ова посебно се однесува на градските управи кои се носечки во делот на планирањето на градот. Односно, дали тие се спремни со доволно алатки, стратегии и принципи да можат да го преобразат градот во град ориентиран кон луѓето? Одговорот на овие прашања моментално е неповолен.

Моменталните практикина градските управи во најголем број случаи покажуваат дека градовите не се доволно спремни да ги разрешат проблемите како пренаселеност, загадување во прв ред на воздухот, недостаток на отворени функционални простори, како и нарушеност на естетски урбана композиции



како последица на непланска урбанизација. Ова е посебно случај со градовите во постсоцијалистиките држави. Подеднакво несоодветно е и управувањето со ресурси, како што се плодно земјиште, вода и слично. Неспремноста за справување со последиците од климатските промени кои се сѐ поевидентни, исто така ги прават градските средини ранливи. Сето ова придонесува кон намалување на квалитетот на живот на луѓето. Предизвик истотака е да се развие град кој ќе биде препознатлив по својата природа, со квалитетна инфраструктура и со план за одржлив раст и развој. Целта на одржливите градови е да станат „центри на постојани одржлив развој“, кој ќе им овозможи на илјадници и милиони жители да живеат здрав живот во еколошка смисла, а воедно да имаат можности за личен развој. Единствената константа на градовите низ историјата е нивната постојана промена. Тие се преобразуваат, повторно се издигааат, добиваат нови функции. Неопходно, истотака, е да се препознаат потребите на луѓето пред истите да станат проблем и истите да се пресретнат со адекватни планови кои ќе се реализираат согласно потребите. За еден град да биде посакувано место на живеење, исто така треба да се има предвид и да се обрне внимание како се планираат и развиваат соседствата. Тие треба да поседуваат личен идентитет, да бидат мултидимензионални, да нудат квалитетно и достапно домување, да имаат пристап до образовни и здравстени институции, транспорт и други потреби кои се одлика на урбано живеење. Недостатокот на овие одлики, во комбинација со несоодветен јавен и добро организиран траспорт, доведува до зголемена употреба на автомобили, што пак отвора низа други проблеми, додека правилното урбано планирање,со сите потребни елементи, може да предизвика подигање на интересот за живот и во соседства кои претходно не биле толку атрактивни за живеење, посебно доколку станува збор за мигрирање град – град.

За да може еден град да се преобрази во насока на одржлив и здрав град, треба да го преиспита начинот на кој истиот град се гради и да се направи анализа за тоа како земјиштето се користело и на истото се градело во минатото. Ова во прв ред е обврска на градските управи. Градските управи треба да направат рамки за урбан раст и развој и притоа да ги преземат сите активностипреку кои ќе се добие реална слика за состојбите со урбаниот простор и квалитетот и начинот на негова искористеност. Воедно јавноста треба да биде вклучена и свесна дека начинот за стабилен урбан раст и развој на долг

рок ќе донесе позитивни промени и ќе обезбеди подобри услови за живот. Ова е потребно со оглед дека често се случува градските управи да излезат со план за урбана регенерација или гентрификација и истиот план да наиде на отпор и неприфаќање од страна на јавноста. Како услови кои треба да се земат превид при ваков вид планирања, треба да се имаат потребите кои се јавуваат како последица на популациски раст (независно дали се работи за природен или миграциски раст), притисокот на растот на население врз животната средина т.н. „носечки еколошки капацитет" на одредена локација или простор и потребата од носење мерки кои може да вклучуваат мерки за квалитет на живот (конзервирање на одреден природен простор, еколошко реставрација, забрана за градби над одредена висина), мерки за обезбедување инфраструктурни подобрувања.

Градовите кои бележат раст на популација се соочуваат со потреба од постојано планирање за задоволување на потребите на поголем број луѓе. Еден од проблемите со кои се соочуваат во просторното планирање е моментот дека миграцијата во еден град може да се одвива во постојни урбани јадра. Ова, од една страна, е можеби најлогичен избор со оглед на тоа дека се зголемува популацијата на веќе урбанизирано земјиште и економски исплатливо, со оглед на тоа дека веќе постои и изградена патна, енергетска и санитарна инфрастуктура. Но, тоа може да има последици врз квалитетот на живот во однос на пренаселеност, бучава, зголемена потреба од вода и енегија, недоволно зелени површини, загаденост на воздух. Втора опција е населувањето да се насочи кон населби кои не се високо урбанизира, но имаат „носечки еколошки капацитет" и обезбедуваат поздрав начин на живот. Предизвикот во овој случај е како да се обезбеди брз и ефикасен траспорт на населението, со минимален притисок врз природата (градење патна, енергеткса и санитарна инфраструктура).

Еден од главните проблеми со кој се соочуваат градовите, покрај инфраструктурните проблеми, се проблемите на квалитетот на животната средина. Секој град или регион има еколошки ограничувања, односно колкав е бројот на жители кои тој простор може да ги „опслужи" во однос на природните ресурси, како што се земјиште, вода, воздух, а притоа истите ресурни да не бидат загрозени. Најчесто нарушувањата на овие медиуми се последица на натпросечниот број население кое е распоредено во одреден простор и



неадекватната урбанизација. За еден град или регион може да зборува за оптимален или одржлив раст и развој, само во случај кога е воспоставен баланс помеѓу еколошкиот капацитет на регионот или градот и бројот на популација во истиот.

Брзиот раст на милионските градови, во комбинација со сè поголемата индустријализација, придонесе прашањата за нарушувањата на животата средина да се наметнуваат како глобален интерес. Формирањето на агломерации, конурбации како процеси на брза неадеквата урбанизација се посебно проблематични за земји кои не се доволно економски развиени, бидејќи, со процесот на мигрирање, се јавуваaа проблеми на домување, невработеност, несооветна урбанизација. Ова е последица на немоќта наградовите и државите да обезбедат квалитетни услови за живеење во однос на бројноста на население, што директно се одразува на севкупните процеси во градот. Како аспекти на загадување се загадувања на воздухот, водата, светлосно, звучно и визуелно загадување. Некои од нив имаат физичко, додека дел имаат психолошко влијание врз човекот.

## 2.2 Еколошки предизвици на градовите

2.2.1 Загадување на воздух или аерозагадување– е едно од најевидентните проблеми со кои се соочуваат градските средини. Изворите на загадување може да се поделат на извори од природно и извори од антропогено потекло. Како природни загадувачи на воздухот се последици од вулкански ерупции, пренос на фини честички на песок и прав од сушни подрачја и слично. Атропогените загадувачи, од друга страна, имаат поголем импакт, долготрајни се и имаат повеќе извори на загадување, како што се сообраќајот, индустријата, согорувањето на горива, затоплување на домаќинсквата и друго. Како посебно опасни по здравјето на населението се т.н. П.М. честички во урбаните средини. Според податоците на СЗО, во 2005 година дури 89% од градското население било изложено на определен вид аерозагадување (Brauer etal.,2012). ПМ 10 честичките се испуштаат од затоплување на домаќинства и индустриски капацитети, додека како извор за ПМ 2,5 честички се возилата и согорувањето на дрва (Shah & Balkhair, 2011). Според СЗО, како последица од загадување предвремено годишно умираат околу 800.000 луѓе (Brauer, et al., 2012).

Ефектите на долготрајна изложеност на аерозагадување е предмет на истражување на европска студија за аерозагадување (The European Study of Cohorts for Air Pollution Effects (ESCAPE). Низа логитудинални студии кои биле направени покажале на директна врска помеѓу низа здравствени нарушувања како што се предвремена смртност и зголемена смртност од кардиоваскуларни заболувања (Beelen et al., 2014), белодробни заболувања (Nielsen et al., 2013), белодробни заболувања кај деца (Gehring, et al., 2013). Некои од анализите во истата студија покажале дека секое зголемување на 5 микрограми на метар кубен на ПМ 2.5 честички, го зголемува ризикот на канцер на белите дробови за 18%,а секое зголемување од 10 микрограми на П.М 10 честички за 22%. Исто така, анализата покажала дека нема минимално ниво на загадување со микрочестици кое не предизвикува некој вид заболување (Raaschou-Nielsen et al., 2013). Кога се зборува за причините за висока концетрација на аерозагадување, исто така треба да се има предвид дека интензитетот на загадување на воздухот, покрај другото, зависи и од природните карактеристики во кои се лоциран градот, потоа локацијата на изворите на загадување (позициите на индустриските комплекси како потенцијални загадувачи, на пример), степенот на проветрување, ружата на ветрови, периодите на тишини и сл. Неопходно е да се преземат мерки за намалување на емисиите на гасови во атмосверата кои придонесуваат за ефектот на стаклена градина, со цел да се влијае врз намалување на глобалното зголемување на темпераурите. Квалитетот на амбиенталниот воздух е исто така показател за квалитетот на живот во еден град, кој има директно влијание врз јавното здравје на популацијата. За да се постигне квалитетен амбиентален воздух, управите мора да ги ограничат одредени активности од индустријата, градежништвото, па и намалување на градската густина, како би можел одреден басен или котлина да има еколошки капацитет за потребите на населението.





Сл 1. Смог во Скопје,2018

2.2.2 Водата како ресурс станува исто така проблем со кој се соочуваат голем број светски градови. Пренаселеноста на големите градски средини често доведува до недостиг на квалитетна употреблива вода за пиење. Растот на населението, зголемувањето на обемот на индустријата исто така побаруваат зголемена потреба од достапност до овој ресурс, која истовремено сѐ повеќе и се загадува доколку не се третира правилно во процесите на индустриско производство. Ова е посебно проблематично доколку водните ресурси не се користат рационално, па во голема мера се загрозува идното стабилно снабдување на населението со вода. Зголемената индустријализација и популација доведе до енормно загадување на водата во минатото. Санитарната вода, како и водата од индустриските капацитети, во минатото често била испуштана без соодветно третирање, за разлика од сега кога овој тип води пред нивното испуштање се третираат преку различни процеси пред да бидат испуштени во водените текови. Водната инфраструктура е важен елемент на градските средини. Евидентен е бројот на градски управи кои спроведуваат проекти за еколошка реставрација на водните елементи во градовите, како што се запуштени речни делови, заезерени површини или блатни региони. Ова покрај тоа што има визуелен ефект, делумно е во рамките на решенијата за справување со климатските појави. Воедно, ваквите зафати претставуваат и поттик за економски раст (Boyer and Polaksy 2004). Не помалку важно за градските средини е како се справува со водите кои се резултат на обилни врнежи и каква е инфраструктурата преку која овој вид вода се одлага како не би предизвикал штети. Со оглед на фактот дека најголем дел од градските

површини се непропустливи (асфалтни и бетонски површини), градовите треба да имаат добро развиени системи за одвод на дождовна вода, која пак понатаму може да биде каптирана и употребувана во други цели, на пример, наводнување на јавни зелени површини. Исто така не помалку важен аспект на водните екосистеми во градот е позитивното психолошко влијание што го имаат врз луѓето. Во студиите кои се поврзани со пејсажни вредности, испитаниците секогаш преферираат пејсажи кои вклучуваат водни елементи, независно дали станува збор за езерца, потоци или фонтани (Ulrich 1993). Секако, еден од предизвиците за добро управување со води во урбани средини се и климатските промени, од кои се очекува да доведат до промени на водните режими, а со тоа и програмите за управување со води треба да бидат ревидирани како од ниво на водоснабдување, така и на ниво на пречистување, реупотреба и правилно третирање на водите во иднина.



Слика 2.Реката Мисисипи,Минеалопис,САД[2]

2.2.3Светлосно загадување – една од карактеристиките на високата урбанизираност е и зголемената употреба на вештачко осветлување. Деветнаесетиот век претставува првиот период кога почнува зголемената употреба за вештачко осветлување. Во предходниот период осветлувањето главно се сведувало на осветлување од гасни ламби или факели. Од самиот почеток на цивилизацијата човекот имал потреба од осветлување. Истото на

[2]Извор: National Park Service – Mississippi National River and Recreation Area

почетокот човекот го добивал од огнот, околу кој се собирале членовите на племето или групата, светлината на огнот овозможила да ни останат записите во пештерите кои се првите записи во вид на цртежи за текот на историјата. Првите ламби за ноќно осветлување се појавиле во периодот  на Сумерската цивилизација и, по обликот и функционирањето, останале речиси неизменети неколку милениуми подоцна. Обиди за воведување улично осветлување имало во Париз во 1367 година и Лондот во1415 година, кое се состоело во осветлување на главните улици во градовите во определени периоди од ноќта (Mizon,2012). Вистинската промена во масовната употреба на вештачкото осветлување дошла многу подоцна, односно со контрукцијата на првата светилка од страна на Едисон и влегувањето во употреба на наизменичната струја. Со овие технолошки промени доаѓа и до целосна преобразба на урбаните средини. Денес е сосем незамисливо фунционирањето на градовите без системите на улично осветлување и светлосна сигнализација, меѓутоа и на прекумерната употреба на светлина за друга намена. Веќе нема потреба да ги ограничуваме нашите лични активности во однос на дневната светлина, истото се однесува и на индустријата, сообраќајот. Вештачката светлина го промени начинот на кој сме фунционирале во текот не само на човечката цивилизација, туку и на биолошко ниво. Ако во минатото човекот можел да се восхитува на ѕвезденото небо и Млечниот пат, денес тој природен спектакл е протеран од градот и на негово место се светлата на големите градови. Сите градови, без исклучок, го сметаат силното улично осветлување за една од одликите на високо урбанизирана и сигурна средина, па не зачудува моментот дека не само големите градови, туку и помалите места, посебно во високо развиените држави, се силно осветлени во текот на целиот ноќен период. Денес децата, дури и на голема оддалеченост од големите градови, растат без можност да го видат Млечниот пат, ќе заклучи Парс (L. Purves, Townsand coutry,1999). Во која мера вештачкото оселување е дел од денешниот свет, може да заклучиме од едноставно прегледување на сателитските снимки кои ги покажуваат концентрациите на оселувањаво определени делови на планетата, посебно развиените агломерации на Западна Европа, Североистокот на американскиот континент и растечките градови во Азија. Ова се должи во еден дел на потребите на производството, сообраќајот, безбедноста, делумно на изменетиот начин на живеење, а делумно и на употребата на осветлување во естетски или



економски цели. Меѓутоа, сè повеќе се покренуваат дебати за влијанието на вештачкото осветлување и неговото влијание врз живите организми и човекот. Ова во одредена мера може да го доведеме во корелација дека секое неприродно опкружување нервниот систем на човекот го доживува како оптоварување и стресна состојба. Загадувањето на светлината е оптоварување на просторот исто како што оптоварувањето со звук, јаглероден диоксид, итн. Негативните последици се бројни и во нив спаѓаат деградацијата на живеалиштата на одредени видови птици, животни и растенија поради вештачка светлина.

Оптоварувањето со светлина во затворен простор е менување на нивоата на светлина во внатрешна средина, а вештачките извори на светлина може да предизвикаат последици по здравјето и психолошките сосојби на луѓето. Ова посебно се однесува доколку организмот е изложен на светлина во текот на ноќта. Имено, во текот на ноќта организмот го обновува нивото на хормонот мелатонин кој игра улога во подигање на имунолошкиот систем, ослободување на телото од радикали и заштита од канцерогени заболувања. Неговата обнова се случува во циклус од 24 часа. Доколку дојде до изложување на организмот на осветлување во периодот кога телото треба да ги обнови резервите на истиот, циклусот се инхибира, што директно влијае врз биолошките процеси во човековиот организам  (Lockley, S. 2009).

Марио Мота за неподобното јавно осветлување забележува: „...блесокот од лошо осветлување е опасност по здравјето на јавноста, особено за постарите лица. Расветлувањето предизвикува губење на контрастот и води кон небезбедни услови за возење. Во суштина, светлите и/или лошо проектирани светла околу патиштата можат делумно да го намалат видот на возачите или пешаците и да придонесат за несреќи“. Исто така, ваков вид прекумерна употреба на осветлување воедно претставува и оптоварување на енергетските системи во градовите и финасиски трошоци за градовите.





Слика 3. Светлосно загадување,Хонг Конг

2.2.4 Загадување од бучава – доаѓа како последица на големата концентрација на индустриски објекти, густ сообраќај, како и од апаратите во домаќинствата. Тоа претставува како физичко, така и психолошко оптоварување на човекот, но и на останатите видови. Надвор од градските средини овој вид загадување може да се јави во големи индутриски комплекси, како што се рудници, сообраќајници и слично, со што директно влијае врз екосистемите и разместувањето на животинските и растителните видови. Загадувањето од бучава, или уште дефинирано и како еколошка бучава, е резултат на модерното живеење на кое сме константно подложени во текот на речиси целиот ден. Како последица на константна изложеност на бучава, посебно во густо населените урбани средини, кај луѓето може да се причина за појава на низа психолошки промени, како што се стресови, психози и слично. Бучавата, исто така, може да предизвика промени во работата на кардиоваскуларниот систем, острината на слухот или промена на хормоналниот статус на организмот. Роберт Кох, добитник на Нобелова награда, во еден наврат ќе каже:„Човекот ќе мора да се бори со бучавата исто како што се бори против болестите и заразите.“Роберт Барон (R. Baron) во својата книга „Тиранија на бучавата“, наведува дека „о рганизмот на човекот не се прилагодува на бучавата, туку ја трпи и затоа плаќа одредена цена“ (цитирано во Селмани, А. 1994). Заедно со аерозагадувањето, одлагањето на комунален отпад, густиот сообраќај и намалувањето на зелените површини, загадувањето од бучава е едно од најголемите проблеми кои се јавуваат како негативни елементи на урбаното живеење во градовите денес.

2.2.5 Визуелно загадување – се однесува на влијанието кое го имаат определени елементи во просторот, кое ја нарушува потребата на еден човек да може да ужива во еден отворен простор. Како елементи на визуелното загадување се: маркетинг паноа, реклами, антени, електрични жици, згради, автомобили. Пренатрупаноста на еден простор со многу елементи предизвикува визуелно загадување во вид на оптоварување на човекот. Ефектите од долготрајна изложеност на визуелното загадување вклучуваат: замор, замор на очите, намалување на разновидноста на мислењето, губење на идентитетот и слично. Обично градските власти јавниот простор под нивна надлежност го сметаат за простор од економска вредност, така што преоптоварувањето на просторите со реклами елементи не го перципираат како проблем. Со преоптоварување на просторот во вакви елементи, не само што не се постигнува целта, туку просторот станува визуелно хаотичен, без изразен идентитет, еколошки деградиран и напорен за подолготраен престој.




Слика 4.Визуелно загадување, Токио, Јапонија

Начинот на градење градови во моментот оди во насока за искористување на слободно површини за подигање објекти во самиот град или во околината на постојните објекти. За да се избегне загубата на земјоделски поволно земјиште, природни живеалишта, јавни зелени површини, како и природни пејсажи кои може да се јавно добро, градските управи треба да направат реевалуцаија на површините и да одредат на кои локации може да се подигаат нови објекти, а на кои треба да има строга забрана за градба. Колку и

овие мерки да се непопуларни, балансот помеѓу овие природни елементи и бројот на население мора да биде во корелација како би можело да се зборува за преобразба на градовите во одржливи и здрави места за живеење. Овој вид на планирање од една страна ќе го зголеми еколошкиот капацитет на одреден град или регион, а од друга ќе има позитивно влијание врз јавното здравје. Во текот на 20-тиот век луѓето сè повеќе почнаа да ја препознаваат и потребата од урбано планирање и градење на градовите, од аспект на тоа какви врски се формираат помеѓу луѓето и објектите, какви социјални врски создаваат градовите, кои сензорни квалитети ги побудуваат градовите или одередени нивни делови кај луѓето. Теоретичарот Кевин Ланч (*Kevin Lynch)* се бавел со овие прашања во периодот од 50-тите до 80-тите години на минатиот век и забележал дека има одредени заеднички квалитети за „успешни градови“. Според него, овие квалитети треба да бидат земени како „норми“, во насока на кои треба да бидат дизајнирани градови насекаде. Овој приод тој го нарекува „Нормативна теорија на планирање на град“, ова оди во спротивна насока со тогашните тенденции на планирање на градовите како фрагментарно градење, едно функционални делови. Според Ланч, овој пристап на планирање е ограничувачки и лошо планиран во однос на квалитетот на живот кој треба да се постигне, како и фунционалност на доброто пранирање на градот. Како најдобри примери за градови се оние кои со својот „карактер“ оставаат впечаток и сеќавања, а воедно во себе ја имаат и фунционалноста на добра осмисленост кон потребите на човекот.






Слика 5. Елементи на град, според Кевин Линч

Ова е важно не само од аспект на удобност, туку има економски придобивки. Градовите кои се пожелни имаат моќ на привлекување и бележат економски раст, повисок квалитет на живот, даваат можност за развивање на нови идеи, нови видови сервиси и бизнис идеи. Потпирајќи се на овие принципи, можно е еден град да се развива одржливо дури и во случај кога се соочува со зголемување на населението. Самата потреба и интерес, дури во крајна линија да е тој економски и како таков е препознаен од јавниот и приватниот сектор, доколку се базира на еколошки принципи, може да доведе до балансиран градски развој кој е одржлив.

## 3. Градот во ера на глобализација

Градот, како една негова природна особина, ја има и неговата хетерогеност која е последица на различните културни групи кои го населуваат и го дефинираат или менуваат идентитетот на еден град. Посебно е битно да се види како различните групи коегзистираат во еден град, бидејќи од видот и „квалитетот“ на овие врски зависи и севкупниот развој на градот. Кога зборуваме за идентитет, подразбираме определен склоп вредности кои се карактеристични за определна група луѓе, но под овој термин исто така може да

го подразбереме сето создадено како систем на вредности во урбаниот простор, како што се архитектурата, плоштадите, уличната уметност, системот на зеленило во градот и слично. Колку е подолго опстојувањето и постоењето на еден град, толку повеќе вредности тој продуцира и толку се повидливи интервенциите во урбаниот простор од страна на луѓето. За идентитетот на градот можеби е подобро да се зборува како динамичка категорија, во која идентитетот на градот додава слој врз слој во своето битисување и секој период на негово постоење и секоја генерација додава нешто во истиот. Идентитетот на градот го создаваат и различните групи кои со своите различни национални, верски и културолошки обележја и јавното покажување на овие особености во урбаниот простор, преку архитектура или други културни форми му даваат специфика на еден град.

Идентитетот на градовите во денешно време, посебно кога станува збор на големите градови или главните градови, непосредно трпат влијание од процесот на глобализација. Постидустриската ера и глобализацијата се процеси кои директно влијаат врз големите градови. Глобализацијата се јавува како последица на развојот на технологијата и отстранувањето на границите за економски активности. Ако се земе предвит и развојот на комуницисните технологии, тогаш со право може да се каже дека светот станува вмрежен систем кој го диктира нивото и насоката на развој. Според Турек (1999), глобализација е и социјален процес кој тежи кој сеопфатност и единственост на светот. Глобализациата влијае и врз релациите на луѓето и нивниот начин на гледање на работите. Луѓето почнуваат за размислуваат на „глобално ниво“. Оваа идеја исто така се однесува и на „смалување“ на светот, но на јакнење на свеста за светот како целина (Робертсон, цитиран во Милардович,1999).

За глобализацијата во целост како процес може да речеме дека е очекуван процес како резултат на науката, технологијата, потребата од слободно движење на капитал и идеи. На процесот на глобализација, некои автори како Сен, гледаат како на процес на вестернизација, односно како придонес на западната цивилизација за светот воопшто. Меѓутоа, други автори на процесите на глобализација гледаат како на процес преку кој се уништуваат малите културни идентитети, а, преку ширењето на западните вредности, гледани низ призма на конзументаризам и економски профит и како процес на уништување на еколошките вредности. Во доминантниот дискурс



„глобалното“ означува политички простор каде доминантниот локален субјект се стреми кон глобална контрола, при што самиот себеси се ослободува од одговорноста за ограничувања, кои прозилегуваат од императивите на еколошката одржливост и социјалната правда. Во таа смисла „глобалното“ не претставува општочовечки интерес, тоа претставува конкретен, локален, парохијален интерес и култура (Шива 2007;117,цитирано во Ацески 2014;59). Оттука произлегува и потребата за критиката на глобализацијата како етички процес.

Ако во минатото глобализацијата беше сфатена во економска и политичка димензија, последните децении сè повеќе се јавуваат новите димензии, како што се еколошка, културна, социјална димензија на глобализацијата. Формите на овие димензии се забележливи преку разните организации за заштита на човековите права, права на децата, заштита на животните и слично, кои се организираат на наднационално ниво. Ако тргнеме од гледиштето според кое глобализацијата значи прифаќање на „западни вредности“ на отворен пазар, капитализам и конзументаризам, тогаш неопспорно е дека овој процес има свои еколошки последици. Поевидентно е дека капиталот е концентриран кај мал процент население, додека ресурсите и можностите на сиромашните држави се сè помалку. Глобалната економија, која е детериторијализирана како резултат на комуникациските технологии, а е диктирана од законитостите на капитализмот, побарува евтини ресурси и евтина работна сила. Компаниите, во услови кога може слободно да го преместуваат својот капитал, обично како места за инвестирање ги одбираат оние држави каде има ниска цена на труд и не толку строго почитување на правила за чиста технологија, бидејќи често новите чисти технологии побаруваат високи инвестиции. На овој начин се создава нов тип на колонијализам во кој подредените, сиромашни држави, не само што немаат економска добивка, туку стануваат локации за ресурси и евтина работна сила. Оваа економска зависност ги става овие држави во кругот на сиромаштијата, во кои понатаму речиси е невозможно да се размислува за прашања за штетните влијанија врз средината или здравјето.

Глобализацијата како процес секако поставува и одредени барања. Како дел од нив се постојаното вложување во знаења, развој на нови технологии. Секое едно општество кое не вложува доволно во овие процеси или не ги следи

трендовите почнува да заостанува. Секако, глобализацијата има и свои последици кои се посебно видливи во градовите, а тоа се: урбаната невработеност, инфраструктурата, еколошките и социјалните проблеми. Овој процес во иднина во многу нешта ќе го видоизмени градот. Градовите сè повеќеќе стануваат центри во кои се акумулира знаење и ќе се генерираат нови идеи, концепти и индустрии. Имајќи предвид дека знаењето станува едно од базичните ресурси за развој, градовите ќе ја зголемуваат конкуретноста токму во овие домени, односно сè повеќе индустрии ќе се формираат како индустрии на знаење. Со оглед на сè поголемото навлегување на информациските и комуникациските технологии градовите ќе доживеат и промена во социјална и политичка смисла. Во таа насока глобализијата ја има моќта да предизвика социјални и политички и реорганизации како на микро, така и на макро ниво.

Имајќи предвид дека глобализацијата ја дава моќта за ослободување од просторна зависност, сè поголем број луѓе се очекува да работат од дома, како и да расте начинот на кој луѓето купуваат. Ова високо ниво на поврзаност секако ќе се одрази и на начинот на меѓусебна комуникација. Од една страна овој начин на живеење може да доведе до намалување на персоналниот контакт на луѓето меѓусебе, но од друга едновремено претставува можност за поврзување со луѓе кои имаат слични интереси и размислувања. Новите форми на живеење истовремено побаруваат и нови начини на обмислување на урбаниот градски простор, бидејќи урбаното планирање како процес значи и пресретнување на новите урбани процеси и реобмислување на урбаниот простор со склоп со новите тенденции, од една страна, но и со задржување на идентитетот на урбаниот простор со форми кои ќе ја избегнат замката на хомогенизација и униформност на јавните урбани простори. Ако на почетокот на процесите на глобализација расправите одеа во насока дека ќе дојде до исчезнување на локалните културни особености, процесите отидоа во друга насока, односно, како што вели Рут, „социокултурните консенквенции од глобализацијата дојдоа како изненадување, блиската врска помеѓу растечкиот универзализам и неговата спротивна страна, зголемената „'етнизација"". (Routh. J. 1998: 92). На ова може да го надоврземе и размислувањето на Пушиќ, според кој, како антипод на глобализацијата, се појавува одбранбен механизамкој ја зачувува виталноста на посебната градска заедница преку културна локализација (Pušić, 2001:85). Кулурната локализација ги прифаќа културните различности, глобалниот град е



составен од различни културни суптанци, некои од нив ќе се асимилираат, додека некои ќе произведат нови културни облици. Локалните културни традиции не само што не покажуваат знаци на повлекување пред глобалните процеси, туку им даваат можност за пошироко изразување на своите локални специфичности, кои на многу места низ светот, во процесите на регенерирање на јавните простори, се вметнуваат елементи на традиционалната култура и архитектонски елемени кои се карактеристични за одредена култура преку која се обезбедува автентичност и препознатливост.

### 3.1 Предизвици на градот во 21 век

Кога се зборува за еколошките предизвици пред кои се исправени градовите на денешнината, како еден од главните проблеми е дали растот на градовите може да го наруши или не квалитетот на животната средина. Од една страна се размислувањата дека зголемувањето на урбаната густина доведува до исцрпување на еколошките капацитетот во просторот во кој се развива градот и како таков претставува закана за опстојувањето на екосистемите и квалитетот на живот на луѓето. Но, од друга страна постојат и различни размислувања дека растот на градот не мора воедно да значи дека ќе има директни штетни влијанија врз околината. Брзиот економски развој на азиските градови, посебно кинеските и индиските градови, во последните децении се пример како индустрискиот развој доведува до нарушување на квалитетот на средината. Од друга страна, голем број градови се пример дека и покрај растот,може да се направат промени кои одат во насока на заздравување на околината и подигање на еколошкиот квалитет на средината во нив. Примерите на американските градови, како што се Њу Јорк,Чикаго и Питсбург, кои во текот на 19 и 20 век биле индустриски јадра со високи концентрации на загаденост, се показател дека со обмислени програми овие прилики може да се променат (Кан,2006).

Економскиот раст и развој не може да продолжи да се развивиа доколку не се земе предвид нераскинливата врска која постои меѓу економскиот раст и еколошкиот квалитет на урбаните средини. Ова е посебно важно со оглед на тоа дека градските средини ќе бележат сè поголем број на жители. Затоа сè почесто градовите промовираат концепти на „зелени градови“. Зелените градови се

карактеризираат со чист воздух, голем број јавни зелени површини, развиваат програми за борба со климатските промени, нивото на јавна свест за значењето на околината е високо. Исто така, зелените градови водат сметка за „еколошкиот отпечаток“, односно каков е стилот на конзументаризам за жителите и колку јаглерод диоксид се испушта во средината. Втемелено на овој приод е и следењето на здравјето на луѓето во однос на нивото на загаденост, односно болести предизвикани од изложеност на загадени медиуми, како што се вода или воздух. Од аспект на домување зелените градови водат сметка за цените на недвижностите во различни делови на градот и околината и на тој начин ги детектираат причините зошто едни делови или населби се попожелни за живеење во однос на други, посебно ако како причини се наведени еколошките фактори (чист воздух, пристапност со зелени површини, намалена бучавост).

Еден од начините да се утврди колку еден град е здрав за живеење е преку мерење на урбан еколошки квалитет. Овој пристап се темели на мерење на потрошените суровини и произведените отпадоци кои имаат влијание врз средината (јаглероден диоксид, пакувања и сл). Оваа алатка е применлива како на микро, така и на макро план, односно може да даде потребни податоци кои се однесуваат од ниво на домаќинство до ниво на град. Параметрите кои се добиваат преку оваа алатка даваат слика за тоа колку еден град се однесува одржливо во однос на потреби-потрошувачка-ресурси. Со оглед на тоа дека моментално развиени општества се конзумеристички општества и дека се очекува раст на новите економии во Азија, како што се Кина, Индија, треба да се очекува дека притисокот врз природните ресурси на планетата ќе се зголемува паралелно со бројот на жители, урбанизацијата, растот на економиите.

Тим на истражувачи, под водство на Матис Вакернагел (Mathis Wackernagel), спровеле истражување на глобална потрошувачва во шест категории: земјоделски култури за исхрана, храна за животни, индустриски влакна, масло и гума, рибарство, развој и одржување на домување, траспорт, индустриско производство и хидроенергија и согорување на фосилни горива. Потоа вршеле пресметки колку површини се потребни да се спроведат овие активности и колку да се апсорбираат отпадоците од искористените производи. Врз основа на нивниот пристап, тимот заклучил дека човековото оптоварување

врз носивоста (капацитетот) на планетата за задоволување на моменталиот начин на живеење одговара на 70% од капацитетот на биосферата на планетата во 1961 година и 120% во 1999 година. Голем дел од ова се должи на зголемувањето на потпрошувачка на фосилни горива во овој период. Ако во 1961 на оптоварувањето на средината согорувањето на фосилни горива изнесувало 25%, во 1999 година тоа преминало 50% (Mathis Wackernagel et al 2002)[3].

Во литературата може да се сретне терминот на „кафеави“ градови, како антипод на „зелен град“ или здрав/нездрав град. Истражувачите кои се бават со зелените градови, а поаѓаат од влијанието на загадувањето врз здравјето на луѓето, тргнуваат од претпоставката дека изложеноста на загадени медиуми влијае врз здравствената состојба на населението, посебно ако дојде до нагло зголемување на определени видови заболувања на определна територија, а притоа да опфаќа лица кои се од различни категории (пол, возраст, етничка припадност). Меѓутоа, за да се дојде со цврста корелација за ова тврдење, тие предвид земаат и други фактори, како што се степенот на сиромаштија, достапноста до здравствени услуги, навики на прехрана и сл. За да може да се дојде до сигурни заклучоци со кои може да се тврди дека одредени заболувања се поврзани со одредени процеси (индистрија, сообраќај, градежништво), некои истражувачи спроведуваат т.н. „природни експерименти“.

Мајлк Рансом (Michel Ransom) и Арден Поп (Arden Pope) искористиле еден таков случај за да покажат како изложеноста на загаден воздух директно влијае врз здравјето на луѓето. Имено, тие во 1995 година го искористиле штрајкот на работниците во една челичарница која се наоѓала во долина во Јута,САД. Ова им дало можност да ги измерат директните влијанија на воздухот во околината на објектот и да ги компарираат со податоците за квалитетот и влијанието на воздухот со долина во близина која им служела како „контролен“ простор. Тие ги анализирале податоците од блиската болница и дошле до заклучок дека смртноста од респираторни проблеми е зголемена во периоди кога челичарницата работи со полн капацитет. Како последица на сулфатите кои ги испуштала во воздухот, бројот на починати лица, како последица на

[3]Mathis Wackernagel et al., „Tracking the Ecological Over-shoot of the Human Economy“, Proceedings of the NationalAcademy of Sciences, 9 July 2002, pp. 9266–71



загадување, се движел помеѓу 20 и 75 годишно. [4] Уште еден економски показател укажува на важноста на еколошките услови на живеење. Под препоставка дека еден град во подолг временски период е окарактеризиран како еколошки нездрав, веројатно е дека луѓето кои се во можност ќе го променат местото на живеење со поздрава средина. Во услови на зголемена дислокација на жители од еднана друга локација, се нарушуваат низа процеси и економски активности. Ваквото движење на населението може да се одрази на цените на недвижностите, сообраќајните врски, урбаното пропаѓање на делови од градот и сл.

Според Крикен (Kriken,2010:8) градовите во 21.век треба да се планираат на принципите на еколошката етика. Во таа насока тој зборува за тоа дека принципот на одржливост претставува фундамент на кој се надоврзуваат сите останати елементи на урбаното планирање. Одржливоста, според него, во прв ред се однесува на предизвикот да се заштитат и конзервираат оние ресурси кои се ненадоместливи, а воедно урбаните планери и сите останати кои се занимаваат со урбанистички планирање, треба да се носат и со предизвиците на снабдување на градовите со енергија и климатските промени.

Промената на бројот на жители ќе побарува од урбаното планирање да обезбеди брзи и исплатливо движење на поголем обем на лица, добра, услуги и идеи. Историскиот аспект на развојот на градовите укажува на фактот дека градовите обично се развивале побрзо доколу се на географски позииции кои имале добра поврзаност со други региони: во самите градови, од друга страна, деловите од градот кој се добро сообраќајно поврзани претставуваат и места со повисок и побрз економски раст.

Разновидноста и можноста за личен развој се подеднакввно важни квалитети кои еден град го прават пожелно место за живењее и обратно. Можностите, како што се можност за избор на домување според потреби ижелби, културниактивности, можности за рекрелација и спортување. Комбинацијата со визуелно добро осмислен простор кој воедно ќе има верситилен карактеро возможува градот да има свој ритам на живеење кој може да се одвива во текот на 24 часа. Покрај објектите кои се главни елементи што ја



дефинираат визурата на еден град, неопходно е, според Киркен, урбанистите да оставaт доволно отворени јавни простори кои имаат позитивно влијание на психофизичката и ментална состојба на жителите во еден град, посебно ако се зборува за градови кои имаат висока урбана густина. Урбаното планирање, секако, треба да го има предвид и моментот на хармонија и баланс, независно дали тоа се однесува на поголеми градски блокови или на ниво на соседства. Ова е посебно важно бидејќи, зависно од начинот на кој се планираат просторите, истите имаат влијание врз социјалните врски или интеракциите кои се создаваат со користење на овие простори. Во таа смисла, Јан Гел (Jan Gehl) забележува: „Културите и климата се разликуваат насекаде низ светот, но луѓето се исти. Тие ќе се соберат во определен простор ако им дадете добро осмислено место за тоа.“ Долку поради грешки во просторното планирање определени делови на град или соседство почнуваат на одат во надолна линија во однос на квалитетот на живеење или економска актовност, градските власти обично треба да преземат активности, како што се урбана регенерација или гентрификација, преку кои, со соодветни мерки и стимулации, ќе го подигнат и вратат квалитетот на живот.

Кога зборуваме на регенерација, таа може да се однесува најразлични типови регенерирање. Како примери може да се наведат еколошки регенерации со кои преку регенерирање на определени природни форми, како што се реки или урбани шуми, се внесува природен елемемент во просторот. Од друг аспект на регенерација може да зборуваме доколку таа регенерација се однесува на објекти, каде градската управа може да поттикне економско заживување на просторот преку економски мерки за привлекување на мали и средни претпријатила или start-up компании. Или со претворање на определени делови за пешачки зони без сообраќај, истите да станат попријатни места за живеење на различни старосни групи население.

Градовите на 21 век треба да се прилагодливи, односно да се има предвид дека еден урбан елемент треба да е проектиран да може да претрпи промена на фунција, без притоа да побарува драстични зафати. Еден објект, според овој принцип, зависно од економските прилики, треба да може да се преобразува во комерцијален или објект за домување за релативно краток период без големи финансиски издатоци. Проблемите на урбано архитектонското планирање во минатото делумно се должат и на строгата

дефинираност на објектите според намената, со што, со текот на времето, доколку нивната првична фунција е напуштена, тие остануваат како изградени неупотребливи градби. Густината на население се очекува да расте паралелно со бројот на жители. Сходно на тоа, плановите за градовите треба да изнајдат решенија како, во услови на зголемена урбана густина, да се задржи нивото на квалитет на живеење. Умешноста на урбаното планирање ќе се огледа како во целиот концепт на згуснување да се вметнат елементи на еколошко живеење, со цел овие мегаструктури, кои имаат одлики на еден мега систем, да бидат еколошки подносливи за живеење. Како последна особина на градоградењето во 21 век, тој го потенцира моментот на уникатност на градење. Со оглед дека голем број светски градови преземаат активности за урбано редизајнирање со преземање на добри практики, Киркен укажува на моментот дека овие проекти мора во себе да ги инкопорираат уникатните културни особености кои го дефинирање културниот идентитет на градот. Според него, градот претставува решение а не проблем, односно, со редефинирање на урбаното планирање, голем број од негативните карактеристики на градовите, како што се загадувањето, криминалот, сиромаштијата во определени делови може да бидал некои ублажени, а други разрешени.

### 3.2Препознатливост на градот како „Зелен град“

Концептот на препознатливост на определен град како „зелен град“станува сѐ позастапен во урбаното планирање, урбаната регенерација и сличните процеси. Ова се наметнува како последица на зголемената компетитивност помеѓу градовите да привлечат поголем број посетители, инвестиции и висококвалификувани лица. Интересот за вакви активности може да се припише на позитивните ефекти кои произлегуваат од имплементирањето на добро координирани политики и програми кои ги земаат предвид ресурсите, социјалниот капитал и посакуваниот квалитет на перцепција, кој сака да го добие градот со имплементиране на определени активности. Под пожелен град се смета градот кој нуди атрактивни работни места, добри услови за домување, добар јавен траспорт, квалитетно образование, спектар на културни и



рекреативни содржини и добри еколошки услови. Овие карактеристики, со примена на маркетиншки методи, треба да се преточат во „бренд“ на градот.

Развојот на економијата и новите видови професии, под влијание на глобализацијата и технологијата, му овозможуваат на поединецот да може да биде флексибилен во однос на местото на живеење. Оваа можност, која го ослободува човекот од физичка присутност на едно место заради вршење определна дејност, му остава избор да одбере град кој му одговара на личните преференции и стил на живеење. Во оваа смисла предизвиците на градовите се како тие да станат препознатливи како места погодни за живеење. Секако, сè уште, во голем број случаи, одредени професии и индустрии побаруваат и физичка присутност, но развојот на технологиите и новите типови индустрии сè повеќе ги намалуваат овие барања од поединецот. Денешните градови сè повеќе се натпреваруваат да обезбедат услови за задоволување на најразлични животни стилови. Градовите кои не работат на својот „имиџ“ и имаат лоша промотивна политика, не може да се надеваати да очекуваат дека може да имаат одржлив развој. Брус Катз (Bruce Katz) од Центарот за урбани и метрополитенски политики Брукингс (Brookings Institution[5], наведува :„Натпреварот помеѓу градовите се сведува на можноста на градот да привлече и задржи високо квалификувана и креативна работна сила. Ова е отрежнувачки момент на градовите кои заостануваат во урбаниот развој.“

За да стане препознатлив еден град, оние кои се занимаваат со планирање на урбаните политики треба јасно да ги издвојат главните „карактерни црти“ на градот и преку нив да создадат програми кои натака градот ќе го трансформираат во атрактивна урбана средина. Главната цел на овие политики и практики е да се постигне ефект на позитивна препознатливост на определен град на национално или интернационално ниво. Брендирањето на градовите е процес преку кој низа градови се пројавуваат како атрактивни градови кои нудат нешто ново, егзотично и препознатливо. Како такви примери се Барцелона, Сингапур, Дубаи, Сеул,. Овие градови, во своите развојни програми, избрале определени карактеристики и истите ги претвориле во препознатливост на градот, независно од тоа дали се однесува на уметност, модерна архитектура, екологија или висока технологија. Притоа овие градови ја

[5] https://www. brookings. edu/



препознале моќта на дигиталните технологии, културната дипломатија, конференцискиот туризам и слично, за да бидат постојано во фокусот на светските збиднувања.



Слика 6.Сингапур

Ако се разгледаат развојните политики на глобалните градови, се забележува дека сѐ повеќе од нив се ориентираат конкреирање јавни зелени површини. Ако во 20 век природата беше „избркана“ од градот, сега таа се враќа во истиот. Индустрискиот град природата ја ограничи на строго дефинирана површина, со ограничување на определени парковни површини. Урбаниот дизајн на 21 век, пак, на зеленилото во градот гледа како на фокални точки кои еден град може да го претворат во полицентричен урбан систем, кој ќе влијае врз виталноста на градот на целата негова територија. Добро осмислената и фунционално поврзаната зелена урбана структура му додава вредност на просторот како од економски, така и од социјален аспект.

Градовите како маркетинг може да ги користат и одредени знаметости кои, покрај моментот на препознатливост на урбаниот пејсаж, имаат и економска вредност. Овие карактеристички урбани форми остваруваат профит и се еден од поновите видови економска активност на градовите. Овие урбани форми кои може да обавуваат и друга функција имаат иформат на туристичка атракција.



Слика 7.Кулата N Сеул официјално YTN кула [1] и кулата Намсан или Сеул кула, претставува кула за комуникација и набљудување на планината Намсан во централниот дел на Сеул, Јужна Кореја. Претставува туристичка атракција промовирана од страна на СМГ (Seoul Metropolitan Government)во туристичката промоција на знаменисотки кои треба да се посетат.

Големите градови се менуваат и под влијание на глобалниот пазар, во кој борбата за економски раст меѓу градовите е остра. Промените во општествата и механизмите на пазарите ги принудуваат локалните власти и економии да се преориентираат кон надворешни извори на средства (Musterd and Murie, 2010). Градските, управи земајќи ги предвид ризиците, инвентивни и профитабилни, се нарекуваа „претприемачки“, Хабард и Хал (Hall & Hubbard 1997). Сè повеќе градски управи го здобиваат епитетот „претприемачки“ градски управи, со оглед на тоа дека голем број градски проекти имаат карактеристики на инвентивност и остварување на профит, карактеристики кои во минатотот биле карактеристика на приватниот сектор. Секако, ова се наметнува како потреба на барањата на жителите за сè поголем број услуги,а за кои се потребни економски ресурси. Во таа насока се и размислувањата на Ричард Флорида (Richard L. Florida, 2008) кој го аргументира ова со тоа дека претприемачки ориентираните градови меѓусебно се натпреваруваат во три фактори: талент, иновации и креативност. За да привлече лица со овие карактеристики,еден град мора да понуди висок квалитет на живеење и високи и добро платени работни места. Економијата базирања на знаења е иднината за развој на градовите, а колку тие градови ќе се атрактивни да привлечат како бизниси, зависи од условите кои



градот ќе ги создава. Поради сето ова голем број глобални градови и метрополи активно се промовираат себеси како „зелени градови“, преку кои се обидуваат да привлечат инвестии, или т.н.„елени бизници“, со цел да не заостанат во својот развој (Peck and Tickell, 2002:394; Brenner and Theodore, 2005). „Зеленото брендирање“ на градовите се наметнува не само во економска смисла, туку и како последица на еколошките нарушувања на животната средина во индустриските и постиндустриските градови. МекКендри и Јанош укажуваат дека ова бендирање треба да се разбере како промена во односот помеѓу градовите и глобализирањето на економијата. Деиндустријализацијата ги принудува градските управи да изнаоѓаат нови мобилни форми на капитал. Во услови кога градовите се под закана од влијанија на климатските промени, од градовите се очекува да преземат сè поголем број иницијативи и да го понесат товарот на адаптација и ублажување на последиците (Bouteligier, 2013; Janos and McKendry, 2014). Под притисок на глобалицацијата и еколошкиот притисок, градовите сè повеќе ќе се ориентираат кон развој и привлекување на „зелени бизници“,кои пак како последица ќе имаат промени во начинот на кој се моделираат урбаните политики за развој.

Кое е влијанието на урбаните зелени политики како двигател на економијата, може да се види на примерот на два азиски града. Енормното загадување на воздухот во Хонг Конг, во изминатите речиси две децении, претставувало закана за голем број интернационални компании да размислуваат за повлекување на своите преставништва од градот, воедно високото загадување придонесло во зголемување на болничките трошоци и намалување на продуктивноста на вработените. Оттаму и влијанието на атрактивноста на Хонг Конг како дестинација за вложување се намалува (Pesek,2006). Од друга страна, во истиот период градоначалникот на Сеул, О Се-хун (Oh Se-hoon/오세훈), соочен со истиот предизвик, промовира спектар зелени иницијативни:од електрични автобуси до програми за еколошка реставрација на главниот поток низ центарот на градот и негова транформација во линеарен парк со мултифункционална намена (Cho,2010, Lee & Anderson (2014). Овие активности довеле до зголемување на вредноста на недвижностите во околината, ја промовирале Јужна Кореја како земја на чисти технологии, довеле до зголемување на бројот на работни места, како и зголемување на атрактивноста

на Сеул како регионален бизнис центар на интернационални компании во овој дел на Азија.



Слика 8.Еколошка реставрација на Чонггечонг (청계천)поток во форма на линеарен мултифунцискален парк, централен Сеул, Јужна Кореја

Природатасе враќа во градот преку зголемување на бројот на дрвја, цветни паркови, чиста вода и земјоделие (пермакултура). Градовите сега се во фокусот на одржливата постиндустриска ера, која поддржува популациски раст и висок квалитет на живот. Наместо да се избира биодиверзитетот, урбаните шуми може да доведат до рамнотежа помеѓу бетонот на градот и потребите на луѓето од природа. Фокусот на градовите оди во насока на враќање на природата во градот преку зголемување на зелени површини, дрвја и градски шуми во постиндустриските градови (Lawrence et al., 2013; Janos and McKendry, 2014).



Слика 9.Сонгдо Инчон,Јужна Кореја[6]

Градовите,посебно во 20 век,се развиваат во насока која одеше на високо урбанизирани форми на денатурализација на градот. Тоа доведе до значително нарушување на микро климата, но и појава на болести кои ги „произведе" индустрискиот град (Beatley, 2000). Низ градовите во светот новите технологии и новите визии создаваат зелени површини во најгусто населените делови на градот, бидејќи градските власти ја осознаваат вредноста што ја создаваат зелените урбани површини. Пејсажното уредување е уште еден приод кој се користи од градските управи за подигање на квалитетот на живење. Додека пак под зелена инфраструктура на град се подразбираа физички и фунционално поврзана мрежа на зелени површини, кои заедно испорачуваат еколошки сервиси и бенефити на општеството – Лафореса и Конијнендијк (Lafortezza and Konijnendijk, 2013). Основни компоненти на урбаната зелена инфраструктура се урбаните паркови, урбаните шуми и отворените простори (Benedict and McMahon, 2006; Young, 2010; Mell; 2017). Овие форми истовремено, покрај естетската вредност во просторот, имаат и ефект врз намалување и ублажување на одредени влијанија, како што се урбанизацијата, климатските промени, како што се намалување на температурите, загадувањето, намалување на сообраќајната бучава (Kabisch et al., 2015:557). Новите

[6] By User:Piotrus - Self-photographed, CC BY-SA 3. 0, https://commons. wikimedia. org/w/index. php?curid=47003044



парадигми за одржливост и зелениот раст станаа основни параметри кои треба да следат за добро градско управување (Gibbs et al., 2004). Ваквите зафати на раззеленување на градот, сепак, се соочуваат и со бројни предизвици. Делумно тие се и под влијание на економски политичките состојби во едно општество. Предизвикот се состои во изнаоѓање решение како, од една страна, да се постигне зелен урбан развој со услови на раст на бројот на жители. Од друга страна се предизвиците на намалување на буџетите кои се однесуваат на ваков тип активности,со што се создава опаснот од застој во урбаниот зелен развој (Gulsrud et al., 2017).

## 4. Урбаниот простор како општествен производ

Урбанистичкото планирањеможе да биде дефинирано во потесени поширок контекст. Доколку тоа се дефинира во потесна смисла на терминот планирање, тогаш можеме да подразбереме дека тоа се однесува на физичкото планирање на одреден простор во вид на објекти кои треба да имаат строго дефинирана намена; додека доколку тргнеме во дефинирање на оваа активност во поширока смисла, тогаш во планирањето на просторот учествуваат и други фактори и планирањето ги зема предвид и нив. Под овие фактори ги подразбираме влијанието кои го имаат еколошките, социјалните, културните и економските услови во кои се одвива процесот на планирање на одреден простор или град. Тргнувајќи од поширокото дефинирање на поимот урбанистичко планирање, со вклучување на повеќе страни како што е локалната заедница, невладиниот и бизнис секторот, просторот станува производ н азаедницата. Во основа урбанистичкото планирање е обврска на институциите кои,пак, се израз на политичкото расположение во одреден период во една општество на локално или централно ниво. Оттука може да заклучиме дека, посредно, урбанистичкото планирање се темели на политички одлуки, односно практикувањето на политичка моќ. Секако, политичката моќ не е концентрирана само во тесна смисла на политичка моќ која произлегува од политички партии, туку во опшествата таа моќ сè повеќе се траcподира и на други општествени актери, како што се невладини организации, бизнис заедница, неформални групи од интерес кои се директно засеганти од одредени урбанистички

интервенции и сл.

Одговорни локални власти кои се водат од принципите на добро управување при преземање активности од доменот на урбанистичко планирање, покрај користењето инструменти, како што се бази на податоци и податоци од институции, несомнено во своите активности треба да ги вклучат и горенаведените групи. Ова е неопходносо оглед на тоа дека ниедна активност која се спроведува на одреден простор не може да биде изолирана од останатиот општествен амбиент, доколку се сака истата да биде темелена на принципот на одржливост. Голем број метрополи низ светот сè повеќе го присвојуваат прицmisc на меѓупартнерска соработка, кога се работи за политики кои засегааат големи групи граѓани. Со цел да се дојде до ова, често е потребно да се надмине поделбата на „леви или десни" и да се размислува во насока на што е најдобро за „сите" (Beck, 1997: 42; Giddens, 1994). Секако, целта на ваков инклузивен пристап се темели и на потребата уште во самиот почеток да се намалат разликите во интересите, да се намали или елиминира несогласувањето за спроведување на одредени замислени планови. Затоа голем дел од метрополите, во случај кога отпочнуваат со идеи за реорганизирање на просторот во форми на гентрификации, еколошки реставрации, пренамени на простор, уште во најраните фази вклучуваат поголем број групи со цел да се обезбеди јавна дискусија, а подоцна и поддршка за овие процеси. Таков јавен концензус обезбедува изработка на урбанистички планови во демократска и инклузивна атмосфера, во која сите вклучени страни може да го видат својот интерес вграден во финалниот план и да го прифатат како „свој".

Некои тероретичари, како Mouffe (2000;2005), сметаат дека ваквиот инклузивен пристап претставува „добро управување", кога се промовира постполитичко општество или визија каде се отстрануваат политичките поделби. Во тој контекст Жижек пишува (1999:198): „Постполитиката на тој начин ја нагласува потребата да ги остави зад себе старите идеолошки визии и да се соочи со нови прашања, вооружени со неопходното стручно знаење и слободно размислување, што ги зема предвид конкретните потреби и барања на луѓето." Двајцата автори, меѓутоа, се согласни и дека комплицираните општествени проблеми не може да бидат така лесно разрешени без конфликт. Според нив, конфликтите се неопходни за општетвени промени. На ова може да го надоврземе ставот на Надиа Урбинати според која: „Управувањето подразбира



експлицитно упатување на ’механизми‘ или ’организирани активности‘, соодветни за решавање на одредени специфични проблеми. За разлика од владата, управувањето се однесува на ’политики/практики/програми‘, а не на ’политика‘, бидејќи не е обврзувачка структура за донесување одлуки. Нејзините приматели не се̓народот‘ како колективен политички субјект, туку̓население‘ кое може да биде засегнато од глобалните прашања, како што се животната средина, миграцијата или користењето на природните ресурси.“ (Urbinati, 2003:80).

Иако погорното не се однесува експлицитно на урбанистичкото планирање, овие расправи се вклопуваат во самите процеси на „добро управување“, посебно во делот доколку се анализираат процесите во кои се донесуваат урбанистичките планови и трендовите на сѐ поголемо присуство на постполитичко однесување на локалните власти во овој домен. Секако, не треба да се испушти од вид дека,и покрај заложбите на широк консензус и инклузивност, речиси е невозможно да се земат предвид и да се разрешат сите и сечии потреби и секогаш ќе постои некој конфликт на интереси кој не може да биде предвиден или инкорпориран и истиотќе се појавува и надвор од системот, во вид на протести или нови видови здружување на групи за задоволување на интереси, што нѐ враќа на поентата на Жижек за потребата од конфликти кој се потребни за развој.

### 4.1 Еколошка етика

Моменталната состојба на екосистемите на планетата неоспорно отвораат низа прашања кои се во доменот на етичноста. Човекот, како рационално битие, низ историјата на својот развој развивал етички и морални норми врз кои се темели и вреднува и цивилизацискиот развој. Етиката во еколошка смисла е потреба во поглед на преиспитување на вредносниот систем на човекот како поединец и група и неговото влијание врз останатиот жив свет на планетата. Човекот, како социјално битие, не може нормално да се развива доколку не развива релации со други луѓе, но и со околината која го опкружува. Наш интерес е кој е вредносниот ситем на човекот кон природата? Дали човештвото на природата и околината гледа само како на извор на ресурси низ призма на конзументаризам и задоволување, не само на своите примарни



потреби,туку и во прекумерно искористување на природата за задоволување на потребата од луксуз и слично. Дали сите промени кои се случуваат во вид на климатски промени, енормно загадување и слично, ќе го натераат човештвото да го преиспита својот вредносен систем на живеење и ќе се преориентира кон поодржливо општество или, со продолжување на истиот стил на живеење, планетата ја води кон еколошка пропаст?

Етичките теории, главно, се делат на антропоцентрични теории, биоцентрични теории и екоцентрични теории. Тргнувајќи од ова, постојат две гледишта во врска со правата кои ги поседуваат природните ентитети. Според едниот правец, природните ентитети полагаат одредени права, бидејќи тие се неопходност за човековиот развој, додека, според второто видување, не може да зборуваме на право на ентитет кој не поседува разум и интерес, како што се животните и растенијата (Ацески 2014;185).

Антропоцентричната етика се развива уште во антиката и се бави со идеите на човекот и неговото опкружување, но ставајќи го човекот како фокус. Според Аристотел, „природата се јавува како творец на сè, но за човекот” (Ацески 2014;185). Според него се што постои ие создадено во природата има еднииствена функција да му служи на човекот. Во иста насока се и размислувањата на Кант според кој човекот има индирекна должност кон природата, бидејќи другите видови немаат морална одговорност, кон нив човекот нема директна одговорност. Антропоцентричните идеи се идеи кои се синтеза на западната филозофија, во комбинација со христијанско-религискиот поглед на светот, во која централен елемент на светот и човекот и сè што е негово опкружување му е подредено Нему. И Бог рече: „Да направиме човек во Нашиот лик, според Нашата сличност, и нека владеат над морските риби, над небесните птици и над добитокот – над сета земја – и над сите лазачи што ползат по земјата!“ Битие (Прва книга Мојсеева:26). Антропоцентричната теорија го поставува човекот како владетел врз целиот останат жив свет, потпирајќи се на тоа дека само човечкиот разум, кој може да продуцира вредносен и морален систем може, додека сè останато е во функција да го опслужува тој систем на вредности. На ова се надоврзува и есејот на Лин Вајт (Lynn White) „Историски корени на еколошките проблеми“, во кој расправа дека западните форми на христијанството, според кои луѓето се создадени според ликот на Бог и пратени да бидат над останатите суштество, е во суштина



почетокот кој продуцира еколошки кризи. Сите религиски системи без исклучок изразуваат одреден степен на етичко однесување кон природата и живите суштества и ѝ придаваат на Земјата религиско значење. Според него, однесувањето на човекот кон природата произлегува од библискиот антропоцентризам (White 1967). Овие идеи се надоврзуваат на идејата на Макс Вебер (Max Weber) кој, во сличен манир, аргументира дека протестантизмот е причина за појава на капитализмот. Но, како што и претходно напоменавме, овие идеи не се развиле само на јудео-христијанството, туку своите корени ги влечат уште во антиката. (Calliot 1983 цитиран во Gardner, Gerald & Stern 2002, 37). Оваа теорија во многу нешта можеби може да биде објаснување за состојбите на првите индустриски градови кои, во услови на брзиот развој на индустријата, во комбинација со економсите прилики кои се појавуваат во Западна Европа и ги продуцирале и првите антропогени еколошки проблеми со кои се соочила планетата како природен систем. Брајан Нортон од своја страна антропоцентризмот го разложува на две верзии. Според првата верзија за силен антропоцентризам, вредноста на природните системи се оние кои се од важност за опстанокот на човекот, како што се чиста вода, воздух и слично и кон нив човекот има „чувство на преференција“ (Ацески 2014;188), додека кон поширокиот биодиверзитетчовекот има однос на „транформативна вредност“, односно градините во урбаните заедници имаат транформативна вредност, како места за вклучување и вреднувањена природните процеси во урбаната средина...“ (ibid.).

За разлика од западната еколошка мисла на антропоцентризам, според која природата е примарен трансформативен капитал, источните еколошки размисли одат во насока на поумерен однос кон природата. Исламските учења кои своите расправи ги темелат на Кур’анот, сè што е создадено во природата има своја цел и ги следи законотостите на природата. „Земјата е создадена за сите живи битија, не само за човекот“ (Кур’ан 55:10). Махаснех расправа дека во исламот не постои дуалитет во облик човек/природа од причина што централниот концепт на исламот „тевхид[7] претставува единство на сè создадено од Бога (Аллах). (Mahasneh 2003). Според Насир, дуалноста човек/природа е непознат концепт во исламот и дека оваа идеја е резултат на влијанијата од

[7]Тевхид-исламско верување за единството на Бог (Аллах) е исламскиот концепт за монотеизам.

Запад (Nasr 1996). Според нив, унитарноста исто така упатува на меѓузависност помеѓу сите битија. Концептуалните разлики во религискиот пристап на улогата на човекот кон природата се разликува и според моментот што и религиските текстови различно ја толкуваат оваа улога. Според Кур'анот, човекот не е господар на Земјата,туку нејзин чувар (2:30–34; 6:165). Преземајќи ја оваа улога човекот, одговорноста е транформирана во практики како треба да се живее, во чиј склоп на правила спаѓаат и правилата кон природата, заштита на животните, заштита на шумите и др. Исламскиот концепт на управување со природата не му дава право на човекот да владее со природата според свои тесни интереси (Hussain 1991). Ако се оттргнеме од религиската компонента на наведеното во практична смисла, овие концепти развиле некои навики во овој дел на светот кои може да ги сублимираме во неколку точки, а тоа се: искористување на природата во рамките на задоволување на потребите, штедење на водата како ресурс, третирање на дрвјата и зелените предели како вреден елемент за живеење. Ова делумно е и разбирливо ако се земат предвид климатските услови во кои се развива оваа религија. Нерационалното управување со водата (бунари, извори и слично), или деградирањето на малуборјните оази, значело живот или смрт за гоелм дел од населението, па таквата комбинација помеѓу религиските погледи и правила и она што претставува услови за живот се развила сосем поинаква еколошка размисла, за разлика од Европа.

Системите на верувања кои се развиле во источните делови на Азија имаат повеќе филозофски размисли за врските помеѓу човекот и природата, за разлика од монотеистичките религии. Додека во монотеистичките религии, кои главно се прошириле на Запад и во кои човекот е дефиниран како супремативно суштество во однос на останатиот жив и нежив свет, во источните религиски системи човекот е само еден од елементите на природата и како таков е обврзан да се однесува со иста почит кон останатиот жив свет. Во овие системи природата е нераскинлив дел од битисувањето на човекот, а самите верувања на циклусите на повторно раѓање и слично довеле до тоа да се развие поинаков однос кон природата. Овие размисли не само што се дел од етичко-моралните расправи за целовитоста на човекот со останатиот дел на природата, туку станале и стил на живеење кој се огледува со начинот на планирање на градовите, архитектурата, зелените површини, градините. Секој од овие елементи во процесот на планирање ги зема принципите на меѓузависнот и



поврзаност со природата, хармонија на енергија и материјали кои во суштина би требало да придонесат за духовно издигнување на човекот, како единствена супремација која тој, како разумно суштество, ја поседува за разлика од останатите живи битиа. Овие учења се распространети во поголемиот дел на Азија, како што се :Индија, Кина,  Јапонија, Кореја.

За да можеме да расправме за местото кое го има природата во таоизмот, треба да појдеме од мистичниот и поетски јазик на Лао Тзу во „Тао Те Чинг", каде тој расправа за „природата на природата". Според него, „Тао" е вечен, безимен, самоодржлив. „`Та'о е деперсонализиран, аморфен концепт на природа, кој воедно е и процес на траформација кој е во дијалектички однос на Јинг и Јанг, како потреба од постојана себетранформација и развој, како и обајснување на природните процеси. За разлика од „Тао", кој е вид на бесконечно постоење на природа и материја, „Те" (рај) го има својството на Создавач. Ако „Тао" е репрезент на природата и нејзиниот материјален израз„„Те" е репрезент на енергијата која е поттик за процесите кои се одвиваат во „Тао". Со оглед на тоа дека „Те" е својство на сите битија, тогаш сѐ во Универзимот е поврзано помеѓу себе. Оттаму прозлегува и основата на ова учење дека поврзаноста помеѓу битијата не е само метафизичка, туку и морална. Човекот во себе ги поседува и „Тао" во својата физичка форма и „Те" во својата емотивно мисловна форма, па оттаму нема некоја битна разлика помеѓу човекот и останатиот жив свет. Според овој концепт на универзална поврзаност, хаос во основа и не постои, туку тој е само дел од вечниот дијалектички однос на Јинг и Јанг.

Слични размисли за еднобитноста на сите живи суштества се среќаваат и кај будизмот. Холистичкиот пристап го истакнува моментот дека надворешниот свет во никој случај не може да биде издвоен од човечкиот род, па оттаму и произлегува еколошката етика на ова философско религиско учење. Иако будизмот ја признава надмоќта на човекот, таа надмоќ се однесува само на моќта на човекот да се развива како духовно битие, а бидејќи тој во својаа материјална природа е зависен од останатата природа, не е можна дихотомија човек-природа. Според будистичкото учење, човекот е дел од природата и доколку се наруши природата, се нарушува и човековиот живот. Меѓузависноста помеѓу сѐ во природата (човек – општесво – природа) предизвикува верига од настани кои се случуваат, доколку настане промена во

еден дел на природата. Овие промени не само што се однесуваат на нас, туку и на светот околу нас, но и на поколенијата после нас (Henning,2006).

Една од најкарактеристичните ососбености на јапонската култура е уметноста на уредување на јапонските градини. Оваа особеност се развила под силно влијание на шинто или шинтоизмот, религиско учење карактеристично за Јапонија. Негувањето на градини се развива како последица на основите на ова религиско учење, според кое сѐ во природата поседува духовна сила, сите елементи во природата се комплементарни помеѓу себе. За разликаод другите религиско философски системи, ова учење нема основач или дефинирани текстови, како ни институционална подреденост. Ако во монотеистичките религии Бог е супремација, створител на сѐ, шинтоимзот секој еден елемент го вреднува подеднакво и му дава улога на создател и транформативен елемент за хармонично опстојување на светот. Како основни концепти врз кои се темели шинтоизмот се:

| | |
|---|---|
| *Kami* | Божественот,целовитост |
| *Kannagara* | Единство со природа |
| *Ki* | Моќ на постоењето,реалност |
| *Harai* | Прочистување,спасение,просветлување |
| *Wa* | Хармонија на природата |
| *Tennô* | Светост концентрирана во владетелот |

Секој од овие елементи е неопходен за природата како систем за да може да биде во хармонија. Овој поглед кон природата е длабоко вкоренет во секојдневната култура на Јапонија, која се задржала и до денес, иако во денешно време можеби не се работи толку за религиско уверување колку за начин за живот и однос кон природата.





Слика 10.Присуството на камени елементи ги симболизираат планините, додека малите езерца и потоци – водните тела како мориња или езера

За разлика од претходните периоди на човековата историја, дваесеттиот век е век на превирања на повеќе полиња, а како последица и на сè поевидентните еколошки проблеми кои се јавуаат, сè повеќе се развиваат и дискусии за границите на етиката. Биоцентричната етика или биоетиката се раѓа од растечкиот страв предизвикан од деструктивните последици по животната средина од човековите економски, технолошки и културолошки навики (King,1994). Тој зборуваза две тенденции на етиката на животната средина. Едната е веќе погоре споменатата, односно антропоцентричната етика која се јавува во антиката со Аристотел, а во времено на просветителството како идеја ја развива Декарт, а ја продолжува и Кант. Втора е биоцентричната тенденција според која на природата не смее да се гледа само како на инструмент преку кој човекот ќе ги задоволува своите потреби, туку природата е вредносен систем сам по себе и како таков заслужува почит, заштита и вреднување. Биоетиката го детронизра човекот како највисоко битие на планетата и го става во системот на жив свет на планетата. Овој поглед дава ново промислување на позицијата на човекот кон природата, врските на човекот со останатите сегменти на биодиверзитетот. Според Мајер, ако човекот се постави како натприроден дел на самиот биосистеми притоа може својот разум како можда го користи за да ги искористува потенцијалите на природата и дури истата да ја уништи, тогаш таа

човекова „натприродност“ не продуцира позитивна вредност. Ова посебно е применливо во моменти како сегашните, кога голем број човечки интервенции во просторот довеле до тоа да се нарушат цели биосистеми и биолошката разновидност и рамнотежа да се под постојата закана. Еколошката етика сè повеќе се јавува како потреба и норматив кој нема за цел само формално и таксативно да ги наброи причините зошто природните системи треба, како системи кои поседуваат вредност само по себе да се заштитени, туку и како неопходност за преиспитување на последиците на неодговорното човеково однесување кон природата, кое има неповолно повратно дејство врз човекот. Според Мејер Абих, „Невољите во природниот заеднички свет, за кои во голем дел се одговорни луѓето, се тука да нè потсетат дека луѓето не се секогаш тука само заради себе“ (Ацески,2014,201).

Биоетиката ги доведува на исто рамништи сите живи суштества на планетата, гледани од вредносна страна. Според ова гледиште, човекот е само еден од видовите кои ја населуваат планетата и истата, како природен систем, може да функционира и во отуство на човековиот вид. Биоетиката се дели во два правци: првиот, или биоцентричен индивидуализам, чиј поборник е Пол Тејлор. Според него, сите човечки и нечовечки битија имаат еднаква суштина, вредност (Ацески 2014;193). „Ако сите живи битија имаат еднаква вредност, тогаш имаме морална обврска да ја почитуваме таа вредност,без разлика каде се наоѓа таа“, заклучува Тејлор. Алдо Леополд, за разлика од Тејлор, развива холистички биоцентричен пристап. „Едно нешто е правилно, доколку се стреми кон одржување на интегритетот, стабилноста и убавината на биотичката заедница, погрешно е спротивното“. Заговорниците на овој пристап, како што е и Каликот (Callicot,1989), вредноста на холистичкиот пристап ја гледаат во еколошката и здравствена благосотојба на заедницата, не на индивидуално ниво. Оттаму и критиките за човечките деструктивно влијанија на човекот врз природата (Leopold,1932,цитирано во Ацески,2014:219). Еколошката етика е вредносна расправа која го анализира односот на човекот кон природата, дали и во која мера човекот на природата гледа како естетска или морална вредност, која сама по себе треба да биде вреднувана. Додека, од друга страна, човекот ја гледа природата како био-капитал кој е инструмент за личен, ограничен развој, односно да произведе друг тип на вредност, која е замисла на човекот или човековите заедници. Исто како и со другите дисциплинии еколошката етика



еволуира, па сѐ повеќе расправи одат во насока дека живите суштества, исто како и човекот како вид, имаат еколошки праваи дека човечкиот вид е еден сегмент од животот на планетата Земја и како таков не може да ги присвои сите права за располагање, без притоа да трпи последици од однесувањето, бидејќи, во крајна линија, човекот, како живо суштество, е во нераскинлива меѓузависнот со останатите био-системи во природата.

Друг термин кој може да се користи за да се опишат етичките размисли кон природата е биокултурата. Шпенглер (Oswald Spengler) ни дава објаснување помеѓу термините за цивилизацијаи култура, во која тој под цивилизациски развој го подразбира технолошкиот и материјалниот напредок на човековиот род, додека културата е развој на духовниот раст, науката, уменоста. Веројатно овој век може да се смета дека е век на развој на биокултурата, со оглед на тоа дека луѓето се сѐ посвесни за био-средината во која живеат, како и активните врски помеѓу човекот и останатите видови (Аравнитис, А. В;Олескин, А. 1993). Од денешен аспект колку едно општество е ориентирано кон зачувување на своите природни вредности, промовирање на поздрави концепти за живеење, толку истото го сметаме за повисоко културолошки развиено. Иако тука се наметнува прашањето за повторна квалитативна анализа на терминот *биокултура*, со оглед на тоа дали општесвата кои во процесите на индустријализација, под закана од еколошки катастрофи, повторно се навратија кон природата како фундаментален дел на живеењето, се на повисок еколошко културен стадиум од општествата кои отсекогаш природата ја сметале за неизоставен дел од животот, а се технолошки неразвиени.



## 4.2 Еколошка правда

Терминот „еколошка правда“ за прв пат го употребуваат Лоу и Глесон (Low and Gleeson, 1998) и, според нив, под овој термин се подразбира: „Борбата за правда која се обликува со политики кои се однесуваат на животната средина, а која има два аспекти: првиот за правото на дистрибуција на здрава животна средина помеѓу луѓето и правда која се однесува на уредувањето на релациите помеѓу луѓето и останатите видови на живиот свет. Според тоа, овие аспекти може да ги дефинираме како право на здрава животна средина и еколошка правда. Тие во основа се два аспекти на една иставрска“ (Low and Gleeson 1998: 2).

Идејата зад концептот на релациите помеѓу луѓето и останатите форми на живот произлегува од правото на останатите форми на живот да не бидат лишени од првото да продолжат да постојат како видови; оттука произлегува и самиот термин „еколошко право“ на живот и постоење. На ова се надоврзува и идејата за еколошка одржливост, која преставува и морална обврска на сегашните генерации за распределба на природните добра и природниот капитал, како што се земјоделските површини, чистата вода и воздух, минералните ресурси и сл. Ова навлегува во моралните расправи кои се однесуваат на распределбата на добра, но и на проблеми како што се локациите за депониите,еколошките услови на живеење на различни групи, така и помеѓу различните генерации. (ibid)

Планирањето како општествена активност во себе неопходно е да го вклучува и моментот на „правда“, сфатен во еден поширок контект. Во случајот на урбанистичкото планирање под ова се подразбира дека интервенциите во просторот не само што треба, туку мора да бидат направени во насока да не ги нарушуваат правата на луѓето на здрав живот. Овој принцип на праведност мора во прв ред да го почитуваат планерите и оние кои ги донесуваат одлуките.

Тргнувајќи од горенаведеното, Кембел и Маршал (Campbell&Marshal) тргнуваат од тоа дека: „Планирањето е активност која подразбира избор за тоа што е доброа што не, правилно и неправилно, со и за другите за одредена локација. Станува збор за правење етички избори за прашања кои често се



многу оспорени. Затоа планирањето е длабоко поврзано со правдата“ (Кемпбел и Маршал, 2003: 2).

Ова е посебно важно земајќи ги предвид околностите во кои многу често, во случаи кога се преземаат интервенции во просторот, доаѓа до судир на интереси за различни групи, најчесто од една страна оние кои сакаат економска валоризација на просторот, а од друга активисти и останати групи за заштита на средината кои, во вакви зафати, гледаат нарушување на квалитетот на живеење во вид на намалување на зелени површини, зголемување на сообраќајот и сл.

Harvey(1996), од своја страна пак, поставува релациска теорија на правдата која им помага„заеднички цели за постигнување на одреден сет цели под дадени еколошки, историски и географски услови“ (1996: 333). Исто така важно е да се нагласи од кого, каде и каде се бара правдата (ibid.:331). Меѓутоа, неговата теорија за правда е сосредоченана класата. Според Харви, класата е заедничкиот именител на борбите за правда, бидејќи во неа се гледа преплетувањето на раси и родови линии и нивните интереси (ibid. :338).

Други теоретичари, како што се Јанг (1990) и Сандеркок (2003), поставуваат постнуверсалистички поими за правда кои не се центрирани околу класата, туку тие се отворени за други општествени категории, а кои може да трпат неправди, како што се етничките групи, расите и сл. Друга група научници, (како Low and Gleeson, 1997; Almond)1995; Hautone, 1999), вклучуваат еколошка правда на нехумани групи (животни и растенија) и идните генерации, односно покрај правдата се навлегува и во дел на етичноста и одржливоста на екосистемите во нивниот тоталитет.

Кога станува збор за еколошка правда, овој концепт почнува да се развива првично во САД и Обединетото Кралство (Bullard, 1993, 2000; Faber, 1998; Dobson, 1998; Agyeman and Evans, 2004; Bulkeley and Walker, 2005; Scandrett et al., 2000). Дефинициите кои го објануваат овој поим може да се разликуваат една од друга, зависно на што се фокусираат (институции,правда во класична смисла на правото и сл). Според Американската агенција за заштита на животната средина, еколошката правда[8] се дефинира како:„Фер третман и значајно вклучување на сите луѓе, без оглед на расата, бојата, нацикалното потекло или приходот, како и спроведувањето на законите, регулативите и

[8]TheUSEnvironmentalProtectionAgency:http://www. epa. gov/compliance/ resources/faqs/ej/index. html, accessedMay11, 2006.



политиките за животната средина. Праведниот третман значи дека ниедна група луѓе, без оглед на расните, етничките или социоекономските одлики, не треба да сноси диспропорционален удел негативни последици од животната средина што произлегуваат од индустриските, општинските и комерцијалните операции или извршувањето на федералните, државните, локалните, програми и политики.“

Македонскиот правен систем заштитата и правото на здрава животна средина го има уредено со повеќе правни акти, меѓукои и со највисокиот правен акт. Имено, Уставот на РСМ, во делот на економски, социјални и културни права, во член 43 предвидува права и обврски кои се однесуваат директно на животната средина:„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.“ (Устав на РСМ,2019)[9]. За еколошката правда свое мислење дава и урбаниот социолог Роберт Булард, (Bullard), според кого: „Донесените одлуки честопати не успеаја да го решат прашањето на правдата за тоа кој добива помош и кој не; кој може да си дозволи помош и кој не може;зошто индустријата ги труе некои заедници, а не другите; зошто некои контаминирани заедници се чистат, а други не; и зошто некои заедници се заштитени, а други не се заштитени. Правдата за животната средина се обидува да ги одвлече идеолошките наследници кои ги превидуваат расизмот и експлоатацијата на класите во донесувањето одлуки за животната средина (1993: 206).

Ако претходните две дефиниции се фокусираат на класата и расата, дефиницијата на Дросет Тејлор го вклучува и „родот, односно ги поврзува животната средина, расата, класата, полот и социјалната правда во експлицитна рамка“ (2000: 542). Дефинициите на еколошката правда се разликуваат според времето во кое настанале и опсегот на групи кои ги опфаќаат. Ако ги анализираме наведените дефиниици, сите се однесуваат на ризикот на нарушувањата на човековата средина кој го трпат луѓето или групите. Односно, како нивните карактеристики и место во општеството го дефинира и нивното право на здрава животна средина и изложеност на последиците од негативни влијанија (токсичен отпад, аерозагадување и др).

Овие дефиниции се во сосема друга насока, за разлика од

[9] https://www. sobranie. mk/ustav-na-rm. nspx



традиционалните еколошки движења кои се јавуваат во 60-тите и 70-тите години, и се занимаваат главно со прашања кои се фокусирани на заштита на поголеми еко-системи и на природната средина во целина, а помалку на луѓето. Развојот на концептот на одржлив развој доведува до коренити промени на тоа како се дефинираат и третираа голем број процеси. Така што се појавуваат и нови дефиниции кои ги премостуваат и разликите на претходните дефиниции и движења за еколошка правда. Така, Лоу и Глисон во нивната дефиниција за правда за животната средина (1997: 22) вклучуваат и „правда во животната средина“, или дистрибуција на еколошки ризици и квалитети во рамките на човечкото население, како и “правда за животната средина“, или како луѓето ги третираат останатите видови (раститетелен и животински) и природа. Лоу и Глисон сметаат дека еколошката правда во основа е човечка правда сфатена во пошироко значење, па оттаму размислување треба да биде за правата на луѓето за живеење во здрава животна средина (Loy and Glisson 1997: 35). Според нив, „Прашањето не може да се реши еднаш засекогаш, врз основа на единствена сеопфатна етика. Наместо тоа мораме постојано да измислуваме форми на политичко здружување и политички практики, кои ги усогласуваат етичките принципи врз основа на принципиелна политика“ (ibid.).

**5. Градот како одржлив динамичен систем**

Моделот на „одржлив развој“ најдобро фунционира ако е прифатен од самите градови, кои своите развојни програми треба да ги темелат на одржливост;неопходно е „локалните власти да ги прифатат принципите на одржлив развој во нивните обиди за обезбедување економски ефикасни, социјално инклузивни, културно свесни и еколошки здрави градови. Градовите мора да се развиваат одржливо и да промовираат одржливи заедници или се доведуваат во опасност воопшто да не се развиваат“ (World Bank, 2010, стр. 5). Со други зборови, градовите, односно градските власти, излезот во проблемите со кои се соочуваат голем број градови треба да го бараат во креирање интегрални политики и програми кои се базираат на основите на одржливиот развој место досегашните сегментарни, кои за последица имаат голем број негативни последици во самото функционирање на градот и севкупниот

социјален амбиент. Како концепт одржливиот град е релативно нов и е сѐ поприфатен како во развиените земји и во земјите во развој. Секако, секоја држава и град треба да изнајдат адекватен модел на одржливост, согласно на сопствените проблеми, потреби и капацитети како овој концепт да го преточат во локални политики и практики.

Во продолжение на овој дел ќе бидат наведени дефинициите на поимот одржлив град. Исто така, во овој дел ќе бидат изложени теориски видувања за насоките на урбаното планирање во 21 век. За да биде овој концепт потполно функционален, ќе бидат образложени различни видувања на повеќе автори за чекорите кои треба да се преземат како градовите би станале одржливи местаза живеење.

## 5.1Дефиниција за одржлив град

Покрај бројните обиди и расправи за тоа што е одржлив град, сѐ уште во литературата не се сретнува конкретна дефиниција која се однесува на тоа што е одржлив град. Според Бласингајем, „не постои еден единствен модел. Различни места имаат различни физички и климатски параметри. Различни луѓе имаат различни економски и социјални потреби и желби“ (Blassingame 1998). Сепак, една однајчесто цитираните дефиниции која може да ја прифатиме е таа од Програмата за одржливи градови при Организацијата на обединетите нации. Тука одржливиот град се дефинира како „град каде достигнувањата во општествениот, економскиот и физичкиот развој се направени за да траат. Одржливиот град има постојана резерва на природни ресурси, од кои зависи неговиот развој (и ги употребува само до степен на одржлив приход). Одржливиот град одржува трајна сигурност и заштита од опасностите врз животната средина, кои можат да станат закана на развојните достигнувања, дозвојувајќи само прифатлив разик“ (Whitehead, 2003,1186). Поинаква дефиниција заградот во еколошка и технолошка смисла, која за последица има промена на животниот стил на луѓето, претпоставува дека зелените и одржливи градови треба да претставуваат фундаментална прилика за употреба на нови технологии (како јавен превоз, заедничко греење и еколошки дизајн и градби) и да донесат промени во животниот стил на луѓето (како пешачење, користење



велосипеди и намалување на потрошувачката). Оттука и произлегува дека градовите ја носат најголемата надеж за постигнување поодржлива иднина (Beatley 2000, стр. 4). Дефиницијата на UN-HABITAT заодржлив град користи термин „хармоничен град“, кој го дефинира како „...синхронизација и интеграција на сите богатства на Земјата, без разлика дали тие се физички, еколошки, културни, историски, социјални или човечки.“ (UN-HABITAT, 2008). Земајќи ги предвид, покрај останатите и културните и историските богатства, оваа дефиниција на еден начин дава холистички пристап, ставајќи акцент на хармоничното коегзистирања на сите елементи во градот. Од наведените дефиниции како заклучок може да се извлече дека самиот концепт не е програма кој има конкретно дефинирани чекори, а кои имаат одредено времетраење после кое треба да се очекуваат дефинитивни резултати, туку тој е повеќе во насока на дефинирање на процеси кои понатака би обезбедиле стабилен раст и развој на градот.

Сепак, кога говориме за одржливи градови, не треба да се испушти од вид дека голем број градови не се развиваат на база на овие погоре наведени принципи, односно, според своите карактеритики, повеќе може да бидат сместени во категорија на неодржливи градови. Како една од главните карактеристики на овие градови е моментот што овие градови се развиваат неплански, стихијно и без визија, не земајќи ги предвид сите параметри кои се потребни за стабилен и здрав урбан развој. Последиците од ваков тип на развој на градот се проблеми како во делот на животната средина, економијата, екологијата, така и квалитетот на живеење на населението. При неодржлив развој се јавуваат големи разлики помеѓу потребите на граѓаните за развој, капацитетот на самиот град и простор и она што реално се случува на терен. Градот кој неконтролирано растење значи дека е економски слабо развиен град, туку упатува на фактот дека се работи за нерамномерен развој. Вакви градови се сретнуваат во различни делови на светот. Како покарактеристички градови од ваков тип се градовите Њу Делхи, Дака, Рио де Жанеиро, Сао Паоло, Мексико Сити, како и градови кои доживуваат економски напредок за краток временски период, како што се градовите во Кина, но и транзициските градови од поранешниот источен блок во кои спаѓа и град Скопје.

Тоа укажува на комплексноста која концептот на одржлив град е сложен да се спроведе во практика, како и на моментот дека само со холистички

пристап кој подразбира економски, еколошки, културни и практики на добро управување, може овие разлики да се ублажат и да обезбедат стабилен раст и развој на градовите. Како основа за развој на вакви градови се економијата, екологијата, доброто управување и културата. Токму за овие четири димензиина одржливост ќе стане збор во натамошниот текст.

### 5.1.1 Еколошка одржливост

Екологијата одамна веќе не е тема само на научните кругови во кои се расправа за последиците кои се предизвикани од процесите на индустријализација и урбанизација. Овие теми, заедно со климатските промени, станаа теми за кои се расправа на сите нивоа на јавниот дискурс. Речиси и да не може да стане збор за поголем проект кој се одвива на еден простор, а во текот на дискусијата да не се спомене влијанието кои тој зафат би го имал врз животната средина и неговите еколошки ефекти. Денес светот сè повеќе се преокупира и се насочува кон екологијата и нејзината одржливост. Како причини за тоа може да се наведат големиот број проблеми кои се резултат на урбанизацијата (комунален отпад, загадување на водата, уништување на земјоделски површини), сè поевидентните промени на климата, што се случуваат како последица на деценискити индустриско загадување и др. Паул Греј (Paul Gray) тоа го дефинирана како „Парадокс на технолошкиот развој". Тој во својата расправа ја објаснува двојната „природа" на технологија. Од една страна недвојбено е дека технолошкиот развој придонесе за значително подобрување на животот на луѓето: развојот на технологијата придонесе за зголемување на продуктивноста, создавање нови материјали, зголемување на ефективноста при работа, но истовремено придонесе идо зголемување на притисокот врз природните необновливи ресурси или нивно енормно загадување. Парадоксот е што во моментов технологијата, во спрега со науката, се повторно повикани да изнајдат решенија за настанатите еколошки кризи. Развојот на мега-градовите е еден од клучните моменти кои доведуваат до еколошки промени од неколку аспекти кои имаат директно влијание врз еколошката рамнотежа. Зголемувањето на бројот на население во градовите бара заземање сè поголема територија за населување, градење поголем број



сообраќајници и пропратна инфраструктура која, во комбинација со конзументаристичкот начин на живот, создаваат услови за развој на еколошки кризи. Затоа станува неопходно потребно, во контекст на развој на градовите, како една од базичните компоненти да биде вграден и моментот на еколошка одржливот.

Развојот на еколошката одржливост или одржливост на животната средина, доколку ја ставиме во урбан контекст, претставува анализа и мерења на одредени еколошки параметри, како што се: ниво на загадувања на водата или воздухот, понатака како индустријата влијание врз квалитетот на животната средина или одредени медиуми како што се водата, почвата или воздухот во одреден град или средина. Во многу случаи предмет на интерес не е самата одржливост, туку еколошките проблеми. Воопштено земено, еколошката одржливост може да се дефинира како „заштита на животната средина“ (Munier 2005:10. ). Како еден од поистакнатите примери на истражувања за ова тврдење, може да ја издвоиме книгата „Стари гревови-индустриски метаболизам, загадување со тешки метали и еколошка транзиција во Централна Европа“ (Anderberg et al. 2000), чиј фокус е на текот на материјали од тешката индустрија и нарушувањата и загадувањата од страна на истите во Централна Европа. Во ова дело не се разработува самиот концепт на еколошката одржливост, туку тоа е фокусирано строго врз реални еколошки проблеми (Anderberg et al. 2000).

За разлика од овој приод, во трудот „Моделирање на капацитетите на носивост на урбаните еко-системи (Xu et al. 2008),се дава повеќе осврт на теориските аспекти на еколошката одржливост. Авторите се задржуваат на одржливоста низ урбаниот еколошки систем и нивната поврзаност со социо економските аспекти. За да биде еден систем одржлив, тие го употребуваат терминост „носивот на град“ во еколошка смисла, односно оперираат со теориски модели кои може и треба да бидат развиениза анализа на еколошка одржливост. Како пример го наведуваат развивањето теориски модел на носивот, во смисла на тоа колку возила може една урбана средна или градска средина „да поднесат“ без притоа да се загрози или наруши квалитетот на еколошките елементи. Оваа теорија има допирни точки со утописките визии за градови во кои се поврзани сите елементи на одржливиот развој (Xu et al. 2008).



„Да се разбере одржливоста“ на Блевит (Blewitt,2008) дава генерален преглед на одржливоста и одржливиот развој, со акцент и на еколошката одржливост. Тој утврдува четири групи кои имаат директно влијание врз овој концепт и тоа слободниот пазар, био-енвироменталисти, институционалисти и сционални-екологисти. Она што ги разликува едни од други и размислувањата кои секоја од овие групи ги има, во однос на тоа како да се постави и како да се мери одржливоста и кои мерки треба да се презеамат, со цел моменталните конзумеристички ориентирани општества да се преструктуираат во одржливи општества и одржлив развој (Blewitt 2008). Тој предлага два пристапи на еколошката одржливост. Едниот е поповршен пристап, додека вториот е потемелен. Тоа, во основа, би значело дека за една појава или проблем, како на пример загадувања од одреден вид, пристапот за решавање би можел да биде поповршен и да се фокусира на моментално ублажување на последиците или краткорочно решение на еколошките проблеми; или потемелен, со навлегување во самиот бит на проблемот и негово решавање на подолг рок или целосно, што значи дека во различни области, како што се загадувањето, ресурсите и како може да седефинираат решенијана различно ниво. Ова исто така значи дека не постојат само идеолошки разлики помеѓу пристапите во еколошката одржливост, туку и практични разлики, кога станува збор за тоа колку далеку сакаме да одиме во заштитата на животната средина.

Секоја од овие групи делува на различен начин,често може да дојде до судир на различни мислњеа во однос на исто прашање помеѓу нив. Како потемелен пристап Блевит ги смета оние на социјалните екологисти и био-евнироменталистите кои не го критикуваат само еколошкото нарушување, туку нивната критика оди во насока на економијата и глобализацијата. Според нивните размислувања, тие не само што се нераскинливо поврзани со еколошките проблеми, туку во голем дел се и причинители на голем број проблеми од еколошка природа. Анализите на овие групи не се ограничени само на еден изолиран проблем, туку тој се гледа како поврзан со сите останати елементи во природата, односно како тој проблем има ефект врз луѓето, климатскиот режим во определен предел, неговите влијанија врз животинскиот и растителниот свет и сл.

За разлика од ова, кај останатите две групи слободниот пазар и институционалистите се сретнува поповршен пристап кон проблемите на

еколошките нарушувања и еколошката одржливост. Односно, најчесто овие групи се залагаат за решавање на еколошките проблеми низ економска перспектива со технолошки решенија, додека институционалистите се залагаат за построги регулации кои се однесуваат најчесто на технологиите кои може да бидат извор назагадувања. Видувањата на Блевит се добра основа за еколошкиот аспект на одржливиот развој,бидејќи тој во неговата теориска расправа нагласува дека фокусирањето само на еколошките проблеми не може да бидат решени само со еколошки мерки, туку тие се нераскинливо поврзани со поширокиот социјален контекс и само на тој начим може да бидат трајно решавани,осносно заедно со економската и социјалната одржливост (Blewitt 2008).

Кога се зборува за еколошката одржливост, секако таа е невозможно да се оттргне од локалниот контекст на збиднувања. Сосема различен е вредносниот систем на економски посилните држави кон прашањата на еколошките вредности, отколку земјите кои се економски неразвиени или земји во развој. Деградацијата на природата е и многу почеста појава во сиромашните делови на државите или во градовите. Социо-економската структура, во корелација со долгорочни визии и стратегии за развој, придонесуваат овие деградации да продолжат. Сплетот на околности, како што се неправилото урбано планирање за искористување на просторот, отсуство на развој на технологии и чисти индустрии, неадекватното управување со природните ресурси, корупцијата, отсуството на добро управување во политичка смисла не се само еколошки проблем, туку поширок културолошки социјален елемент кој сите свои недостатоци ги покажува преку создавање еколошки деградации. За разлика од ова, развиените земји својот интерес кон еколошата одржливост го насочуваат кон сѐ поголемо поврзување на човекот со природата и како природата да биде интегрален дел од секојдневното живеење.

Како заклучок може на наведеме дека еколошката димензија на одржливот развој може да има различни пристапии решенија, зависно која група се бави со овој аспект, а исто така таа е длабоко поврзата и со локалниот социо-економски контекст. Оттаму произлегуваат и тешкотиите во дефинирање на еден интегриран теориски пристап за тоа што е еколошка одржливост и кој е опфатот што треба да се дефинира со овој термин. Засега само неколку автори се баваат и се обидуваат да втемелат теорија на еколошки аспект на одржлив

развој во нивните истражувањаи секој од нив дава различно толкување за тоа што во теоријата претставува одржливот развој, а според тоа натака се развиваат и различни интерпретации на истите.

### 5.1.2 Економска одржливост

Градот е продукт на економската активност и диференцијата на трудот и како таков го почнува својот „живот“ на општесвен облик кој останува привлечен сѐ до денес. Одреден број градови стануваат привлечни како места за живеење токму поради својата економска моќ, која на сите оние кои тргаат по подобар живот им нуди можност тој подобар живот да го најдат токму во градот. Во крајна поедноставена форма, дури и кога зборуваме за одржливоста, иако таа примарно делува како еколошки концепт во својата суштина ја има економската нишка, бидејќи едновремено идејата за одржливост на градовите треба да ги балансира потребите на човекот во економска смисла на висок квалитет на живеење, а, од друга страна, да ги задржи на високо ниво и еколошките стандарди. Исто како и во претходниот случај постојат обиди за дефинирање на поимот „економска одржливост“ во малку поширок контекст отколку класичните економски теории за раст.

Теориите за економски аспект на одржливиот развој се исто така малубројни, односно повеќе се однесуваат на конкретни теми и проблеми отколку на теориски концепти, во смисла како би требало градовите да бидат развивани како би се обезбедил одржлив економски раст и развој. Економската одржливост може да ја дефинираме како економски раст и развој, но, според Муниер, „Економскиот раст не мора да подразбира и подобар квалитет на живеење...“ (2005:17). Според ова, одржлив економски раст треба да се дефинира како сет акции и планови кои ќе овозможат создавање одржливо општества во смисла на зголемување на доход, еколошки и економични технологии, но во тој раст и развој мора да се вклучи и компонентата на долгорочен одржлив развој, кој на наредните генерации ќе им даде можност истиот развој да го продолжат во иста насока (Minuer 2005, Ekin 2008). Тоа би подразбирало дека природниот капитал, кој не може да биде надоместен од произведен капитал, мора да биде заштитен,со што истиот ќе може биде на



располагање за идните генерации, затоа што економски стабилни општества доведуваат и до поголема социјална стабилност.

Економската одржливост најчество се анализира низ призмата на класичните економски теории и врз база на развој на нови технологии кои би имале помалку штетно влијание врзживотнатасредина. Економскиот раст во одржлива смисла исто така би требало да има ефект на редистрибуција на т.н. „Trickle Down effect“, што би значело дека и економски послабите слоеви би имале полза од тој економски раст преку отворање на повеќе „зелени`` работни места, но и преку оданочувања на одредени добра. Економскиот аспект оди подалеку од распределбата на монетарниот капитал и навлегува во реорганизирање на користењето на природниот и социјалниот капитал. Овие размислувања своја основа наоѓаат во теориите за развој во економијата,затоа и најчесто решенијата кои произлегуваа се пазарно ориентирани решенија (Bassiago,1999).

Постојат обиди да се комбинираат неколку аспекти на одржливост од економска гледна точка. Еден од нив е моделот на четири капитали, преку кој се мерат одредени елементи на град или регион во која мера тие се развиваат во одржлива смисла. Според овој модел се мери социјалниот, индустрискиот, човечкиот и природниот капитал. Анализата се базира на бенефитите кои може да ги генерирасекој од овие сегменти (Ekins et al 2008). Ова значи поврзување на повеќе елементи на одржлив развој,односно:„Задоволување со човечките потреби и зголемување на квалитетот на живееење (преку потрошувачка, обезбедување на вработување, добро здравје, наградување на лични односи ифункционирање на социјалните институции, со почитувањена целиот спектар на еколошки добра и услуги) може да се смета дека произлегуваат од вредностите што ги донесува капиталот од погоре споменатите категории. Притоа одржливоста бара овие капитални резерви да се оптимални и да се одржуваат или зголемуваат со текот на времето“ (Ekins et al 2008:. 66).

Економската одржливост ги гледа проблемите н во модерните општества во поставеноста на економските системи и пазарно и ориентираната економија која генерира социјални и еколошки проблеми. Иако во основа и овој аспект се фокусира на практични решенија за проблемите, истиот прави напори своите истражувања да ги постави и во теоретски рамки во една поширока теорија на развој. Проблемот пред кој е исправена теоријата за економска одржливост е



како да се дојде до решение во кое, од една страна, ќе биде гарантиран економски раст во иднина во услови на ограничени ресурси. За да се дојде до ваков драматичен пресврт, потребни се глобални рефединирања на постојните економски политики и текови, односно промена на глобалната економска свест дека е неопходно да се дојде до замена на квантитаивниот раст во квалитативен раст.

5.1.3 Социјална одржливост

Социјалната одржливост, за разлика од економската и еколошката одржливост, не е строго насочена кон давање решенија на конкретен проблем, туку повеќе е насочена кон социјалните проблеми на ниво на општество на локално и/или регионално ниво, со повеќе теориски насоки. Расправите одат во насока на изнаоѓање решенија на погенерално општествено ниво повеќе отколку останатите два сегменти. Социјалната одржливост ги третира прашањата на сиромаштијата, социјалната инклузија, невработеност, нееднаквост, интеракција помеѓу различни групи и сл. и тие се насочени како на мометалната состојба, така и кон идните генерации (Ekins et al. 2008, Partridge 2005). Градовите како своја константа ја имаат својата социјална нееднаквост. Кога зборуваме за неедаквост, таа може да биде економска, еколошка, културолошка или политичка нееднаквост. Не секоја група може да ги изрази своите потреби и барања и истите да бидат задоволени, доколку истата не поседува одреден облик општесвена моќ (политичка или економска). Меѓутоа, како социјална одржливост најчесто се смета како градот или една заедница постапува по прашањата на сиромаштијата и општествената исклученост, а во поново време и ангажираноста на граѓаните во делот на донесување урбани решенија. Меѓутоа, бидејќи социјалната одржливост може да се смета и „систем на социјална организираност кој ги ублажува последицитте од сиромаштија“, истовремено поврзува и повеќе социјални елементи, како што се сиромаштија и намалување на квалитетот на животната средина...“ (Bassiago 1999: 152). Исто така, под социјална одржливост се смета и воспоставувањето комуникација помеѓу граѓаните икреаторите на политики. Односно одржливоста, во социјална смисла, ја вклучува пошироката заедница во донесувањето одлуки и креирањето поликити кои се од значење за локалната



заедница. Под ова може да се доведе не само овој аспект на одржливиот развој, туку и севкупниот контекст бидејќи, во крајна линија, одржливото општество не може да функционира без активно учество и вклучување награѓаните во овие активности и без нивно активно знаење за одржливоста и одржливот развој (Bell and Morse 2006).

Засега овие прашања се решаваат со развивање практики, а помалку на научни методи и концепти кои би обезбедилеразвој на концептуални рамки запостојана вклученост на граѓаните (Partridge 2005). Според Партриџ, битно е да се разликуваат термините социјална одржливост и социјален одржлив развој. Социјалната одржливост е поврзана со економскиот развој, додека социјалниот одржлив развој оди надвор од економските рамки и расправа на социјални теми, како што се намалување на нееднаквости, социјално исклучување и слично (Partridge 2005). Партриџ тврди дека социјалната одржливосте занемарена од страна на креаторите на поликити, за разлика од економската или еколошката. „Концептуалната рамка за социјална одржливост е препознаенакако недоволно развиена“ (Partridge 2005: 6). Делумно делови на социјалната одржливост може да се најдат можеби во политиките од економска одржливост, но тие се далеку потесни во темите кои ги обработува социјалната одржливост.

Критички осврт за урбаната социјална одржливост доаѓа од Чан и Ли (Chan and Lee). Во нивниот труд „Критички фактори за подобрување на социјалнта одржливост на проектите за урбана рененерација“, тие прават поврзување на урбаното дизајнирање ставено во контект на урбаното планирање, односно, како што велат: „Социјалната одржливост се однесува на одржување и подобрување на благосостојбата на сегашните, но и идните генерации“ (Chan and Lee 2008: 245). Според нив, социјална одржливост треба да ги задоволи побарувањата на жителите во однос на создавање хармонична животна средина, конзервација на ресури и околина, олеснување на секојдневните активности, достапност до отворен простор и сл. Ова треба да се базичните вредности кои секој еден проект кој се однесува и на урбана регенерација треба да ги исполни како би довело до зголемување на социјалната одржливост.

Од сето наведено може да се заклучи дека, како и во претходните случаи, има различни пристапи според кои може да се анализира социјалната одржливост која подразбира социјална правда и правичност. Мнозинството автори се со став дека постигнувањето на овие заложби моментално се жртви на



економскиот систем на денешните општества и дискусиите кои се водат сѐ повеќе одат во насока на надминување на овие состојби.

### 5.1.4 Културна одржливост

Урбаната реалност на одреден град не може да биде анализирана, а уште помалку разбрана, ако не се земе предвид анализата и нејзиниот културен контекст. Кога зборуваме за историјата на еден град, држава или нација, речиси без исклучок зборуваме за културните обележја наеден град, држава или нација. Впрочем, токму културолошките разлики се тие кои го разликуваат еден град, група или нација оддругите. Овие културни обележја секако се продукт на комплексни историски текови и влијанија од различна природа, но токму тие ја чинат културната различност на определена група и особености на определен град. Ова е посебно важно бидејќи кога зборуваме за урбана одржливост, не може поинаку да ја анализираме и насочуваме рамката на иден развој, ако добро не го познаваме културниот супстракт на градот, со сета негова разнобојност. Луис Мамфорд во „Градот во историјата“ ќе забележи дека за да се разбере историјатот на градот, разбирањето на неговиот културен бит е од клучно значење. Од големо значење за разбирањето на улогата на културата за развој на градот среќаваме и кај Вебер. Одредувајќи ги особеностите на античките и средноевропски градови од 9 до 13 век во „западни рамки“, Вебер потврдува дека постојат и поинаков тип на градови, кои настанале под поинакви културни услови (Pušić,2001). Европскиот тип на град, во културолошка смисла, е само еден тип на град, кој по многу нешта се разликува од градовите на Медитеранот или Далечниот Исток. За културниот контекст на градот Парк (R. Park) ќе забележи:„...градот поседува своја сопствена култура, затоа што градот е културно подрачје“. Процесите во градовите се делумно и процеси на преплетување на културни влијанија, па оттука се поставува и прашањето за можноста на културната различност да придонесе на урбан одржлив раст и развој. Културниот идентитет се јавува како силен принцип на препознатливост на определен простор или група. Моментално на светско ниво се случуваат два спротивставени процеси. Едниот е процес на високо културолошко профилирање по верска, јазична или етничка основа, а вториот е процес на



интеркултурализација и културен плурализам. На ниво на град овие процеси се одвиваат паралелно и истите се катализатор или продукт на промените кои се случуваат на културно ниво. Неретко, меѓутоа, токму културните одлики на населението може да бидат и извор на конфликти, посебно во градови кои минуваат низ периоди на транформација, или во градови кои се населени големи групи кои меѓусебе имаат големи културолошки разлики. Урбано-културниот идентитет се јавува како носител на серија на квалитетни и културни обрасци кои учествуваат во културното профилирање на општеството (Pušić,2001:187). Истиот воедно е и база врз која се гради културната одржливост на еден град бидејќи, концентрирајќи ги најдобрите културни елементи, истите може да бидат сфатени како културен капитал кој натака може даима улога на сврзно ткиво, врз кое понатака ќе се развива културолошкиот развој на градот. Секако, одржливот културен развој подразбира и зачувување и негување на културните особености и културното наследство било тоа да е од материјално или нематеријално потекло. Незамисливо е еден град да има аспирација за културен раст, без притоа да ги почитува и негува културните традиции. Градот, посебно неговите плоштади, споменици и слично, се места на колективна меморија. Токму тие се местата на кои се гради колективниот идентитет, а тој не е можно да се создаде доколку не се потпре на културата која е создавана низ подолг временски период. Иако културата има голема улога во концептите на одржлив развој и одржлив град, дури по последните неколку години го добива потребното внимание. Културната одржливост истражува на кој начин културниот идентитет, како социјален капитал, може да придонесе кон одржлив раст и развој. Иако на прв поглед можеби овој сегмент не е толку поврзан со останатите три, со подлабока анализа, несомнено е дека постојат врски на културата со економската, еколошката и социјалната одржливост. Културата може да биде можност преку која може да се генерираат нови работни места преку креативни индустрии, социјалната одржливост може да биде поткрепена од културата преку зголемен граѓански активизам или инклузија на одредени групи во општеството, додека екологијата и културата, преку низа на активности на регенерација објекти и простори да се подигне еколошката свест на луѓето. Културната одржливост ги дава одговорите на прашањата дали и како урбаниот простор има одлики на позитивен културен идентитет кој придонесува луѓето да се зближуваат, и покрај нивните различни



културни карактеристики. Обично за позитивни урбани средини се сметаат оние кои кај луѓето предизвикуваат чувство на припаѓање и идентификација со определен простор, простор во кој постои почитување на различни култоролошки, јазички, етнички и религиски карактеристики. Културната одржливост исто така подржува и културно изразување на различни идентитети преку уметнични изрази, како што се сликарството, книжевноста, музиката, танцот. Дава можност за креативност и иновативност. Како што и погоре напомнавме, културната одржливост во својата суштина ја има и културната историја, но и создава простор за можните културни форми во иднина, ги инкорпорира традицијата, ја разбира нивната различност и истите ги става во состојба на коезгистенција на еден заеднички културен простор.



Слика 11.Пример за комбинација на културен и еколошки простор, Бук музеј на уметности, Сеул, Јужна Кореја

## 6. За метаболистичкото движење и утопистичките идеи за градоградба

Овој дел се однесува делумно на метаболистичкото движење кое, иако се јавува во Јапонија, има свое влијание врз просторното обликување на град Скопје бидејќи, како еден од највлијателните архитекти кои го обликуваат ова движење е и Кензо Танге, чии контури и идеи се вткаени во планот за обнова на Скопје.

Развојот на урбанистичките планови за градови често во себе има и црта на утопизами често може да се најдат и утопистички урбанистички планови и визии. Ова е посебно видливо во периоди кога општествата поминуваат низ драматични промени, било тоа да се политички, економскиили културолошки промени. Бројни се примерите на вакви промени како низ Европа, така и пошироко. Како историски периоди од овој тип може да ги издвоиме Италија во времето на ренесансата, Франција после големата Револуција, Русија после Октомвриската револуција, па дури и периодот на Германија во 30-тите и 40-тие години.

Јапонија, во периодот на 50-тите и 60-тите години на минатиот век,е земјата во која се развиваат некои од најимпозантните примери на утописки планови за развој на градови. Овие планови се плод делумно и на „Метаболистичкото движење“, основано од група јапонски поствоени архитекти кои на градот гледаат не како на статичка форма урбани облици, туку како на жив систем сличен на биолошките системи. Ова можеби и не треба толку да зачудува со огледна тоа дека во јапонската филозофија за животот, човекот и природата се испреплетени, што се гледа и во нивниот секојдневен начин на живот, а од друга страна овој тип размислувања се и начин Јапонија да се ослободи од сликатаза земјата која се создава во текот на Втората светска војна. На некој начин новиот бран архитекти преку архитектурата се обидува да ја реизгради Јапонија, оставајќи го темниот дел на јапонската историја, преку нови форми кои гледаат кон иднината.

Движењето почнува во 1960 година, кога група јапонски архитекти го објавува нивниот манифест „Метаболизам, предлози за нов урбанизам“, на



Светската конференција за дизајн во Токио. Манифестот повикува на радикални промени во планирањето на градовите, во насока на создавање постиндустриски градови. Овие футуристички планови се, секако, и под влијание на оптимизмот кој го зафаќа светот во периодот на 60-тите години, поттикнат од брзиот индустриски,технолошки и научен напредок, кој развој ја зафаќа Јапонија и ја востоличува како една од технолошки најразвиените земји во светот. Во ерата на утописки идеи, овие архитекти сметаат дека градовите во иднина ќе растат и ќе се развиваат согласно теоријата на еволуција и процеси на метаморфоза, слично како во природните процеси на еволуција на живите организми. Овие нивни размислувања се поклопуваат со брзиот економски развој на поствоена Јапонија, кој развој ќе стане и синоним за развојот не само на Јапонија, туку и на овој дел на светот. Метаболистите, покра јновиот тип на урбанизам, се залагале и за поширока социјалнатранформација на јапонското општество на политички и културен развој на поствоена Јапонија. Метаболистите ги користат биолошките процеси и истите ги пресликуваат на архитектонско ниво, вградувајќи ги процесите на животни циклуси, во кои процесот на креирање и рекреирање е непрекинлив. Посебно важно место во целиот концепт е да се воспостави врска помеѓу урбанистичкото планирање, функционирањето на институциите, но притоа да се постигне слобода на поединецот. Метаболистите, на некој начин, може да се рече дека се основоположници на она што денес се нарекува „одржлива архитектура“, иако терминот во својата основа се однесува на еко-градби и енергетска ефикасност, неоспорно е дека овој вид на промени може да претставува почеток на преобразба на начинот на којшто фунционираат економските текови на конзумеристичките општества и премин кон поодржливи општества. Втората одлика на ова движење е неговата универзалност. Движењето не ги базира своите принципи на јапонската култура или културен идентитет, туку, потпирајќи се на био-принците и био-структурите, тие овој концепт го прошируваат на можноста за применливост на планетарно ниво. Културната адаптација концептот ја црпи од локалните култури преку симболизмот и стилизираните архитектонски форми, изразени преку техно-утописки архитектонски изразни решенија. За нив „градот е процес“, урбана структура која ја има моќта и можноста за метаболитички социјални процеси кои, во услови на социјални промени и постојан раст, ќе ја има можноста да се прилагоди на промените. Градот, според метаболистите,



може да расте константно, од сегашноста кон некоја далечна иднина, без притоа во тие процеси да изгуби од својата суштина и важност. Тие на градот гледаат како на жив организам од кој некои елементи се постојани, други ефемерни (Ling, 2010). За да може овие две наизглед спротивни идеи да се комплементарни и да обезбедат одржлив раст и урбана регенерација, тие предлагаат компоненти кои се лесно заменливи и кои може да бидат менувани согласно потребите на градот. Групата која го втемелува ова движење ги вбројува визонерските архитекти, како што се: Кијонори Кикутаке (Kiyonori Kikutake), Кишо Курокава (Kisho Kurokawa), Фумихико Маки (Fumihiko Maki), Масато Отака (Masato Otaka) и Нобору Кавазое (Noboru Kawazoe), како и архиектите и урбанисти како што се Кензо Танге (Kenzo Tange1913–2005)и Арата Исозаки (Arata Isozaki).

Иако Танге формално не бил член на ова движење, тој практично бил негов основоположник ако се земе предвид дека оваа група била групата која била вклучена во организирањето на Светската конфереција за дизајн во Токио во 1960, од каде и потекнала целата идеја. Монументалните визионерски идеи на Танге биле поттик за помладите архитекти да ги доразвијат идеите, додека повремената соработка со нив имала и влијание и врз проектите на Танге. Тоа е видливо во планот за развој на заливот во Токио (Tokyo Bay Plan), во кои од една страна се вградени радикалните размисли на Танге, а од друга утописките визии на метаболитичкото движење. Во него се видливи предлозите за трансформација на урбанистички структури на Токио и за негово преобразување во пост индустриски град.





Слика 12.Планот на Танге за Токискиот Залив

Клучната разлика помеѓу утописките идеи и рационалните планери, според Роберт Фишман (Robert Fishman), е во нивниот став кон промените во општеството. Тука лежи можеби главниот предизвик кој се исправа пред ваквите утописки движења, кои пројавуваат идеји за коренити брзи промени за кои општествата со сета своја комплексност не се подготвени да ја прифатат. Самата реалност во која би требало да се случат овие промени е поинертна во однос на радикалните идеи кои ги носат овие утопистички дизајни. Управувањето со големи градски средини самото по себе е предизвик, бидејќи растот некогаш е неконтролиран и пребрз за да може градот да биде планиран според утопистички идеи, а од друга страна економската странана овие идеи е исто така ограничувачки фактор за реализирање на некои идеи.

Сепак, ваквите идеи не се нови, ниту непознати. Во таа насока и Мамфорт вели дека „првата утопија била и градот сам по себе“. Уште од неговото појавување градот е место нареобмислување, каде што човекот ги проектира своите замисли за идеално место за живеење, можеби повеќе како идеал кој веројатно никогаш нема да биде достигнат, многу повеќе отколку како реална можност за истото да се случи. Во таа насока Карл Маинхејм (Carl Mainhaim) на поимот на утопија гледа како на „состојба на умот“. Според него, состојбата на умот е утописка сама по себе, со оглед на тоа дека не соодвествува со реалноста. Односно, повеќе е насочена кон идеи кои реално не постојат. Но, според него, не сите идеи ги перцепираме како утописки. Тенденцијата е утописки да се сметаат оние идеи кои имале можноста да бидат надминати само

како идеја и да се претворат во реалност, а истите не успеале. Сепак, кога зборуваме за утописки идеи, тие не се целосно неповрзани со реалноста. Секогаш темелот врз кој се градат овие идеи се наоѓа во реалноста. Често појавата на утопистички идеи може да се поврзе со периоди кога се случуваат големи општествении социјални промени, односно во периоди кога доаѓа до судир помеѓу старо воспоставениот ред и желбата за нов поредок. Затоа можеби често овие идеи и замисли се во спротивност со постојните идеи, наместо нивен продолжеток. Ренесансата и индустриската револуција се еден од примерите за нови утопистички идеи, како на општествено социјален план, така и во поглед на урбаното планирање. Оттаму слободно може да кажеме дека и метаболистичкото движење не е случајно настаното. Хаосот кој ја затекнува Јапонија после Втората светска војна претставува плодна основа, преку која архитектите сакале да го реструктурираат не само градот како форма, туку и да создадат модерно општество, поинакво од она во минатото. Две идеи преовладуваат во овој период: рационална утопија и либерална утопија (Lin,2010). Рационалната утопија оди во насока дека општеството и планирањето, како дел од него, се системи кои треба да бидат високо централизирани и структурирани, додека либераната утопија се однесувала на децентрализиран систем на уредување. Идеите за демократско уредување имале своја улога и во урбаното планирање.

Како експериментални идеи кои се однесуваат на градоградење се идејата на Ебенезер Хауард (Ebenezer Howard) за градови-градини на Френк Лојд Врајт „Бродакар“-град (Frank Lloyd Wright, Broadacre City) и Ла Курбисие (Le Corbusier) „Современ град`` (The Ville contemporaine, 1922).






Слика 13. План на град „Градови градини на утрешнината“ („Garden Cities of tomorrow“, 1902) Ебенезер Хауард

Ебенезер Хауард, во своето дело „Градови градини на утрешнината“, го изложува своето гледиште во која насока би требало да се развиваат градовите. Според него, овие градоди треба да се планираат како самостојни заедници кои би биле опкружени со „зелени појаси“ што ќе содржат и области на резиденции (домување), индустрија и земјоделски површини. Според него, секој од овие градови треба да има 32.000 жители на 2.500 хектари. Градот е конципиран како концентричен модел со отворени простори, паркови и булевари кои водат кон центарот на градот. Во моменто кога градот ќе ја премине бројката на жители, тогаш во близина се подига друг град според истите принципи.

Врајт градот го замислувал како децентрализирана заедница во која се почитува правото на приватна сопственост, како и изборот на животен стил со запазување на правото на минимун простор по жител. Добро испланираната сообраќајна мрежа, според него, е клучниот фактор кој ќе ја даде базата за еднакви можности за развој и демократија на сите жители во градот.




Слика 14.Бродакар, детален план,Франк Врајт Ллојд

Идејата за еднаквост и демократија се моменти кои се среќаваат и во идеалните градови на Ла Курбизие, со таа разлика што кај Ла Курбизие не се среќава моментот на децентрализација бидејќи, според него, доброто урбано планирање побарува поголема централна контрола и усогласеност, која вклучува и употреба на напредни технологии во процесот на спроведување на урбаното планирање. Неговиот „современ град“ (1922), според него, претставува идеална форма на град која е карактеристична за индустриското доба и се карактериза со ефикасност, централизираност и геометриски ред.



Слика 15. „Современ град“ (Ville Contemporaine), макета на идеалниот град на Ла Курбизие,1922

Во таа насока и идеите кои се развиваат од метаболистите, а се продолжение на утопистичките идеi од минатото се поттикнати од моментумот на научен и технолошки развој во 60-тите. Поттикнати од ова метаболистите сакале да покажат кој е потенцијалот кој технологијата, преку просторното планирање, може да го има во процесот на менување на социјалната структура. Овие промени во планирањето, кои предвидувале големи промени во урбаните форми, секако имале и влијание врз развојот на мобилноста на луѓето и слободата на поединецот. Драматичните социјални промени се често видливи во просторот како архитектонски и урбани форми кои се развиле под влијание на идеите кои предовладувале во периодот во кој истите се создавале и се, на некој начин, материјализација на идеолошките замисли на тоа време. Голем број од горе наведените идеи делумно ќе најдат свое место и во Планот на Танге за Скопје.

### 6.1 Симболизмот и структуралноста во просторот

*Спротивно на архитектурата на минатото,*
*современата архитектура мора да биде способна*
*да одговори на променливите потреби на современата ера.“*
*- Кијонори Кикутаке*

Метаболистичкото движење, земајќи ги за основа био-постулатите, исто така се обидува биолошките структури да ги интерпретира на архитектонски начин. Како резултат на овие идеи, се појавуваат архитектоски решенија како што е примерот на „Небесна куќа“ (Sky House), уште наречена „ќелија“, дизајнирана и изградена (1958) од страна на архитектот Кионори Кикутаке (Kiyonori Kikutake1928–2011). Како еден од основачите и приврзаник на структурализмот, Кикутаке развива план кој е олицетворение на овие принципи. Просторот се состои од еден отворен простор, кој лебди над конструкција на водоводни елементи. Конструкцијата има можност за проширување на просторот, согласно потребите на семејството. Отвореноста на просторот е симболиката на јапонската традиција за отворени и флуидини простори. Ова е и првиот прототип кој од план доживува своја реализација.



Слика 17.„Небесна куќа“,1958,Кионори Кикутаке

Танге исто такаво неговите планови го вклучува симболизмот во процесот на планирање. Во текот на годините Танге ја истражува внатрешната структура на градот, односно урбаните форми и простори во нивните метафизички одлики и го вклучува симболизмот во процесот на урбаното планирање. Според него, урбаните простори треба да се планираат како „полиња за комуникација“. Симболизмот е важен за урбаниот дизајн бидејќи му дава идентитет на просторот и ја дава неопходната рамнотежа помеѓу човекот и технологијата. „Јас се осмелувам да кажам дека ни треба симболичен пристап кон архитектурата и урбаниот простор, со цел да се обезбеди човечност, човечко значење и човечка вредност во архитектурата и урбаниот простор“. Воден од овие негови идеи, симболизмот станува и преовладувачки елемент во планот за реконструкција на Скопје со планот од 1965 година. Градот требаше, според неговата замисла, да се обедини околу идејата за Градска порта и Градски ѕид како метафора на традиционални урбани елементи. За него вградувањето на симболички елементи во урбаните решенија беше корисно како во планирање на нешто со кое градот може да се идентификува, како и нешто кое ќе биде разбирливо за општеството.



# Глава 2



# 7 Природни карактеристики на Скопската Котлина од важност за урбаното планирање

За да се разбере сегашноста на еден град, посебно кога зборуваме за неговото урбанистичко планирање во еколошка смисла, неопходно е да гиземеме предвид природните карактеристики на просторот во кои се сместен градот, како и политичко-социјалните односи кои го обликувале градот низ историјата и денес. Како што беше напоменато во претходното поглавје, голема улога во развојот на градот имаат природните услови, како што се рељефот, климатскиот режим, водните и останати природни ресурси. Природните фактори во голема мерка го детерминираат урбаното планирање на градот, бидејќи претставуваат материјална база врз која понатаму се создава социјалниот материјал на градот. Од еколошка гледна точка, познавањето на природните особини на градот е неопходност за урбаните планери за да може правилно да ги согледаат ризиците, а кои може да имаат последици во случај на погрешно планирање и проектирање. Ова посебно се однесува на познавањето на водниот режим на регионот во кој лежи градот, ветровитоста, бројот на снежни и сончеви денови и слично. Сето ова е потребно бидејќи недоволното познавање на овие елементи можеда доведе до зголемени ризици по здравјето и животот на жителите во градот. Посебно е важно да се има познавања од овие области, бидејќи моментално светот се соочува со заканите на климатските промени, со што овие елементи добиваат уште поголема тежина. Во продолжение накратко ќе бидат прикажани природно-географските карактеристики на Скопската Котлина, кои понатаму ќе ни послужат и како добра основа за разбирање на некои од еколошките состојби и проблеми со кои се соочува главниот град.

Скопската Котлина е сместена помеѓу планините Водно (со врвот Крстовар, 1066 мнв), масивот Јакупица Караџица со врвот Солунска Глава (2450мнв), Осој (1506 мнв), Жеден (1260мнв) и Скопска Црна Гора (1561мнв). Скопската Котлина е затворена од јужната страна, што спречува директни

влијанија на медитеранска клима, додека отвореноста кон север и северозапад овозможува непречено влијание на континентални воздушни маси, кои во ладниот дел на годината условуваат ниски температури.

Скопската Колина се простира во правец северо-запад кон југо-исток, со должина од 47 km. Ширината варира од 28 до 50 km, а површината изнесува 2100km$^2$ , додека градот Скопје е распространет на површина од 1818km$^2$, 23km во должина и 9 km во широчина. Скопје се протега на 42º 00' северна географска ширина и 21º26 'источна географска должина, на 230 – 240 мнв (ГУП,2012).

### *7.1 Врнежи*

Просечните врнежи во Скопската Котлина изнесуваат 525 mm и, според тоа, спаѓа во посушните предели на државата. Врнежите се нерамномерно распределени: како најврнежлив период е мај, потоа ноември, додека најсушни се јули и август. Друга карактеристика на режимот на врнежи е појавата на поројни дождови во потоплите месеци на годината.

| Интензитет и времетраење на врнежи (изразено во литар/секунд на хектар) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Времетраење | | | | |
| Период на појавување | 5 минути | 10минути | 15 минути | 20 минути | 30 минути |
| Секоја петта година | 197 | 175 | 155 | 134 | 104 |
| Секоја втора | 180 | 150 | 125 | 108 | 82 |
| Секоја година | 150 | 115 | 94 | 79 | 60 |
| Два пати годишно | 111 | 87 | 70 | 58 | 45 |

Табела 1. Интензитет и времетраење на врнежи во Скопската Котлина



| Година | Месечни врнежи. Mm | | | | | | | | | | | Годишно (mm) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ноем | Дек | |
| 1980 | 58 | 21 | 22 | 19 | 107 | 25 | 13 | 12 | 30 | 94 | 31 | 63 | 494 |
| 1981 | 24 | 19 | 17 | 65 | 12 | 51 | 76 | 53 | 91 | 95 | 108 | 58 | 671 |
| 1982 | 5 | 38 | 44 | 51 | 36 | 5 | 48 | 41 | 17 | 49 | 55 | 36 | 425 |
| 1983 | 1 | 18 | 23 | 43 | 48 | 124 | 58 | 28 | 39 | 24 | 70 | 102 | 578 |
| 1984 | 31 | 90 | 47 | 37 | 39 | 29 | 24 | 45 | 21 | 7 | 38 | 37 | 445 |
| 1985 | 79 | 31 | 28 | 23 | 46 | 46 | 13 | 11 | 12 | 16 | 144 | 11 | 460 |
| 1986 | 82 | - | 35 | 21 | 42 | 60 | 51 | 6 | 12 | 35 | 22 | 23 | 390 |
| 1987 | 48 | 33 | 86 | 44 | 47 | 33 | 1 | 27 | 20 | 41 | 63 | 39 | 481 |
| 1988 | 11 | 34 | 37 | 20 | 32 | 49 | 14 | - | 20 | 30 | 87 | 46 | 380 |
| 1989 | 3 | 6 | 21 | 49 | 178 | 74 | 30 | 39 | 12 | 42 | 32 | 39 | 524 |
| 1990 | 2 | 16 | 12 | 69 | 24 | 19 | 24 | 17 | 12 | 10 | 13 | 158 | 375 |
| 1991 | 26 | 86 | 32 | 76 | 47 | 10 | 150 | 3 | 41 | 48 | 44 | 6 | 567 |
| 1992 | 14 | 7 | 18 | 162 | 35 | 110 | 42 | 2 | 16 | 35 | 63 | 74 | 579 |
| 1993 | 56 | 27 | 64 | 14 | 23 | 13 | 20 | 22 | 19 | 38 | 63 | 31 | 388 |
| 1994 | 57 | 33 | 1 | 43 | 41 | 24 | 50 | 17 | 12 | 32 | 8 | 70 | 388 |
| 1995 | 71 | 20 | 60 | 45 | 70 | 49 | 74 | 50 | 85 | 0 | 43 | 138 | 705 |
| 1996 | 63 | 61 | 36 | 38 | 51 | 21 | 8 | 19 | 135 | 13 | 34 | 57 | 536 |
| 2002 | 17 | 15 | 56 | 79 | 47 | 16 | 71 | 99 | 83 | 67 | 15 | 156 | 722 |
| 2003 | 113 | 16 | 2 | 32 | 93 | 62 | 2 | 12 | 21 | 91 | 26 | 27 | 497 |
| 2004 | 43 | 26 | 40 | 44 | 55 | 55 | 61 | 16 | 63 | 27 | 63 | 38 | 532 |
| 2005 | 44 | 23 | 39 | 23 | 72 | 38 | 37 | 73 | 34 | 50 | 39 | 102 | 575 |
| 2006 | 51 | 56 | 58 | 24 | 19 | 95 | 39 | 29 | 43 | 57 | 13 | 10 | 495 |
| Средно | 40. 9 | 32. 0 | 35. 4 | 46. 3 | 52. 9 | 45. 9 | 41. 2 | 29. 6 | 38. 0 | 41. 0 | 48. 8 | 60. 1 | 512 |

Табела 2. Месечен распоред на врнежи,извор 1980 – 1996 од ЈИЦА „Студија за интегриран развој на воднитересурси и мастер план за управување со водите во Република Македонија“. 2002 – 2006 од УХМР

Познавањето на интензитетот и распоредот на врнежите е од важност при подготвување на активности за канализациска мрежа и капацитети за прием и управување со води од дождовница, како и заштита од поплави.

**7.2Ветрови**

Режимот на ветрови во Скопската Котлина е директно под влијание на распоредот на планини и клисури. Во Скопската Котлина се разликуваат два режими на ветрови. Во градскит дел на Котлината со најголема зачестеност е западниот ветер, додека во отворениот источен дел на Котлината најголема



зачестеност има севериот ветер. Тоа што е посебно важно да се нагласи, а е од важност и за темата на овој труд, е зачестеноста н атишини (периодот од крајот на октомври до почетокот на февруари, во кој нема поголеми струења на воздухот, Лазарески,1993). Оваа климатолошка појава е позначително зачестена во западниот, односно градскиот дел на Котлината, отколку во источниот дел. Просечната годишна зачестеност на тишини изнесува 438% промили, односно од 1.000 мерења во 438 случаи било без воздушни струења. Најголем обем на денови со ветровни тишини е концентриран во месеците октомври, ноември, декември и јануари. Источниот дел на Котлината е значително поветровит, со ветровни тишини од 294 % промили, со максимум на присутноство декември (418%), ноември (396%) и јануари (380%).

Табела 3. Зачестеност и правен на ветрови во Скопска Котлина

| N | NE | E | SE | S | SW | W | NW |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 142 | 120 | 56 | 114 | 82 | 37 | 74 | 81 |




Слика 17. Ружа на ветрови Скопска Котлина

### *7.3 Температура*

Највисоката средномесечна температура на воздухот обично се регистира во месец јули, додека најниската во јануари. Средногодишната температура на воздухот за мерната станица Скопје – Петровец изнесува 12.2 ºC, додеказа станицата Скопје – Зајчев Рид изнесува 12.6ºC.

| Мерна станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Годишно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје–Петровец | 0.2 | 3.0 | 7.4 | 12.2 | 17.2 | 21.3 | 23.5 | 23. | 188 | 12.6 | 5.9 | 1.3 | 12.2 |
| Скопје–Зајчев Рид | 0.6 | 3.1 | 7.5 | 12.6 | 17.6 | 21.5 | 24.1 | 23.6 | 19.2 | 13.2 | 6.6 | 1.7 | 12.6 |

Табела 4. Средномесечни температури,Скопска Котлина, извор УХМР

Температурните параметри во Скопската Котлина, параметри на температурни екстреми во Котлината, има вкупно температурно колебање од 67,1 С. (А. Лазаревски,1993). Како уште една карактеристика на климата во Скопската Котлина се температурните инверзии. Температурните инверзии на воздухот најзастапени се за време на зимскиот период. Најниските температуриво зимскиот период на температурните инверзии се во нискиот дел на Котлината, а високите температури се регистрирани во повисоките делови. Температурната разлика, во услови на инверзија помеѓу ниските делови од Котлината и околните делови, може да биде и поголема од 10ºC, во зависност од интензитетот на инверзијата. Од дадените параметри може да се извлечат два главни заклучоци:

- Градскиотгусто населен дел на Котлината има помал процент на проветреност во зимскиот дел на годината, кога концентрацијата на население е поголема, со што се создаваат „поволни“ услови за повисока концентрација на честички во воздухот и прилики за висока загаденост. Ветровите што се јавуваат во овој дел од Котлината се исто така со помала брзина од западен правец и значително послаби, како резултат на рељефната конфигурација.
- Источниот дел на Котлината има поголема проветреност, ветровите се позачестени. Воздушните континентални влијанијаод север и северозапад, во топлиот дел од годината, донесуваат сув и топол континентален воздух, што има директно влијание врз температурите и вегетацијата во градот.



## 8. Историски преглед на развојот на градот Скопје

Имајќи ги предвид местоположбата и природните карактеристики на Скопската Котлина, не зачудува фактот за големиот број населби кои се наоѓаат во Скопската Котлина. Археолошките истражувања вршени на скопкото Кале укажуваат на постоење човечки населби, кои временски се лоцирани помеѓу доцниот неолит и раното бронзено доба, односно првите траги на населување се пред околу 4.000 години. Покрај истражувањата на Кале. има уште околу 15 населби кои упатуваат на населеност на Котлината за време на неолитот, од кои како најзначајни се издвоени Тумба Маџари (5200 г. пр.н.е. ), Говрлево (5000 г. пр.н.е). [10]



Слика 18. Тумба Маџари,археолошки проект „Неолитско село“

Потпаѓањето на територијата на Македонија под римска власт во 168 година пр.н.е. донесува промена во населбите во Македонија и почнува периодот на позабрзан развој на населбите во римски стил. Од овој период имаме подетални записи за населбата Скупи. Првиот римски запис за Скопје (Скупи) го среќаваме кај римскиот историчар Тит Ливиј. Владеењето на Римјаните ја донесува со себе и целата римска култура на градоградби и начин на живот. Имајќи ја предвид местоположбата на населбата, градот доживува зголемување на бројот на жители, како и промена на неговиот администривен статус.

[10] https://bit. ly/2F7wvbu

Интересен факт е што христијанството релативно рано се проширува на територијата на Македонија. После Миланскиот едикт (313 г. н.е.) императорот Константин Први институционално ја организира црквата, а Скопје добива статус на епископија. Бројни епископи од Скопската епископија присуствувале на екуменските собори на кои се дебатирале најбитните прашања на христијанството. Во овој период Скопје се развиваво византиски тип на град. До шестиот век Скопје добива визура на развиен византиски град, со обележја како што се плоштади, бањи, уредени улици, цркви и слично. Токму во овој период (518 година) градот е погоден од земјотрес кој го урнал градот речиси до темел. Биле разурнати сите поголеми градби. Историските записи бележат дека најголем дел од населението преживело, бидејќи најголем дел од населението ден преходно се засолнило на Скопска Црна Гора, како заштита од нападот на Аварите. Ова придонесло населенито да се премести на други локации, како што се реонот на Кале, околу реката Серава, денешен Таор и Водно. Таор, како родно место на идниот византиски император, ќе доведе до тоа Јустиниан Први да го подигне градот Јустинијана Прима во кој ќе бидат изградени резиденции, палати и сл. Во овој период Скопје повторно воспоставува автокефална архиепископија.

Шестиот век е период на доселување на Словените, па во Скопје се доселуваат Берзити, или Брсјаци, кои името Скупи го променуваат во Скопје. Десетиот век е век на големи превирања. Во 1002 година за управител на Скопје царот Самоил го поставува својот син Роман. Во тоа време Скопје имал улога на трговска рута која се протегала сè до Јадранското Море. Во 1004 година Скопје потпаѓа под власт на Василиј Втори, после предавството од страна на Роман. Во два наврати, во 1040/41 Петар Дељан и во 1072/73 Георги Војтех, се обидуваат да ја отфрлат власта, но двата обиди се неуспешни. Во 1081 година Норманите го напаѓаат и заземаат Скопје и под нивна управа градот останува до 1088 година. Подоцна династијата Немањиќ ја зазема територијата на Македонија, сè до Солун. Во овој период градот сепроширува на левиот брег на Вардар, на денешниот потег Кале – Стара Чаршија – Чаир – Гази Баба.

Интересно е да се напомене дека градот Скопје е споменат во едно од најзначајните дела на патописната литература од 12 век. Имено, тогашниот катрограф и патеписен Ал Идриси, кој е во служба на кралот Роџер Втори од Сицилија, добил задача да изработи карта на светот. Неговата карта се смета за



една од најсеопфатните карти од тој период. На своето пропатување низ овој дел на Балканот, тој ќе запише: „Од албанискиот брег почнува главната балканска трансверзала:од Драч, преку Петрела, води до Охрид. тука се дели на два правци: едниот преку Битола за Солун (Тесалоники), а другиот оди кон Булуг (Полог) до Ускуфи (Скопје) и Дунав.“[11]




Слика 19. Картата на Ал Идзири,1154, Tabula Roxherina,карта на Балканот

Цар Душан Скопје го избира како своја престолнина за крунисување во 1349 година. Душановиот законик од 1349 година станува законска основа за регулација на јавниот живот, со што Скопје ја јакне својата политичка, културна,

[11] http://www. ocnal. com/2017/08/al-idrisi-arabian-geograph-who. html

верска и економска улога. Голем број каравани од Венеција и Дубровник своите каравани ги одмораат во Скопје. Скопје во тој период бил место во кое можело да се најдат трговци кои тргувале со цела Европа, Среден и Далечен Исток или Африка.

Положбата на градот уште еднаш во историјата ќе доведе до промена на власта, а со тоа и на градот и неговиот живот. На 19 јануари 1392 година Скопје го заземаат Османлиите. Градот добива и друго име – Ускуп. Скопје станува важна точка на империјата во подем, за нивните освојувања кон север. Градот почнува да добива ориентален изглед. Во 15 век е изграден покриен пазар (безистен), голем број караван сараи, џамии и сл. Како што забележува Евлија Челеби во 17 век, многу занаети биле присутни во градот. Во градот живееле муслимани, Евреи (кои се населуваат на Балканот после прогонот од Шпанија во 1392 година), христијани. Според него, во овој период Скопје има над 10.000 домаќинства.

Краток прекин на отоманското владеење се случува во 1689 година,со навлегување на австриките војски во градот, за време на австро-турската војна (1683/99). На 25 октомври 1689 година генералот Пиколомини го зазема речиси празното Скопје, бидејќи населението, заедно со војската, се повлекло пред нивното доаѓање. По негова наредба градот е запален, со што по вторпат запира развојот на градот и истиот е уништен, заедно со сета изградена инфраструктура и објекти.

Градот почнува да се гради повторно и кон средината на 19 век брои 20.000 жители. Процесите на индутријализација и развој кои се случуваат на ниво на Отоманската Империја, доведуваат до тоа Скопје релативно рано да добие железнички превоз. Линијата Скопје – Солун е отворена во 1873 година, нецели три децении после првата железничка линија во Велика Британија. Ова му дава нов импулс на развој на градот. Големите политички промени кои се случуваат на Балканот имаат директни последици врз Македонија. После губењето на голем дел територии, Отоманската Империја почнува да се повлекува од Балканот. После Берлинскиот конгрес Македонија останува во рамки на Империјата и станува гранична територија на истата. Последните децении на отоманското владеење поминуваат во урбан развој на градот. Во овој период се изградени училиштето „Ислахане“, „Идадија“, уредувањето и регулацијата на коритата на Вардар и Серава. Афуз Паша, тогашниот валија на



Скопскиот вилает, наредува да се отпочне и со градба на градскиот парк, а во 1906 Шефкет паша го гради и првиот театар. Скопје во овој период добива контури и содржини на модерен град.

Балканските војни ја прекинуваат вековната управа на Османлиите и територијата на Македонија станува област во рамките на Кралството СХС, а потоа и на Кралството Југославија. Скопје во овој период добива главна административна улога, со оглед на фактот дека после Балканските војни голем дел од територијата на Македонија станува дел на Грција, со што улогата на Битола значиелно ослабува. Градот се развива како административен центар на „Јужна Србија“. Во овој период почнуваат да се менуваат и архитектонските влијанија и се градат објекти како Офицерски дом, Ристиќева палата сл.




Слика 20.Ристиќева палата

Перидот на Втората светска војна Скопје го поминува под бугарска окупација. На 13 номври 1944 година Скопје е ослободено од окупација, а со одлука на АСНОМ, од 28 декември станува главен град на новата република во склоп на југословенската федерација. Во поствоениот период Скопје започнува брзо да се развива како во индутриска смисла, така и по бројна жители и територија.

Како момент кој го одбележува Скопје е секако 26 јули 1963 година, кога градот бил погоден од силен земјотрес. Голем број објекти се разрушени, дел од нив и објекти кои биле ја сочинувале визурата на градот. Над 1.000 жители исто

така ги загубиле животите. Брзата реакција на тогашните југословенски власти успеала за брзо време да го врати животот во Скопје, а со помош на Обединетите нации и меѓународната помош, Скопје ја почнува да ја живее својата модернистичка фаза. Градот станува познат и како град на солидарноста, како редок пример за меѓународна соработка на земји од целиот свет во периодот на студената војна.

Скопје својот статус на главен град го задржува и после 8 септември 1991 година, кога Македонија прогласува независност од југословенската федерација.




Слика 21. Скопје предизградбата на ГТЦ

## 8.1 Административен профил на град Скопје

Град Скопје – општи податоци

Согласно Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ 55/2004) и Закон за град Скопје („Сл. весник на РМ“ 55/2004) градот Скопје претставува посебна единица на локалната самоуправа. Градот Скопје административно е организиран во 10 единици на локална самоуправа, и тоа општини во градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Општини надвор од градот Скопје се: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер-Сандево.

| Име на општина | Население 2002 год. | Површина $km^2$ |
|---|---|---|
| Скопје | 50.6926 | 571 |
| Аеродром | 72.009 | 20 |
| Бутел | 37.371 | 55 |
| Гази Баба | 72.617 | 111 |
| Ѓорче Петров | 41.634 | 67 |
| Карпош | 59.666 | 35 |
| Кисела Вода | 57.236 | 34 |
| Сарај | 35.408 | 229 |
| Центар | 45.362 | 7 |
| Чаир | 64.823 | 4 |
| Шуто Оризари | 20.800 | 7 |
| Арачиново | 11.597 | 31 |
| Зелениково | 4.077 | 177 |
| Илинден | 1.5894 | 97 |
| Петровец | 8.255 | 202 |
| Сопиште | 5.656 | 222 |
| Студеничани | 17.246 | 276 |
| Чучер-Сандево | 8.493 | 236 |
| **Скопски регион** | **578.144** | **1.812** |

Табела 5. Население по општини, извор: Државен завод за статистика

Со Законот за територијална поделба се дефинираат и надлежностите на градот Скопје и општините во склоп на Град Скопје.






Слика 22. Територијална организација на град Скопје, 2005

Со промената на Законот за територијална организацијаи Законот за град Скопје од 2004 година, градот Скопје добива поинаква админитративна поделба. Постојната админитративна поделба од 2004, согласно новиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија, администативно Скопје со дефинира во рамките на следниве општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, со што од претходните седум општини градот добива нови три општини, и тоа: Аеродром, Бутел и Сарај.

Согласно Законот за град Скопје, градот има свои надлежности, а како поважни за нашиот труд ќе ги издвоиме следниве надлежности: планирање и уредување на просторот, што се однесува на донесување просторен план на градот Скопје, донесување генерален урбанистички план на градот Скопје. Во делот на заштита на животната средина и природата се: заштита, преземање мерки и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачкото зрачење на подрачјето на градот Скопје. Како надлежности од комунални дејности, а од интерес за квалитетот на живот во градот и животната средина, се: снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје, одведување и пречистување на отпадните води, одведување и испуштање на атмосферските води, обработка и испорака на технолошката вода, јавното осветлување, собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид неопасен отпад,

одржување на депониите за комунален и друг вид неопасен отпад, одржување на зеленилото, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови.

Додека како надлежности на општините во склоп на град Скопје им се делегирани следниве: планирање и уредување на просторот, донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината, спроведување урбанистички планови, заштита на животната средина и природата, преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и од нејонизирачкозрачење.

Градот Скопјена администативно ниво, со посебен статут во рамките на Република Северна Македонија, се состои од 10 општини: Аеродром (2345,90 ha), Бутел (5455,49 ha), Гази Баба (11238,74 ha), Ѓорче Петров (6696,55 ha), Карпош (3433,23 ha), Кисела Вода (3143,93 ha), Сарај (23089,13 ha), Центар (721,40 ha), Чаир (319,95 ha), Шуто Оризари (752,98 ha). Според бројот на жители најголема општина е Гази Баба (72.222 жители), а најмала е Шуто Оризари со 22.017 жители. По површина најголема општина во град Скопје е Сарај со површина од 229km$^2$, а најмала е Чаир со 4km$^2$.

| Година | Број на жители |
|---|---|
| 1913 | 43.331 |
| 1919 | 51.758 |
| 1926 | 69.269 |
| 1931 | 68.334 |
| 1935 | 70.716 |
| 1948 | 102.600 |
| 1953 | 139.200 |
| 1961 | 197.300 |
| 1971 | 312.300 |
| 1981 | 408.100 |
| 1994 | 448.200 |
| 2002 | 506.926 |

Табела 6. Бројно движење на население

| Број на население на ниво на град Скопје и населби во 2002 година | |
|---|---|
| Скопје | 506.926 |
| Аеродром | 72.009 |
| Бутел | 36.154 |
| Гази Баба | 72.617 |
| Ѓорче Петров | 41.634 |
| Карпош | 59.666 |
| Кисела Вода | 57.236 |
| Сарај | 35.408 |
| Центар | 45.412 |
| Чаир | 64.773 |
| Шуто Оризари | 22.017 |

Табела 7. Број на население по населби



## 8.2 Урбанистички планови на Град Скопје

Не помалку важно е да се земат за анализа и урбанистичките планови за развој на градот Скопје, бидејќи тие се клучни документи од кои зависи вкупниот урбан развој на градот, вклучувајќи го и делот на зелени површини кои се посебно важни за овој труд. Урбанистичките планови на град Скопје се резултат покрај на потребите од урбанистички решенија, делумно како последица на драматичните промени низ кои поминува овој дел на Балканот, не само во периодот на 19 и 20 век, туку и денес. Процесите на модернизација вестернизација на балканските градови после распадот на Отоманската Империја и турбулентните политички и социјални промени ќе се огледаат и во урбанистичките планови.

Во односот на урбанистичкото планирање на градот Скопје и урбанистичките планови XX век навака, може да се издвојат 5 периоди:

- Прв период –планови изработенидо 1933 година;
- Втор период – планови кои го опфаќаат периодот на 40-тите години на XX век);
- Трет период – планови изработениво60-те години на XX век;
- Четврт периодод 80-тите години на XX век;
- Петти период – генерален урбанистички план на Скопје 2012 – 2022. (Сандева, В, 2012)

Накратко ќе се осврнеме на урбанистичките планови во делот на планирањето на зелени површини во секој од плановите, со главен акцент на ГУП на Скопје за периодот 2012 – 2022.

Првиот период на урбанистичкото планирање претставува и почеток на создавање на зелената структура на градот, некои од овие зелени решенија сѐ уште се присутни во градскиот простор. Во овој период почнува да се довршува Градски парк, чиишто основи се поставени во 1905 година, уште во периодот на отоманското владеење. Процесот на промени во Скопје е резултат на една поширока политика на Отоманската Империја која, преку реформи, имала за



цел да ја осовремени Империјата, согласно процесите на модерницација во Европа. Со Танзиматот (*Ishtiaq,2011,* лит. прев реорганизација) од 1839 Отоманската Империја, преку низа на реформи, имала за цел модернизирање на општеството цел подобрување на социјалната и политичката состојба во Империјата. Во овој период Империјата почнала значително да заостанува зад големите европски држави кои покажувале знаци на економски и воен раст. Со реформите и модернизација биле предвидени зголемување на граѓанските права и поголема интеграција на немуслиманското населениево институциите и општеството. Од првичната идеја за институционални реформи процесот преминал во коренити промени во повеќе сфери на општественото живеење на Империјата, меѓу кои било и осовременувањето на градовите.

Во склоп на ова се предвидени и промени во урбанистичка смисла, со внесување современи елементи во урбаните средини. Овие процеси предвидувале структурни просторни промени во Скопје и Битола, како поголеми градски центри од важност за Империјата. Во овој период, како поголем зафат кој се однесува на зелено уредување на градот, е подигањето на Градски парк Ислане во 1905 година во периодот на управувањето на Афуз Мехмед Паша. Во тој перидот паркот зафаќал 16.000 m².




Слика 23.Парк Ислахане

После Балканските војнии промените на границите, Скопје станува главен административен центар во склоп на Кралството СХС, а подоцна и Кралството Југославија, асо тоа почнувада се развива со црти карактеристчни за западните градови. Овој период е обележан со урбанистичко планирање кое е под влијание за западната култура, па така и голем број градби од овој период се одраз на овие тенденции.

И покрај коренитите промени, одредени зелени јадра, како Градскиот парк, ја задржуваат својата првобитна локација и функција, но и се подложени на промени. До 1933 година Градскиот парк станува уреден како во смисла на зелени уредени површини, а исто така се завршени и пешачките патеки низ паркот. Првобитниот дел на паркот го добива финалниот изглед во 1941 год. Вториот дел на паркот е дело на д-р. Славко Караман, како директор на Зоолошката градина. Во тоа време е изграден и воден систем за кој е користена вода од реката Вардар. Изградени се и пешачки патеки за новите зелени површини.

Вториот периодго опфаќа времето по Втората светска војна (40-тте години на XX верки тоа со плановите од1946 год и1948 год.

Во периодот 1941 – 1945 година застанува изградбата на Градскиот парк. Дел од него е уништен во текот на војната, па во овој период започнува обновувањето и ширењето на паркот. Во тој период површината на паркот е зголемена до 11,4 ha.

Како дел од урбаниот развој после Втората светска војна, во овој период во Југославија се проектираа низа поствоени урбани проекти за реизградба на земјата кои носат модернистички идеи. Под влијание на идеите на Ла Курбизие на град и принципите на Атинската декларација (зонирање на просторот, згради, воздушно и зелено планирање), првиот урбанистички план на Скопје го проектира чешкиот модернистички архитект Луден Кубеш во 1948 година. Овој план бил радикално различен од сите претходни планови и отстапувал од решенијата карактеритични за балканските градови. Концепциски Кубеш си поставил за цел развојот на градот да оди по течението на реката Вардар, односно по оската исток-запад, со предложен урбан модел, со центрично развиен град, со градски центар и три градски реони.



Трет период - планови изработени – 60-те години на XX век;

- План 1962 год. Изготвен е Генерален урбанистички план земјотресот од 1963 година ја прекинува процедурата на неговото усвојување
- План 1964/65 год. Изготвен е Основен урбанистички план од авторски тим под раководство на инж. Адолф Циборовски (овој план е во функција 20 години, сè до 1985 година). Периодот е одбележан со последиците од земјотресот од 26 јули 1963 год. После земјотресот од 26 јули 1963 година започнува изградба на нови територии за паркови и реконструкција на постојните – Градскиот парк, паркот пред Градската поликлиника, паркот во близина на градското собрание, паркот и спортскиот центар Сарај, паркот Чаир, паркот на Кале и паркот Ѓорче Петров. Со решение од 1965 годинаии новиот урбанистички план, Зоолошката градина и Градскиот парк го добиваат денешниот облик соповршина од околу 97 ha.



**Слика 24. Адолф Циборовски,ОУП**

### 8.3. Планот за централно градско подрачје на Кензо Танге за Скопје

Во 1965 година Танге добива покана од страна на ООН да се приклучи кон реконструкцијата на градот Скопје после катастрофалниот земјотрес од 1963 година. Преходната 1964 година Доксијадес и Циборовски го претставуваат регионалниот план за реконструкција на градот, но централното градско подрачје го оставаат за архитектонски решенија кои треба да произлезат од меѓународен конкурс. За Танге ова е можност не само да ја прошири својата идеја на интернационално ниво, туку и можност да се спроведе во реалност „моделот за урбана реконструкција“ (Лин,2010). Комисијата одлучува да се формира мешовит тим од двете наградени идејни решенија; едното на Танге, а второто на југословенскиот архитект Радован Мишевиќ и Федор Вензлер. Архитектонскиот тим бил составен со архитекти од Јапонија и Југославија, а

како главен јапонски архитект од архитектонското студио на Танге бил назначен Арата Исозаки. Концептот на Танге се состоел од два главни метафорички елементи со различен карактер.

Првиот е Градската порта која би претставувала симболички влез во градот и каде би биле изградени новата железничка станица и главниот сообраќаен јазол со автопати. Ова било замислено како интегрален транспортен центар со сите видови сообраќај (железница, автомобили и автобуси). Целта била овој сообраќаен јазол да биде користен како поврзување на регионално и локално (градско) ниво. Железничкиот терминал бил замислен како подземна структура. На погорните нивоа требало да се сместат катни гаражи за автомобили, транзитни терминали и пешачки зони. На ова се надоврзува и централната автобуска станица, од која се ргранувааат главните сообраќајни оски на градскиот јавен сообраќај. Покрај самите сообраќајни оски се планирани градби на згради со канцеларии, библиотеки, банки, галерии, кина, хотели, ресторании истите се поврзани со железнички или автобуски линии кои се предвидени да се изградат на подигнати автопати.

Вториот симболички елемент е Градскиот ѕид кој се состои од блокови на висококатници. Ова се објекти за колективно домување со висина од 15 или 16 катови, кои формираат симболички бедем на средновековен град кој ги штити историските делови кои го преживеале земјотресот. Со додавање на оваа архитектонска форма, Танге имал за цел да ги поврзе станбената употреба на просторот да биде во близина на економскиот центар, со што би се зајакнала виталноста на градот. Планот за Скопје претставува реализација на замислите на Танге според кои треба да се градат новите градови. Овие концепти за градоградба, според Танге, служат како заштита на луѓето како на психолошка основа, така и заштита од природни непогоди и негативни ефекти на технологијата.








Слика 25. Урбанистичко решение за центаро на Скопје

Четврти период– планови изработени во 80-тите години на XX век.

– План 1982 год. – изготвен е Основен урбанистички план од авторски тим, под раководство на д-р арх Благоја Колев. Во овој период архитектонските форми кои се градат се во духот на брутализмот, а се базирани на концептот на Кензо Танге за техноутописки град, изразени со бруталистичка архитектура облагородена со урбано зеленило.



Слика 27.Студенски дом „Гоце Делчев“, Скопје,арх. Ѓорѓи Константиновски,1975



Слика 28.Македонска опера и балет – МОБ**„Биро 77“**,арх. тим: Стефан Кацин, Јуриј Принцес, Богдан Сплиндер и Марјан Уршич.

– План 2001 год. – изготвен е Генерален урбанистички план од авторски тим, под раководство на инж. арх Никола Бошку. „Генералниот урбанистички план на град Скопје се разликува од Основниот урбанистички план од 1985 година по тоа што планот од е изработен согласно принципите на пазарната економија, кои се случуваат како последица на промената на целокупниот општесвено-економски систем во државата. Според Бошку, Генералниот урбанистички план на градот Скопје е план кој е во согласностсо тековните европски плански документи и дава можности за континуирано планирање кое го овозможува. Со Планот се дефинирани основните решенија на идниот развој на Градот во организација на просторот, неговата намена, користење и уредување. Во ГУП-от се вградени решенија за физичка, функционална, економска и естетска целина на урбаниот градски простор, која ќе овозможи повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните.“[12]

Петтиот период на урбано планирање се однесува на генералниот урбанистички план на град Скопје2012 – 2022 година. Со оглед на тоа дека предмет на овој труд се еколошките аспекти на урбаното планирање на град Скопје, подолу накратко ќе ги анализираме елементите на планот кој се однесуваат на зелените површини во истиот.

ГУП-от со важност од 2012 до 2022 година, во однос на политиките од сферата на животната срединаи урбаното зеленило, има проектирано низа мерки со кои би требало да се подобри состојбата со зеленилото на територијата на град Скопје. Генералниот урбанистички план предвидуваподигање нови зелени урбани површинина околу 630ha (има 505,18ха постојни), и тоа: паркови 180 ha, реонски паркови 165ha, скверови и скверови паркови околу 20,0 ha, дрвореди и зелени коридори 260,0 ha, (дрвореди и зелени коридори 60,00 ha и зелен коридиор покрај реките со 200,0ha), цветни алеи 5,0ha. Останите површини од 240 ha се предвидува зеленило со ограничено користење, а најмногу зелени површини кои се однесуваат на површини околу објекти за колективно домување.

Во однос на постојните шуми (Гази Баба, Зајчев Рид и Францускi гробишта) се предвидува да се промени нивниот статус на градски шуми, додека Водно да премине во приградска парк шума.

[12] http://app. gov. mk



Генералниот урбанистички план предвидува и категоризација на зелени површини и подигање нови зелени површини, или нивно проширување во повеќе категории: парковско зеленило, заштитно зеленило, зеленило во состав на спортот и рекреацијата, зеленило во меморијални простори. Со генералниот урбанистички план, истотака, се предвидени и обезбедување на зелена инфратруктура на помали површини, како што се :паркови, реонски паркови, скверови, зеленило долж реките, линиско зеленило со дрвореди и тревници по булеварите и улиците, зелени коридори, зеленило со ограничено користење, градини, тревни терени за рекреација, станбено блоковско зеленило.






Слика 29. Генералниот урбанистички план на Град Скопје, плански период 2012 – 2022

## 8.4 Скопје помеѓу урбанистичкото планирање и урбанистичката реалност

Опсервирајќи го градот како динамичка структура, неопходно е да направиме една паралела помеѓу урбанистичките планови на град Скопје и урбаната реалност. Евидентно е дека плановите кои се донесувани низ текот на годините се во расчекор во однос на тоа што се случува во самиот град. Ацески (1996) урбаниот раст на Скопје го дефинира како сламизација на градот кога во „услови на неконтролиран демографски пораст и хаотична изградба, доведе до квалитативен пад на животните услови“ (Ацески,1996:11). Според него, сламизацијата може да се толкува како отсуство на свест кај групите кои управуваат со градот и процесот на сламизација започнува со нивната неможност правило да се проектира иднината на градот која, во услови на транзиција, значи употреба на позиција на моќ за управување на ресурсите на градот за интерес на мала група поединци. Управувањето со просторот и регулирањето на урбаните процеси се посебно важни за градските управи, како би се минимизирале штетните појави во градот, а воедно би се подобрил квалитетот на живот на граѓаните во истиот. При планирањето неопходно е да се земат предвид и економските, еколошките и културолошките одлики на просторот кој е предмет на урбано планирање. Секој дел од градот, зависно од овие референци, произведува поинакви урбан сегмент кој може да биде позитивен или негативен, зависно од начинот на кој градските управи успеваат да ги планираат своите активности. Неправилното планирање, одлагањето на предвидените активности, занемарувањето на одредени делови од градот неспорно придонесуваат кон урбано назадување и продуцирање на подолготрајни последици кои во натамошниот период може да продуцираат нови проблеми. Посебно важно е, исто така, да се земе предвиддека Скопје ја има карактеристиката на етничко територијално групирање, што бара дополнителна внимателност посебно при урбанистичкото планирање, бидејќи квалитативно драстично се разликуваат условите на живеење во одредени делови на градот, каково однос на примарната инфраструктура, така и во останатите области. Згора на тоа, доколку се земе предвид дека град Скопје сè



уште нема пракса за изготвување долгорочни урбани планирања, како на пример Скопје 2025 или Скопје 2030, што е пракса во голем број главни градови, скоро и да е невозможно да се утврди насоката во која во следните неколку децении ќе се движи урбаното планирање на градот и кои се целите кои треба да бидат постигнати во тој период. Исто така она што е забележително е дека отсуствуваат програми на ревитализацијана приградските населби,според што обновата на градот како целина не е ни започната (Ацески 1996:15).

Жителите на еден град кои се директни корисници на просторот се најважниот сегмент кој би требало да се зема предвит при планирањето на градот. Нивните карактеристики и потреби би требало да бидат појдовните позиии кои, во согласнот со можностите од економска и еколошка природа, треба да продуцираат планови кои оптимално ќе ги задоволат потребите на граѓаните, но истовремено и ќе остават можност за иден квалитативен развој на градот. Нивните навики, перцепции и ставови неопходно е да се земат предвид како интегрален дел на концептот на одржливо планирање и добро управување. Не може да се зборува за развиено граѓанско општество и добро управување доколку уште во самиот почеток во процесите на урбано планирање не се вклучат активно граѓаните, како преку форми на информирање, така и преку нивно вклучување во делот на проектирање на урбаното планирање како потреба да се согледаат нивните размилувања за просторот. Од друга страна, исто така како организирана форма на граѓанско вклучување кое е важен елемент на модерните општества, е вклучувањето на граѓанскиот сектор преку граѓанските организации, кои преку своите активности се специјализирани за одредени подрачја и прашања, може во голем дел да дадат придонес кон подобро согледување на состојбите и давање предлози за подобар урбан развој. Предноста на овие организации се состои во тоа што обично се поагилни при детектирање на потребите на граѓаните на микро ниво, па оттука и секоја градска управа која тежи кон отвореност кон граѓаните и траспаретно работење, како неоходност треба при процесите на планирање да ги вклучи и искористи ресурсите на граѓанските организации.

Централнито прашања на овој докторски труд е како градската управа го планира еколошкото урбано планирање на град Скопје? Како тоа влијае врз здравјето и општата благосостојба на живеењето во градот? Исто така, битно е да се обидеме да дадеме и одговор на прашањето дали е можно правилното

урбано планирање да произведе позитивни општесвени вредности и културна кохезија преку правилно управување и планирање со просторот? Дали регенерација на јавни зелени површини може да биде фактор на социјална кохезија и подигање на квалитетот на живеење на ниво на населби? Овие прашања во текот на анализата ќе бидат разгледани низ анализа на добиените истражувања кои се правени со граѓани и институции на ниво на општини во град Скопје, надлежни за урбано планирање од еколошки аспект. Ова е важно со оглед на тоа што секоја од посочените групи има свое видување на состојбите по овие прашања и воедно е начин да се направи пресек на тоа што градот Скопје предвидува во своите програми, од една страна,а од друга кои се навиките, перцепцијата и насоките на граѓаните на град Скопје по истите прашања. Анализата треба да даде одговор во која мерка градот Скопје реално одговара на потребите на граѓаните, дали предвидените планирања се доволни и до кој степен се усогласени развојните политики на град Скопје со оние кои како приоритет ги посочуваат граѓаните. Исто така процесите на „добро управување" и вклученост на граѓаните како битен елемент ќе го покажат начинот на кој градската управа ги практикува политиките на вклучување на јавноста и консултацијата со граѓаните во процесите на урбано планирање. Начинот како се планира директно влијае врз квалитетот на урбаното живеење, како еден поширок поим не може да се одвои од урбанистичкото планирање и урбанистичките планови.

Процесите во градот кој се во постојана промена побаруваат урбанистичко планирање, кое како централни прашања ќе ги има прашањата на управување со физичкиот простор, демографската динамика во градот и можноста за развој на градот. Предизвиците да се направи урбанистички план се состои во тоа што градот како комплексна структура не ја содржи потребната кохеренстност (D. Harvey), туку негова карактеристика се отвореност, променливостна социјално и физичко ниво (на просторот), но без потребниот континуитет, а воедно не е исклучена можноста да дојде до дискунтинуитет помеѓу појавите кои се одвиваат во просторот и оние кои се случуваат во општеството. Најчесто овој расчекор се случува во неразвиените и земјите во развој, каде што демографскиот, најчесто некотролиран раст на градовите е причина за нарушување на предвидениот фунционално просторен развој и, како

последица на истото, доаѓа со севкупен пад на квалитетот на живеење (Ацески,1996).

Генералните урбанистички планови претставуваат замислена проекција за развој на градот најчесто за период од 20 години, кој како карактеристика ја има исто така сеофатноста на најважните сфери на урабнистичкото живеење, кое понатаму треба да продуцира и подигање на квалитетот на урбаното живење. Понатаму, треба да се има и предвид дека Планот кој се носи е проекција на оние кои во моментот на донесување ја имаат моќта да влијаат и да издвојат кои се приоритетите на Планот, во кои делови на градот Планот ќе се фокусира, на кои групи граѓани Планот ќе има директно влијание и слично. Ако планирањето го ставиме во контекст на социјалните теории, тогаш планирањето може да се разгледува од аспект на форма на социјална контрола која се базира на идејата на општо добро. Ганс (Guns) смета дека проблемот на функционалистичкото планирање на градовите е во намерата да се создадат урбанистички решенија кои најчесто користат претходни решенија, кои не се доволно темелно проучени. Често реализацијата на урбаниститичките планови е отежната како последица на реалните процеси кои се случуваат и замислата на планерите за тоа како би требало да се развива градот. Прифаќањето на универзални решенија за урбано планирање, без притоа да се земат предвид локалните карактеристики, ресурси и потреби доведува до тоа „градот, човекот да го третира како објект“ (Jenicks). Мануел Кастелс (M. Castells) од своја страна го раздвојува „урбаното“ како социјална вредност од „урбанистичкото планирање“. Тоа, според него, е потребно бидејки планирањето на градот е поврзано со потрошувачката. Според него,„социологија на планирање“ е посоодветен термин кој би можел да се користи во случај кога се анализира трансформацијата на системот на градот во однос на потрошувачка и просторната организација на активностите (Ацески,1996). Урбаното планирање претставува и анализа на процесите кои се во постојана промена во однос на потрошувачките промени и навики на населението, како и просторната организација, па оттука општествените содржини треба да се дефинираат и во однос на „урбана рационалност“, заклучува Кастелс (Ацески,1996). Урбаното планирање, според Дејвид Харви, може да се посматра и критички, односно како социјална форма, од една страна и изградена форма, од друга. Според Харви, вишокот на вредност и урбанизмот, односно дистрибуцијата на истата во урбаното планирање, се одлика на



модерните општества. Оттука и планирањето како општесвена активност од аспект на јавно добро, но и како форма на социјална контрола, е во директна поврзаност од начинот на кој се практикува власта од страна на градските управи. На ова мислење е и Пиквенс (Pickvens), според кого државата во прв план ги спроведува интересите на владеачката структура, па според тоа урбаното планирање може да биде начин за социјални промени, но, според него, тоа повеќе е инструмент на доминација отколку инструмент на интеграција. Сите овие наведени размислувања на некој начин ја претставуваат моменталната ситуација на урбаната и урбанистичка реалност во град Скопје.

## 9. Еколошките аспекти на урбаното планирање на град Скопје

Вовед

Во докторската дисертација „Одржливите градови помеѓу теоријата и практиката. Еколошки компоненти на урбано планирање на град Скопје“ се употребени неколку методи на истражување. Првиот дел, односно теоретскиот дел, се ориентираше на презентирање на идеите за развој на град преку користење на наративна анализа (Ацески 2012:306, Кениг, 2008:45) на литературата, со цел да се презентираат развојните фази на градот низ историјата и насоките во кои градо треба да се развива во иднина.

Вториот дел се однесува на студија на случај (case study) (Ацески 2012: 492), метод кој се користи да се согледаат и истражат сите аспекти на истражувачкото прашање. Предмет на истражување на студијата на случај може да бидат поединец, група или инстутуции. Позитивната страна на овој истражувачки метод, според Хичкок и Хаџес (Hitchokand Hughes,1995,цитирано во Ацески, 2012:492), е што истражувачот нема влијание врз случувањата и феномените, односно е подобен поради можноста преку овој метод да се анализира реалната состојба на истражувачкиот интерес. Во овој труд како истражувачки фокус, од една страна, се ставовите на граѓаните во градот Скопје за квалитетот на еколошкото живеење и нивните размислувања за насоката во која тие би сакале да се развива градот во иднина, а од друга начинот на кој

институциите го планираат еколошкото живеење во градот. За да стигнеме до одговорите на поставените хипотези, беше спроведено емпириско истражување преку директно анкетирање на граѓани преку анкетни прашалници. Истражувањето е спроведено во период април-јуни 2017 година. Добиените одговори се соодветно кодирани и компјутерски анализирани (Ацески,2012). Поделени се околу 300 прашалници, од кои валидни се 247. Анкетата е со случаен примерок од општините Аеродром/Ново Лисиче, Сарај, Чаир и Центар. Од вкупниот број прашања во трудот се презентирани неколку анализи кои се однесуваат на загадувањето во градот, транспортот, информираноста на граѓаните, вклученоста на граѓаните во процесите на урбано планирање, перцепциите за работата на институциите и насоките за иден зелен развој, како и развој на ниво на соседство и градот во целина.

Истовремено беше доставен и прашалник и барање за интервју до избраните општини, кој се однесува на работењето на општините во делот на животната средина и урбаното планирање. Во случајот на Општина Центар беше спроведено и интервју, додека општините Аеродром и Сарај доставија пополнети анкети. Општина Чаир не достави повратна информација во ниедна форма. Предмет на истражувањето на општините беше админитративниот капацитет на општините, програмите кои ги донесуваат, начинот на кој ги вклучуваат граѓаните во процесите на одлучување. На крајот беше направена и кратка анализа на интернет страниците на општините за достапноста на информации од делот на животната средина.

## 9.1 Еколошко планирање низ призма на граѓаните

Ако Дејвид Харви во својот есеј „Право на град“ укажува на тоа дека урбанизацијата е единствен начин кој може да го апсорбира вишокот на капитал, а притоа да произведе повеќекратна вредност, што всушност е одлика на капитализмот, тогаш идејата„право на град за сите“, според него, е најсилниот аргмен ткој го имаат граѓаните во политичкиот, па дури и општествен судир на кој сме сведоци денес. Од една страна човековите права кои станува сè поуниверзални и поетички, се во судир со основниот концепт на „хегемонската либерална и неолиберална пазарна логика“, која преку приватната сопственост



и остварувањето профит ги надминува сите останати хумани аспекти на живеење на општеството во целина. Правото на град е колективно право и како такво, според него, е зависно од можноста колективно да се менуваат процесите во услови на капитализам, посебно во земјите во развој. Градот„Се распарчува на различни отсечени делови, што резултира со создавање на многу ’микродржави‘“. Богати населби што изобилуваат со секакви видови услуги...„се испреплетуваат со нелегални населби во коишто водата е достапна само во јавни чешми, санитарен систем не постои, струја доспева само до малкумина нелегално приклучени, улиците се претвораат во потоци од кал кога врне и нормата е повеќе семејства да делат иста куќа. Секој фрагмент изгледа како да живее и функционира автономно, држејќи се цврсто за она што може да се зграби во секојдневната борба за опстанок“ (Балбо цитиран во Харви, 2015). Во вакви услови речиси станува невозможно да се зборува за повисоки идеали за урбан идентитет на градот, граѓанство, припаѓање кон еден ист град на различните категории граѓани. Дури и перцепците за истиот град стануваат спротивни како резултат на сосем различните услови на живеење во различните микросредини. Станува утопија да се размислува дека градот може да функционира како еден заеднички систем. Обидите да се поправат состојбите, да се даде нов лик или да се реобмисли градот и неговото урбано живеење, во основа не се инклузивни за сите групи кои живеат на одреден простор. Најчесто во процесите на одлучување многу од општествените групи се исклучени од овие процеси, а истите натака повторно ги живеат последиците од ваквиот начин на одлучување, бидејќи неретко нивните реални потреби или се изоставени или се декларативно или недоволно артикулирани при процесите на урбаното планирање.

Ако горе наведеното може да го примениме за еколошкото живеење во денешните урбани средини, тогаш може да заклучиме дека правото на град не само што сѐ уште не е универзално право, туку претставува привилегија на определени групи кои ја поседуваат економскатаи политичката моќ да го обликуваат просторот или да изберат да живеат во еколошки почисти средини. Тука несомнено може да се надоврзе податокот дека еколошкото планирање, главно, ги зафаќа јавните простори во градовите кои, во интерес на економскиот развој, стануваат приватна сопственост. Тогаш станува јасно дека судирот помеѓу јавното добро на сите граѓани и интересите на приватниот капитал ќе



станува сѐ поголем во случајот на град Скопје. Целта за градското планирање, според Фредерик Гиберт (Frederick Gibberd), е во тоа не само да се создадат фунционални урбани композиции, туку тие да бидат и естетски привлечни. Современите пракси на урбано планирање на просторот го предвидуваат како полифунционален и разновиден простор кој има функција на естетски уреден, еколошки здрав и пристапен за голем број  граѓани, при што просторот како јавно добро може да го користи секој со своите потреби. Според Џејкобс, само добро осмилените и планирани градови имаат способност да обезбедат нешто за секого само кога тие се создадени од сите (J,Jacobs,1961).

За урбаното планирање од еколошки аспект да биде успешно, тоа треба да ги земе предвид сите физички елементи во просторот и како тие елементи „комуницираат“ еден со друг. Односот и сооодност помеѓу различни згради, нивната функционалност, односот на објектите и улиците, парковите, распоредот на зеленило и слично се елементите кои ги формираат комплицираните врски како помеѓу изградениот и слободниот простор, така и врските кои се формираат помеѓу просторот и луѓето, а преку тоа се влијае и врз вкупниот социјалент амбиент. Од еколошки аспект тоа би подразбирало доволно достапни зелени површини кои би биле опремени на начин на кој може да бидат користени од различни возрасни групи, во различни периоди од денот или годината за различни намени. Истите би било оптимално да се планирани да бидат на оддалеченост на 10 до 15 минути од домот, оддалеченост која корисниците на просторот би можеле да ја поминат пеш или користејќи велосипед. Ако сето наведеного пренесеме во пракса, конкретно на градот Скопје, повеќе делува како привилегија отколку како реална потреба на граѓаните и во поглед на тоа урбано се планира градот. Оттука може да заклучиме дека здравото еколошко живеење не само што претставува потреба на секој поединец за здрави услови за живот, туку може да зборуваме дека се навлегува во доменот на човекови права и еколошка правда. Нарушувањата на квалитетот на здраво живеење претставуваат закана за севкупното фунционирање од здравствен и економски аспект на поединецот, а потоа и на градот во целина доколку тие проблеми се провлекуваат на подолг рок. Во натамошниот текст ќе ги разработиме прашањата кои сѐ елементи влијаат на еколошкото живеење на жителите во град Скопје, како и ставовите и навиките на граѓаните на град Скопје, факторите кои влијаат на нив во однос на условите

на еколошко живеење во градот. Тоа ќе ни даде одговор како граѓаните го доживуваат својот град во еколошка смисла.

### 9.1.1 Причини за загадување во град Скопје

Првиот корпус прашања се однесува на утврдување на главните извори на загадување во град Скопје, според граѓаните, во нивната непосредна околина. Како карактеристики според кои се издвоени групите се земени општината на живеење и возраста. На прашањето „Што сметате дека најмногу придонесува за загадувањето на животната срединаво град Скопје?“, како можни одговори беа дадени опциите: Намалување на зелени површини, сообраќај, индустриски капацитети, несоодветно затоплување на домот и несоооддветно управување со отпад. Како најголеми причини за загадување граѓаните, независно од возраста, ги сметаат сообраќајот (89%) и индустријата (71%). Намалувањето на зелените површини е на трето место (69%), а како најмали причинители се перцепирани управувањето со комунален отпад (53%) и несооветното затоплување на домот со најнизок процент (42%).




Табела 8. Причини за загадување

Перцепциите за изворите на загадување се идентични, независно од возраста и општината во која живеат испитаниците. Единствена отстапка има во одговорите на жителите на Општина Центар за прашањето за затоплување на

домот. Имено, само 4% од вкупниот број испитаници сметаат несоодветното загревање на домот е најголем причинител за загадување, односно 26% дека има средно влијание врз загадувањето. Ова може делумно да го припишеме на фактот дека во Општина Центар, како една од најурбанизираните општини, речиси сите домови се поврзани на централно грееење, па оттаму и произлегува ваквиот став на испитаниците за изворите на загадување од затоплување на домот.

| | Несоодветно затоплување на домови | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Најголемо влиј. | Сред. влијание | Мало влијаније | Нема влијание |
| Чаир/Бутел | 27% | 12% | 8% | 2% |
| Аеродром | 45% | 44% | 9% | % |
| Сарај | 40% | 26% | 13% | 2% |
| Центар | 4% | 26% | 40% | 28% |

Табела 9.Затоплување на домови

Меѓутоа, перцепциите на граѓанитесе речиси спротивни во одредени одговори со податоците на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во Скопскиот плански регион (изработен од страна на Финскиот институт за метеорологија, Австриската агенција за животна средина, Градот Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање), според кои како најголем извори на загадување се загревањето на домовите со 32%, а потоа доаѓа сообраќајот со 20%, прашината од градежните активности и прашината создадена од неуредените површини (19%), индустријата (18%).[13]

Со оглед на тоа што испитаниците сметаат дека сообраќајот има наголемо влијаните врз загадувањето, ќе ги презентираме добиените резултати за навиките кој вид на превоз користат граѓаните. Испитаниците одговараа на прашањата: користам јавен превоз и користам сопствено возило. Како независни варијабли беа земени примањата и возраста.

| Користам јавен превоз | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
| до 12.000 | 64% | 17% | 7% | 10% |
| 12.000/16.000 | 60% | 16% | 10% | 13% |
| 16.000/20.000 | 50% | 16% | 19% | 13% |
| над 20.000 | 39% | 10% | 14% | 35% |

Табела 10. Користење јавен превоз – корелација помеѓу приход и користење јавен превоз

[13]https://bit. ly/2nnWP4J



Табела 11. Користење на сопствено возило Корелација приход и сопствено возило

| Користам сопствено возило | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
| до 12.000 | 25% | 35% | 17% | 20% |
| 12.000/16.000 | 48% | 20% | 3% | 27% |
| 16.000/20.000 | 62% | 25% | 5% | 5% |
| над 20.000 | 82% | 14% | 0% | 3% |

Табела 12. Користење јавен превоз –корелација со возраст

| Користам јавен превоз | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
| 18 – 29 | 59% | 25% | 7% | 6% |
| 30 – 45 | 58% | 15% | 11% | 13% |
| 46 – 65 | 55% | 22% | 0% | 22% |
| | 55% | 21% | 9% | 16% |

Табела 13.Користење на сопствено возило –корелација со возраст

| Користам сопствено возило | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
| 18 – 29 | 26% | 34% | 10% | 27% |
| 30 – 45 | 47% | 28% | 8% | 15% |
| 46 – 65 | 25% | 12% | 0% | 62% |
| | 33% | 25% | 9% | 35% |

Од презентираните податоци забележливо е дека како што расте приходот, така опаѓа користењето на јавниот превоз. Ако се земе предвид дека најголем број на луѓето кои користат јавен превоз најчесто се превезуваат сами, тогаш може да се заклучи дека голем процент од аерозагадувањето отпаѓа на користењето приватни возила. Ваков вид превоз нема само еколошки аспект, туку, земајќи ја предвид мрежата на сообраќајници, Скопје претставува и проблем од аспект на сообраќајот, односно бројот на возила кои поминуваат низ централните делови на Скопје, често предизвикуваат сообраќајни гужви и застои, што дополнително придонесува кон неефикасен, нееколошки и неекономичен сообраќај. Понатаму, ако го погледнеме процентот на испитаници кои редовно го користат јавниот сообраќај, ќе видиме дека нешто над половина (53%) редовно користат ваков вид сообраќај. Ставено во корелација со приходот, може да заклучиме дека јавниот превоз во Скопје го користат лицата на кои тоа им е единствен избор. Од распоредеността на процентите за корисење превоз од аспект на корисници по возраст, може да се



увиди дека има определна рамномерност во користењето на јавниот превоз, додека кај користењето на сопствено возило единствено се издвојува возрасната група од 30 до 45 години, која во најголем процент е корисник на сопствено возило. Ова може да се објасни преку фактот дека најголем број работоспособно население е распоредено во оваа старосна група, па оттаму и потребата за мобилност на оваа група за исполнување на дневните обврски може да се смета како објаснување за повисокиот процент на користење на приватно возило. Земјаќи ги предвид климатолошките услови на самата Скопска Котлина, посебно во перидот на „тишини“ од месец октомври до февруари, бројот и староста на автомобилите, станува очигледно зошто нивото на аерозагадување во Скопје покажува енормни вредности во овој период од годината. За разлика од ова во европските главни градови трендот на користење јавен превоз бележи зголемување.[14] Секако, како причини за ваквата искористеност на јавниот превоз може да се наведат дека:Скопје има само еден вид јавен превоз, понатака недоволната покриеност на градот со автобуски линии до подалечните делови на градот, како и бројот на сообраќања до одредени подалечни делови на градот, почитувањето на возниот ред и сл. Од еколошки аспект гледано автобускиот возен парк на ЈСП се состои од возила кои емитуваат високи концентрации за загадувачи. Засега најголем број од возилата користат фосилни горива, кои во голема мерка придонесуваат за загадување на воздухот.




**Слика30. Транспортна мрежа на јавен превоз на Град Скопје**

[14] https://www. uitp. org/sites/default/files/cck-focus-papers-files/UITP_Statistics_PT_in_EU_DEF_0. pdf

Со оглед на тоа што претходно ги анализиравме кои се најголемите причинители кои придонесуват кон влошување на состојбата на животната средина, следното прашање анализира каде граѓаните ја лоцираат причината за ваквата состојба на животната средина. Како изборни одговори беа наведени: отсуство на одговорност кај граѓаните (фрлање отпад, несоодветно одлагање на градежен отпад, бела техника, мебел), отсуство на ефикасни мерки за заштита (несоодветна урбана опрема за сортирање отпад, недоволен ангажман на службите за комунални дејности), слабата активност на инспекторите за животна средина, неспроведување на законски мерки за казнување на индустриските загадувачи, одложување на роковите за прилагодување кон Директивите за заштита на средината од страна на индустриските капацитети, увозот на половни возила со низок еколошки стандард, немањето долготрајни програми од страна на Министерството за животна средина и Градот Скопје/општините на кои начини да се намали загадувањето во градот Скопје.

Различните групи испитаници различно гледаат на тоа кои се причинителите за нарушувањата на квалитетот на животната средина, зависно од нивниот степен на образование, општината во која живеат или возраста. Речиси ¾ од вкупниот број испитаници кои имаат основно образование сметаат дека за состојбите се најодговорни самите граѓани, додека институционалната одговорност не е од големо значење за состојбите. Овој процент за одговорностана самите граѓани се намалува како што се зголемува степенот на образование, па така испитаниците кои имаат повисок степен на образование одговорноста ја лоцираат во отсуство на ефикасни мерки за заштита, слабата активност на инспекторите за животна средина, како и неспроведување на законските мерки за казнување на индустриските загадувачи. Како причини кои воопшто речиси немаат влијание врз состојбите, се увозот на половни возила со низок еколошки стандарди, немањето долготрајни програми од страна на Министерството за животна средина и Градот Скопје/општините на кои начини да се намали загадувањето во градот Скопје.

| Кои се причини влијааат врз моменталната состојба со животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Отсуство на одговорност кај граѓаните | Отсуство на ефикасни мерки | Слабата активност на инспекторите за животна средина | Неспроведување на законски мерки за казнување | Одложување на роковите за прилагодување. |
| Основно образование | 76% | 9% | 4% | 9% | 0% |
| Средно образование | 43% | 24% | 19% | 6% | 5% |
| Високо образование | 31% | 16% | 23% | 13% | 10% |

Табела 14.Причини за состојби во животна средина – по образование




Ако ги споредиме овие добиени податоци со распоредот на перцепција по населби и возрасни групи, ќе забележиме дека распоредот е сличен, со тоа што самите граѓани се посочени како најодговорни за состојбите, а следат отсуството на ефикасни мерки за заштите и слаба активност на инспекторите за животна средина. Меѓутоа се забележува дека во условно поурбанизираните населби, како што се Аеродром и Центар, процентите се порамномерно распоредени во однос на институционалните одговорoности за заштита на животната средина.

| Кои се причини влијааат врз моменталната состојба со животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Отсуство на одговорност кај граѓаните | Отсуство на ефикасни мерки за заштита | Слабата активност на инспекторите за животна средина | Неспроведув ање на законски мерки за казнување | Одложување на роковите за прилагодува ње. |
| Чаир/Бутел | 65% | 15% | 17% | 1% | 0% |
| Аеродром | 37% | 25% | 19% | 11% | 6% |
| Сарај | 48% | 29% | 17% | 4% | 0% |
| Центар | 24% | 18% | 22% | 12% | 14% |

Табела 15. Причини за состојби со животната средина по општини




| Кои се причини влијааат врз моменталната состојба со животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Отсуство на одговорност кај граѓаните | Отсуство на ефикасни мерки за заштита | Слабата активност на инспекторите за животна средина | Неспроведува ње на законски мерки за казнување | Одложува ње на роковите за прилагоду вање. |
| 18-29 | 40% | 22% | 19% | 6% | 8% |
| 30-45 | 43% | 22% | 18% | 9% | 4% |
| 46-65 | 55% | 11% | 33% | 0% | 0% |

Табела 16. Причини за состојби во животната средина по возрасни групи






## 9.1.2 Скопје и моделот на одржлив град

> ***Нашата битка за глобална***
>
> ***Одржливост ќе ја добиеме***
>
> ***или изгубиме во градовите.***
>
> ***Бан Ки Мун***

Главното прашање со кое се соочуваат денешните градови е како да се постигне еден град да стане пофункционален, со цел да бидат задоволени потребите на жителите како што се здрава животна средина, вработување, пристап до јавни услуги, па сè со задоволување на културни потреби,во услови на ограничени ресурси и можности. Исто така не помалку важно е да се определат кои особености еден град го карактеризираат како одржлив, односно неодржливи и кои се можностите за понатамошен развој на градот. Самиот модел на одржливост најдобро функционира ако самите градови своите развојни програми ги темелат на одржливост, неопходно е „локалните власти  да ги прифатат принципите на одржлив развој во нивните

обиди за обезбедување економски ефикасни, социјално инклузивни, културно свесни и еколошки здрави градови. Градовите мора да се развиваат одржливо и да промовираат одржливи заедници или се доведуваат во опасност воопшто да не се развиваат.“ (World Bank, 2010, стр. 5). Со други зборови, градовите, односно градските власти, излезот од проблемите со кои се соочуваат неопходнода го бараат во креирање интегрални политики и програми кои се базираат на холистичкиот пристап на решавање на проблемите, наместо досегашните сегментарни кои за последица имаат голем број негативни последици во самото функционирање на градот и севкупниот социјален амбиент. Главниот акцент на промени кон поодржливи општества е ставен на градовите и градските агломерации. Податоците на ООН упатуваат на тоа дека во идните децении бројотна градско население ќе се зголемува и од денешните 54% ќе достигне 66% до 2050 година (ООН,2014). Воедно градовите и урбаните агломерации консумираат од 60% до 80% од вкупниата енергија на државите,а воедно емититраат исто толку $CO_2$ во воздухот.[15] Исто така градовите се главни генератори на отпад. Сето ова претставува предизвик за градските власти како да осмислат програми преку кои ќе се урамнотежат потребата на конзумеристички насоченото општество кое има потреба од сè повеќе енергија и производи, автомобили електронски уреди и слично, а од друга страна сето ова да не доведе до трајна дегенерација на околината и нарушување на квалитетот на живеење во еколошка смисла.

Во овој дел ќе ги анализираме ставовите на граѓаните за тоа колку се запознати со моделот на одржлив развој и како тој може да биде ставен во функција на одржлив град. Понатаму ќе анализираме во која мера граѓаните се запознати и заинтересирани за овој модел. Исто така ќе бидат анализирани мислењата на граѓаните за тоа дали Скопје се развива во правилна насока и далиму се потребни повеќе програми за еколошки развој. Прво испитаниците беа прашани; „Дали сте заинтересирани за моделот на одржлив/зелен град?“ Ова прашање беше анализирано врз база на нивото на образование, општина на живеење и возраст. Овие карактеристики се земени имајќи го предвид фактот дека моделот на одржливост е релативно понова идеја за поголем број граѓани во Северна Македонија.

[15] https://ec. europa. eu/clima/policies/international/paris_protocol/cities_en



Во однос на заинтересираноста на испитаниците, забележливо е дека таа расте праволиниски со степенот на образование. Ова се должи делумно и на фактот што самиот модел е посложени бара одредени предзнаења, но ако се земе во генерален контекст во општества кои се оптоварени со егзистенцијални проблеми, а кои во најголема мерка влијаат врз населението со ниски примања или понизок степен на образование, разбирливо е дека определен процент граѓани не ги доживуваат овие прашања како особено важни во нивниот секојдневен живот.




Слика 31.Заинтересираност на граѓани за модел на ОГ по образование

По возрасни групи моделот исто така е интересен за испитаниците. Околу ¾ од испитаниците до 45 години и 2/3 од испитаниците над оваа возраст се изјасниле дека би сакале да имаат повеќе информации за моделот. Ваквиот процент покажува дека град Скопје би требало да се посвети повеќе на програми кои во себе имаат компоненти на одржливост при планирањето, но воедно и да го зголеми обемот на информирање на граѓаните за предностите на одржливото живеење, преку кои не само Град Скопје како управа, туку и граѓаните би можеле да почнат да применуваат поодржливи практики и навики во секојдневното живеење.




Слика 32.Заинтересираност за модел на ОГ по возраст

За да можат градските власти да подготват информативни содржини за моделот, во прв ред мора да имаат информација до кој степен граѓаните се заинтересирани и/или имаат познавања за моделот на одржливост, но и преку кои форми би можело да се постигне поголема запознатост за истиот. Овие прашања се следните кои им беа поставени на испитаниците.

Како прво прашање кое беше поставено е прашањето колку испитаниците го разбираат концептот на ОР? Забележително е дека кај испитаниците има голема разлика во одговорите, зависно од степенот на образование, односно оние со повисоко образование далеку подобро се запознати со овој концепт.




Слика 33. Запознатост со моделот на ОР по степен на образование

Истата тенденција се забележуваи во следнотот прашање кое се однесува заинтересот кои испитаниците го покажуваат. Имено, се забележува

зголемувањето на интересот за концептот на ОР како што се зголемува степенот на образование. Оттука може да заклучиме дека во постојниот образовен курикулум отсуствуваат содржини кои се однесуваат на содржини од одржливиот развој, посебно во основното образование. Образованието кое се однесува на животната средина и одржливот развој се особено важни, посебно во раното образование, со оглед на тоа дека сѐ повеќе развиените општества се преориентираат кон општества базирани на знаења, вештини и одржливост. Оттаму се појавува и потребата за содржински измени и дополнувања на образовните програми во Република Северна Македонија, со цел обезбедување базични знаења за животната средина и одржливиот развој.




Слика 34. Заинтересираност за концептот на ОР по степен на образование

Запрашани за тоа како најефективно концептот на одржлив развој би можел да се доближи повеќе до граѓаните, различните старосни групи имаат различно видување преку кои форми би можело тоа да се постигне.






Слика 35. Форми на промоција на моделот на ОР

Анализата на добиените податоци покажа дека испитаниците во првите две возрасни групи претпочитаат да се информираат за ОР преку локален центар за ОР, кој континуирано би се бавел како со промовирање на концептот, така и со истражување и следење на индикаторите на одржливост на микро ниво. Исто така, повеќе медиумските содржини би биле еден од начините овој концепт да стане поразбирлив за граѓаните. Повозрасната група граѓани смета дека училиштата и трибините се поадекватни форми за информирање.

Фактот што поголем број испитаници од помлада популација се определиле за одговорот дека локален центар би била подобра форма, укажува на тоа дека граѓаните не само што би биле информирани за концептот, туку преку таквата форма и директно би можеле да учествуваат во планирање на активностите во нивната непосредна околина, на ниво на месна заедница или општина, што ни го потврдува и фактот дека соседствата во елементарен облик во градовите се од особено значење за урбаниот живот, од каде започнува да се формираат перцепциите на граѓаните за припадност кон градот. Ова е важен показател за тоа дека граѓаните пројавуваат интерес за учество во процесите на урбано планирање кое директно ги засега. Активното граѓанство е еден од главните фактори во секое развиено граѓанско општество, па оттаму се јавуваат и потребите за поголема инстуционална одговорност и пронаоѓање форми, преку кои граѓаните може да се вклучат во подобрување на планирањето и условите на живеењена ниво на општина.

9.1.3 Вклученост на локалната заедница во процесот на урбано планирање

Вклучувањето на локалната заедница во процесите на урбано планирање има повеќе позитивни страни. Поголемата партиципација придонесува кон поголема легитимност и ефективност на планираните активности. Урбаното планирање, посебно на јавниот простор, ги засега сите жители подеднакво, па оттаму и прашањето за вклучување на граѓаните во процесите на одлучување и вклучување во истото. Ова произлегува и од самите практики на голем број градски управи, а во определени моменти и до самата институционална и законска рамка, која предвидува задолжително консултирање со јавноста и нејзино вклучување во процесот на планирање,согласно Архуската конценција која во РСМ е ратификувања во 1999 година. [16] Често се случува граѓаните да се противат на одредени планови кои се изготвени од градската администрација, па оттаму во голем број случаи доаѓа до спротивставеност помеѓу изготвеното решение од страна на градската администрација и граѓаните. Исто така е важно да се анализира во која мерка граѓаните сметаат дека нивното активно вклучување би влијаело врз самиот процес на планирање, односно колку институциите се подготвени да ги вклучат забелешките кои би ги имале граѓаните на предложените планови. Наредните прашања се однесуваат во која мерка граѓаните на град Скопје сметаат дека може да влијаат на овие процеси.

Добиените одговори ни покажуваат дека лицата кои имаат понизок степен на образование имаат помала верба во можноста дека преку сопствено ангажирање може да придонесат кон промени во својата непосредна околина, или би се вклучиле во активности кои предвидуваат поттикнување активизам или прашања кои ја засегаат локалната заедница. Процентот расте паралелно со степенот на образование.

[16] „Службен весник на РМ“ бр. 40/99



| Секој може да направи промени во својата непосредна околина (поттикнување на граѓански активизам, подигнување свест за одредени прашања од јавен интерес | | | |
|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам |
| Основно обр | 42% | 47% | 10% |
| Средно обр | 60% | 31% | 4% |
| Високо обр | 84% | 11% | 3% |

Табела 17.Граѓански активизам – според степен на образование




Истата тенденција се појавува и кај прашањето за покренување иницијативи на социјални промени, како што се регулативи или идеи за подобрување на условите за живеење. Ова секако спаѓа во делот на урбаното планирање кое, како што погоре изложивме, ги засега поеднакво сите жители на локалната заедница. Ваквите одговори делумно може да ги припишеме на недоволните информации кои ги имаат граѓаните преку кои сè форми може да се вклучат во планирањето или активностите на локално ниво.Исто така институциите често јавните дебати кои ги организираат ги сметаат за формалност кој произлегува од законската регулатива. Процесите на граѓанско учество подразбираат засегантите страни да ги почитуваат принципите на меѓусебно почитување, отворена комуникација, институционална ангажираност за приближување на администрацијата до граѓаните преку различни облици на информирање, за што стана збор во претходниот дел. Чувството дека

граѓанинот нема влијание врз процесите на одлучување остава простор за опшествено незадоволство, апатичност и чувство на исклученост од процесите, што, пак, е во спротивност со моделот на одржлив развој, кој како еден од клучните фактори ги смета вклученоста на граѓаните во општесвените процеси. Воедно пасивноста во однос на случувањата повлекува и планирање кое можеби не соодвествува со потребите на граѓанинот во одреден момент.

| Секој може да направи социјални промени (покренување иницијативи за подобрување на регулативи, поднесување идеи за подобрување на условите за живеење) | | | |
|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам |
| Основнообр | 47% | 36% | 15% |
| Средно обр | 56% | 36% | 4% |
| Високо обр | 76% | 20% | 3% |

Табела 18. Можност за социјални промени




Во однос одговорите на испитаницитепо општини по истите прашања, забележлива е разликата во одговорите по општини во кои граѓаните сметаат дека граѓанските иницијативи и активизам може да влијаат врз промена на планирањето и предвидените активности на локалните власти. Разликата е речиси двојно поголемаво одговорите дека секој може да направи промена во непосредната околина во општините Аеродром и Центар, за разлика од одговорите на испитаниците во општините Бутел/Чаир и Сарај.



| Секој може да направи промени во својата непосредна околина (поттикнување на граѓански активизам,подигнување на свест за одредени прашања од јавен интерес) | | | |
|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам |
| Чаир/Бутел | 58% | 30% | 4% |
| Аеродром/Н. Лис | 82% | 17% | 0% |
| Сарај | 34% | 56% | 6% |
| Центар | 74% | 17% | 8% |

Табела 19. граѓански активизам – по населби




Речиси истиот соодност се задржува и кај прашањето за можноста на граѓанинот да покрене прашања за социјални промени. Познавањето на процедурите и начинот на кој локалните власти ги вклучуваат граѓаните во своето работење се еден од факторите кои влијаат на ваквите перцепции на граѓаните. Транспарентното работење на локалните власти, постојната и точна информираност, проактивните начини преку кои би ги стимулирање граѓаните да се вклучат во работата на локалните власти, од една страна, но и желбата на граѓаните и нивната свесност за своите можности за влијание врз работењето на истите, ни покажуваат дека во различни делови на Скопје граѓаните различно ги

практикуваат или се подготвени да ги практикуваат своите граѓански права и да се вклучат во креирање на урбаните политики.

| Секој може да направи социјални промени (покренување иницијативи за подобрување на регулативи, поднесување идеи за подобрување на услови за живеење) | | | |
|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам |
| Чаир/Бутел | 63% | 28% | 2% |
| Аеродром/Н. Лисиче | 74% | 24% | 1% |
| Сарај | 26% | 60% | 10% |
| Центар | 67% | 27% | 5% |

Табела 20. Можност за социјални промени – по населби




Кога вклученоста на локалната заедницата е силна, како резултат на тоа жителите ја разбираат и веруваат во работата на локалната управа; жителите имаат чувство дека имаат својаулога во донесувањето одлуки, врската помеѓу советот и жителите е заедничка и динамична. Наместо жителите да се чувствуваат како пасивни приматели, голем број луѓе кои се заинтересирани за промените што треба да се направат и кои сакаат да ни помогнат да ја обликуваме таа промена, новите идеи и промени се одвиваат преку акција во заедницата. Доколку на ова се додаде и вклучување на локалната бизниз заедница, тогаш може да се очекува дека развојот на локалната заедница е планиран во насока на одржлив раст, во кој се запазени еколошките, социјалните и економските потреби на жителите.



### *9.2Насоки за иден развој на град Скопје низ перцепцијата на граѓаните*

Во насока на тоа како би требало да се развива градот Скопје во иднина, во овој дел ќе ги анализараме одговорите на граѓаните токму во врска со прашањата кои се однесуваат на делот на урбаното планирање на град Скопје. Поточно, кои активности би требало да ги преземе градот Скопје со цел подобрување на квалитетот на живеење во градот. Темите кои ќе бидат анализирани се поделени во четири подрачја кои се однесуваат на еколошкото планирање на градот, и тоа: екологија, транспорт, урбанистичко планирање и добро управување. На крајот ќе дадеме сублимат во кој ќе укажеме на неопходноста од поврзување на овие четири сегменти во една интегрална целина.

9.2.1 Еколошки развој на град Скопје

Со оглед на тоа дека централната тема на самиот труд е еколошкото планирање на градот, важно е да ги анализираме потребите на граѓаните во однос на еколошкото живеење, односно кои се нивните ставови во однос на тоа како треба да биде планиран Град Скопје во еколошка смисла. Во неколку наврати беше спомената важноста на еколошката димензија во планирањето на градовите денес, па оттаму и треба да се очекува дека граѓаните, исто така, ќе бидат заинтересирани за квалитетот на еколошкото планирање во срединте во кои живеат. Низа истражувања покажуваат дека добро димензионираните зелени површини на јавни зелени површини имаат повеќекратен позитивен ефект. Како позитивни ефекти може да ги издвоиме: подобрување на естетиката на просторот, зголемување на социјализацијата на ниво на соседство, зголемување на физичката активност на детската популација и сл. Односно, ефектите од добро осмисленото еколошко планирање имаат импакт и врз социјалната димензија на живеење.



Како прво прашање кое се однесува на еколошкото планирање упатено кон испитаниците беше за потребата за заштита на урбаното зеленило на ниво на општината во која што живеат.

| Подигање на квалитет на воздух | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 51% | 31% | 6% |
| Н. Лисиче | 75% | 23% | 1% |
| Сарај | 65% | 34% | 0% |
| Центар | 53% | 30% | 13% |

Табела 21. Приоритет квалитет на воздухот




Имајќи ги предвид високите концентрации на загаденост на воздухот низа години, прашањето за подигање на квалитетот на воздухот е од највисок приоритет кај повеќето граѓани. Зависно од населбата, овој процент се движи помеѓу 51% па сѐ до 75%. Со оглед на тоа што граѓаните сѐ повеќе се информираат за здравствените ефекти од изложеноста од аерозагадување, ова прашање за нив станува едно од најважните што треба да биде разрешено од страна на градската управа. Негативните ефекти кои се бележат како последица од аерозагадување укажуваат дека во изминатите години, како последица на аерозагадувањето,регистрирани се 1.351 смртен случај и економска загуба од 253 милиони евра, или нешто над 3% од вкупниот бруто домашен производ (според анализите на Светска банка, 2014). Ако на ова се додаде и влијанието кое загадувањето го има кај детската популација и болестите кои се

предизвикани како последица на истото (Институт за јавно здравје, 2015), тогаш станува јасно дека проблемот со аерозагадувањето треба да биде примарен за решавање, со оглед на тоа дека истото отвора долгорочни последици по населението во целина кои се од здравствен, а понатаму и економски карактер. На ова прашање се надоврзува и следното кое се однесува на заштитата на урбаното зеленило. Урбаното зеленило, во делот на еколошкото планирање, би требало да претставува неизоставен дел со оглед на мулфикунционалноста која ја има. Имајќи ги предвид сите позитивни ефекти, треба да се очекува во процесот на урбанистичко планирање на просторот да се води сметка за тоа граѓаните да имаат пристап до зелени површини во непосредната околина, со цел задоволување на нивните потреби од одмор, рекреација и престој во природа. Имајќи го предвид горенаведеното, резултатите добиени од истражувањето го потврдуваат тоа дека граѓаните, како еден од приоритетите во урбаното планирање, ги потенцираат и заштитата на урбаното зеленило.

| Заштита на урбаното зеленило | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 46% | 34% | 12 % |
| Н. Лисиче | 76% | 23% | 0% |
| Сарај | 63% | 28% | 4% |
| Центар | 44% | 40% | 10% |

Табела 22. Приоритет урбано зеленило



Процентот на граѓани кои сметаат дека заштитата наурбаното зеленило е еден од највисоките приоритети, се совпаѓа со процентите од претходното прашањекое се однесувана подигањето на квалитетот на воздух. Оттука може да заклучиме дека граѓаните ги поврзуваат квалитетот на воздухот и јавните зелени површини. Ова е посебно важно да се има предвид, со оглед дека процесите на урбанизација во главниот град кои не покажуваат знаци на намалување, туку обратно, што пак ќе доведе во зголемување на урбаната густина на објекти кои ќе придонесат за намалување на јавните достапни зелени површини, односно со тоа целосно се губи и можноста тие површини да бидат уредени како јавни зелени површини.

Во изминатите неколку години евидентно е дека голем дел од зелените површини во централното градско подрачје беше пренаменето, со што беше изгубен голем процент зелени површини. Како еден поевиденден пример е Мал ринг. Промение на Деталниот урбанистички план во Општина Центар доведоа до тоа просторот кој преходно беше отворен и со релативна застапеност на зелени површини денес да е густо изграден. Накратко ќе ја презентираме промената на зелените простори на„Мал ринг", Општина Центар,во периодот 1997 – 2017 година.

Деталниот урбанистички план е рамка во која се дефинираат површините за градење, висината на градбите, намената на земјиштето,се дефинира сообраќајната мрежа, но се предлагаат и мерки за заштита на животната средина и природата. За„Мал ринг", во делот на детално урбанистичко планирање, се донесени следниве поважни документи: ДУП „Мал ринг" – Скопје1997, но и измени и дополнувања во многу краток временски период од 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 јуни, 2012 декември. Според анализата направена за оваа површина, во ДУП од од 1997 година стои дека:„Скопје се одликува со голем процент на неповолни урбанистички показатели, отсуство на оски и простори, со што се губи сликата и идентитетот на центарот (Грчев, Коробар,Перчиќ 1997). Според анализата, на центарот на Скопје му треба нова динамика на просторот, со оглед на тоа дека после осамостојувањето Скопје добива сосема друга улога во Република Северна Македонија, а ако на тоа се додаде дека државата во целост го почна процесот на целосна промена како на економскиот, така и на политичкиот систем, неминовни беа и потребите од промени во овој „недефиниран простор". Овој план предвидувал реализација на некои

нереализирани градби од Деталниот урбанистички план за центарот на град Скопје од 1967 година. Со овој план се предивидувало да се дооформат плоштадите од двете страни на Вардар како историски континуитет, вредно културно наследство во вид на јавни простори за кулурна интеграција. Имајќи предвид дека од левата страна на Вардар започнува Старата чаршија,а од десната е плоштадот како понов площдатен простор, може да заклучиме дека во Скопјесе наоѓаат два вида јавен простор: оној на левата страна, кој е постар, органски, донекаде хаотичен и оној кој е условно неодамнешен, планиран, уреден. Првиот тип, со текот на времето, се зголемува за да ги задоволи навиките и потребите, главно комерцијалните, на градските жители. Неговото име се поврзува со термините: мајдан, чаршија, пазар. Вториот е изграден според план за отелотворување на идеализираните квалитети на модерното. Првиот е случаен и спонтан, вториот не остава ништо на случајот: сè што се гради е однапред планирано во архитектонска, симболичкаи функционална смисла.

Во измените на деталниот урбанистички план од 2008 година, во однос на зелените површини, во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило. Првично планираниот план пред објектот на АРМ се пренаменува во зелена површина,но воедно се предвидуваат низа објективрз постојаното зеленило,и тоа на Плоштад „Македонија“,објект пред МОБ, верски објект на Плоштад „Македонија“, три нови објекти на кејот „Димитар Влахов“: Уставен суд/Државен архив/Археолошки музеј на Македонија, Министерство за надворешни работи и Амфитеатар (безобележана парцела) ;споменик на Александар Македонски во центарот на Плоштад „Македонија“; објект пред Дом на АРМ, Спомен-куќа на Мајка Тереза (безобележана парцела). Исто така во овој ДУП стои и подземна сообраќајница, продолжение на бул. „Партизански одреди“ на западната страна на кеј „13 Ноември“, со што би бил уништен зелениот појас во овој дел на центарот. Измените на ДУП-отво 2009 година не располагаат со прилог за планирано градско зеленило, но и во овие измени се предвидени нови објекти врз постојано зеленило, и тоа се предвидува подземен паркинг на три нивоа под паркот „Жена-борец“, за чија градба неминовно е уништување на дел од оваа зелена површина. Потоа подземен паркинг на три нивоа на зелената површина зад Собранието на Република Северна Македонија, подземен паркинг зад објектот „Палома бјанка“, како и објекти на кејот

„Димитар Влахов“, пред МОБ: Јавно обвинителство и Финансиска полиција и Агенцијата за електронски комуникации и две катни гаражи околу објектот на МЕПСО. Со измените на деталните планови од 2010 и 2011 година, не се предвидени проширувања на зелени површини, ниту нови објекти врз постојните зелени површини. До нова промена на деталниот план доаѓа во јуни 2012 година. Како предвидено зеленило се наведуваат два нови кружни тека со зеленило (крстосница бул. „Партизански одреди“ со бул. „Васил Главинов“, и крстосница бул. „Илинден“ со бул. „Гоце Делчев“), а како објект врз постојно зеленило објект-споменик на Мајка Тереза покрај Плоштад „Македонија“. Истата година, во декември, се доставува уште една измена на деталниот план . Во него, во делот на зелени површини, се предвидува површина за спорт и рекреација (Д3[17]).

За анализа на зелените површини на „Мал ринг“ за изминатите години, се користени ГИС системите, како и Google Earth алатката.[18]Овие податоци укажуваат на тоа дека во 2002 година зелените површини изнесувале вкупно 75.649 м$^2$, додека во 2013 –34.994 м$^2$,за во 2017 да се симнат на 18.680 м$^2$. Ова изнесува намалување на зелените површини за околу 75%. Од предочените податоци може да се забележи дека фокусот на еколошка деградација на зелените површини е концентриран и во центарот на град Скопје, во кој се изградени речиси сите објекти од проектот „Скопје 2014“. Градежните зафати директно влијаат на намалување на зелените површини во т.н.„Мал ринг“. Ако пред започнување на проектот „Скопје 2014“` како главна забелешка е дека плоштадот е празен простор само со големи зелени површини пред зградата на „Македонски пошти“ и дрворедот на истата површина, без посебна естетска вредност, за само неколку години иститот стана градежен полигон на кој се мешаат стилови, епохи неповрзани со овој простор, уште помалку со времето во кои се создаваат. Плоштадот, години station наназад, е постојано во процес на градење и доградување на објекти кои одат во спротивност од сè она што беше напишано како постулат за развој на модерните градови. Овие процеси, како еколошка последица, ги имаат зголеменото присуство на прашина во воздухот,

[17]Правилнил за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14 и 44/15

[18] http://gradzasite. mk/%d0%bd%d0%b8-%d1%81%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d1%83%d0%b2%d0%b0-%d0%b4%d1%80%d0%b2%d1%98%d0%b0/



зголемувањето на температурата и формирање на „топлински острови“ во централното градско подрачје, затворањето на протокот на воздух, загадувањето од бучава. Покрај тоа, зафатите во самото корито на реката Вардар дополнително ја влошуваат оваа слика,бидејки со градбите кои се директно во самото корито, значително е намалена пропустната моќ на истото, а исто така е оштетен одреден дел на брегот како последица на механизацијата која се користи за реализација на овој проект.

Како еден не толку еколошки елемент во просторот, но кој меѓутоа суптилно влијае врз психолошката состојба на човекот, е и прашањето на визуелното и светлосното оптоварување. Градовите имаат и свое психолошко влијаније врз поединецот, од кои некои се поочигледни, додека некои се посуптилни. Со оглед на тоа дека ова прашање досега не било истражувано во нашата земја, од интерес на авторот беше да дознае кој е ставот на испитаниците по ова прашање. Со оглед на тоа дека еколошките предизвици со кои се соочува град Скопје, како што се управувањето со отпад, аерозагаденоста и сл.,ова прашање секако не спаѓа во оние кои на прв поглед се наметнуваат како проблем од приоритетно значење. Ова прашање беше поставено со цел да се увиди како граѓаните го перцепираат просторот на градот во една поширока еколошка смисла, имајќи предвид дека урбаниот пејсаж е сочинет од бројни елементи како што се градби, патна и светлосна сигнализација, агресивен визуелен маркетинг и слично, што често свесно и не го перцепираме како причина која влијае како се чувствуваме во еден простор. Ова прашање ќе го анализираме во однос на општини и возрасни групи. Ова е направено со цел да се увиди дали во општините во кои се сместени поголем број економски субјекти перцепцијата за визулно оптоварување се смета како прашање од поголема важност за решавање, а во вториот случај дали возрасната граница визулното оптоварување го восприема како оптоварување врз психолошката состојба или како „природна“ состојба на фунционирање на организмот.

| Намалување на визуелно оптоварување (светлосно, реклами,билборди) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18-29 | 46% | 29% | 19 % |
| 30-45 | 38% | 35% | 16 % |
| 46-65+ | 75% | 12% | 12% |

Табела 23 Приоритет намалување на визуелно оптоварување






Ако се погледнат добиените одговори по возрасни групи, тогаш може да утврдиме дека поворасните жители на град Скопје во поголема мера се подложни на визуелното оптоварување, меѓутоа и кај двете помлади возрасни групи процентот на перцепција за визуелно оптоварување е релативно висок. Во воведниот дел укажавме на влијанијата кои ги има ова врз организмот, па оттаму и потребата во иднина поголемо внимание при урбаното планирање да им се посвети на овие елементи, со цел постигнување попријатни јавни простори кои ќе придонесат за поздраво, но воедно поестетско ипоурбано доживување на јавниот простор на градот.

Во однос на истото прашање, но по општини, одговорите на испитаниците го имаат следниот распоред.

| Намалување на визуелно оптоварување (Светлосни реклами,билборди, ел. инсталации) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 29% | 39% | 9% |
| Н. Лисиче | 56% | 29% | 12 % |
| Сарај | 26% | 28% | 39% |
| Центар | 50% | 36% | 13% |

Табела 24 Приоритет намалување на визуелно оптоварување по населби




Овој распоред на одговори за прироритетноста на ова прашње може да го протолкуваме низ призмата на економска активност на општините. Ако земеме предвид дека општините, како што се Аеродром и Центар, се претежно општини во кои се концентрирани комерцијални и објекти од угостителска дејност (локали, трговски центри и сл), како и главните сообраќајници во градот, тогаш станува јасно дека концентрацијата на визуелни знаци, било во форма на билборди, светлосни реклами, како и сообраќајна сигнализација, се застапена во повисок процент во однос на останатите општини. Оттаму и жителите кои живеат во овие општини во поголем процент се изложени на последиците и влијанијата на овој вид оптоварување.

### 9.2.1.1 Регенерација на јавни зелени површини во град Скопје

Историски гледано развојот на градовите е врзан за реките. Најстарите градови и првите цивилизации се развивале токму по тековите на реките. Никако не би можеле да ги замислиме египетската или вавилонската цивилизација без Нил, Тигар или Еуфрат. Голем број европски метрополи се лоцирани покрај реки. Развојот на градот низ времето ја менувал и функцијата која ја имале реките во урбаните средини. Денес, кога градовите сѐ повеќе се потпираат на еколошки принципи на планирање и го промовираат здравото живеење, посебна улога во урбаното планирање претставуваат реките како урбан природен елемент. Имајќи предвид дека луѓето во градовите имаат потреба да поминат одредено време во природа, реките, заедно со останатите

водни површини како што се езерца, потоци и слично, како елемент се мошне подобни во процесите на менување на градските зони и нивно претворање во активни зелени зони во кои луѓето сакаат да го минуваат своето слободно време. На нив може да гледаме од социјален аспект како на јавен простор, од еколошки аспект како простор кој може да помогне во управувањето со вода или заштита од поплави и на крај од визуелен аспект кој во голема мера може да придонесе за подобрување на визуелниот простор во урбаните средини.

Имајќи го сето ова предвид, реката Вардар е од големо значење за градот Скопје и како таков природен елемент е важен од повеќе аспекти кои беа погоре споменати. Нејзината важност се зголемува дотолку што линискиот тек на Вардар поминува низ самото градско подрачје, а во определен дел и низ централните делови на градот. Оттука е важно да се анализара во која мера е битно за граѓаните како се третира реката Вардар од страна на локалните власти. Не помалку е важно како се третирани и другите зелени елементи, како што се големите зелени површини, во случајов парк шумата Гази Баба и Водно. Со оглед на тоа дека и двата природни комплекси се наоѓаат во самиот град, несомнено е дека тие имаат голема важност и влијание врз квалитетот на животната средина. Моделот на „урбани шуми“ е уште еден урбан зелен елемент на кој во последните години му се придава сè поголемо значење во еколошкото планирање на градовите. Исто како и во случајот со реките, функциите кои ги имаат овие комплекси сè повеќекратни. Ова побено е важно за парк шумата Гази Баба, околу која гравитираат поголем број населби, а и плановите за натамошна урбанизација на просторот на Скопски саем укажува на фактот дека улогата и потребите од јавни зелени површини ќе се зголемуваат. Планината Водно својата еколошка фунција ја добива во периодот на 60-тите години, после периодот на интензивно пошумување кое има за цел да се намалат процесите на ерозија и да се заштити појасот под самото подножје од поплави. Со тек на време неговата функција се надополнува со социјалниот аспект и станува комплекс кој е важен не само од еколошки аспект, туку и еден вид на идентитет на градот Скопје. Како не помалку важно е, секако, спортско-рекреативниот центар Сарај, лоциран помеѓу реките Вардар и Треска. Во минатото овој рекреативен центар претставувал место за рекреација, спорт, посебно во летниот период, за голем број граѓани на град Скопје. Несомнено во овој дел неодминливо е да се спомене и Градскиот парк, како дел од вкупниот

зелен систем на град Скопје и улогата и потенцијалот за понатамошен здрав развој на град Скопје. Ако ја разгледаме поставеноста на споменатите локации, може да се увиди дека Скопје има извонредни услови за развој на функционален систем на зелени површини во вид на паркови или урбани шуми на територијата на целиот град, со оглед на тоа дека споменатите елементи имаат поставеност која ја прати линијата на урбаното ширење на градот, а како оска на поврзувањ е ереката Вардар. Од сѐ горенаведено како прашање може да го поставиме од колкав приоритет за граѓаните се програмите за еколошка реставрација, односно преземање активности од страна на локалните власти, со цел враќање на квалитетот на посочените зелени површини на територија на град Скопје.

Земено по општини, ова прашање е од висок приоритет за жителите на општина Сарај, каде што 80% од испитаниците сметаат дека еколошката реставрација ќе има позитивен ефект, со оглед на тоа дека СРЦ „Сарај“ во минатото има повеќе функции. Според нив тоа не само што ќе ја подобри состојбата со зелените површини на ниво на општината, туку позитивно ќе влијае и за останатиот дел на град Скопје, а воедно истото може да има и позитивни економски ефекти врз микроекономијата.

| Еколошка реставрација коритото на Вардар/Сарај/Гази Баба/Водно/ | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 36% | 46% | 12 % |
| Н. Лисиче | 54% | 44% | 2% |
| Сарај | 80% | 15% | 2% |
| Центар | 36% | 34% | 24% |

Табела 24. Приоритет еколошка реставрација



Во односна возразните групи,како што се зголемува возраста, така расте и процентот на испитаниците кои сметаат дека е потребна опсежна програма, со која посочените локации ќе добијат соодветен третман и истите ќе бидат ставени во фунција на подобрување на еколошките аспекти на живеење. И според двата параметри, процентот на оние кои сметаат дека приоритет на градот Скопје, во соработка со општините, треба да се ангажира во изготвување и спроведување на програмски активности е висок и изнесува над 50%,а речиси околу 40 % од среден приоритет укажува на тоа дека на граѓаните им се потребни вакви површини како интегрален дел на урбаниот простор во градот во нивна непосредна околина,но и на ниво на град.

| Еколошка реставрација коритото на Вардар/Сарај/Гази Баба/Водно/ | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18-29 | 49% | 38% | 8 % |
| 30-45 | 50% | 34% | 11% |
| 46-65+ | 75% | 25% | 0% |

Табела 24. Приоритет еколошка реставрација по старосни групи




Заклучни забелешки

Непобитен е фактот дека природаа и зеленилото имаатт позиивни ефекти врз човекотово здравје и психолошка состојба. Придобивките по менталното здравје од опкружувањесо природата и зелените површини е добро

документирано во истражувањата на Хартинг ((Hartig, 2007; Hartig et al., 1991). Понатаму, овие површини влијаат и врз намалувањето на нивото на психолошки стрес, односно имаат позитивно влијание врз невролошкиот систем подобрувајќи ја состојбата преку намалување на стресот и релаксирање (Ulrich, 1983; Ulrich et al., 1991). А, според Каплан и Каплан, природата има ефект и врз подигање на когнивните процеси кај човекот (Kaplan and Kaplan, 1989; Kaplan, 1995; Kaplan, 2001; Kaplan and Kaplan, 2011). Зелените површини во градовите обезбедуваат луѓето во нив да се чувствуваат опуштено, слободно или, како што тоа го дефинира Нохл, луѓето се поврзуваат со квалитетите на природата, вклучувајќи ги здравствените придобивки, мир, самотија, слобода и оригиналност. Во нашето општество, за секој од нас, поимот природа има поинакво значењеи секој од нас има потреба на поинаков начин да ја искуси природата (Nohl,1985). Добро испланираните зелени површини ја подобруваат перцепцијата на луѓето за градот и неговите отворени површини и претставуваат еден од најважните елементи по кои еден град станува препознатлив, односно врз кои може да го гради својот идентитет (Gold,1980).

Ако сево ова го поврземе со добиените одговори за важноста од уредување на зелените површини кои беа посочени на испитаниците, а во вториот дел и со потребата од поголемо внимани при визуелноно и светлосното планирање на просторот, може да заклучиме дека граѓаните во голема мера имаат потреба од простори кои ќе им ги обезбедат погоре наведените функции. Независно од нивните лични карактеристики за територијална размесеност, возраст или степен на образование, тоа што ги обединува сите е потребата од реобмислување на зелените и јавните просори на територијата на град Скопје, согласно локалните карактеристики, односно оптимално планирање на сите параметри во просторот, со запазување на потребите на граѓанинот на ниво на пристапност до зелени простори во непосредна близнина на живеење, со цел постигање подобри еколошки услови на живеење и делумно елиминирање на негативните појави, како што се аерозагадувањето, бучавата и потребата од поголема изложеност на природни елементи.

## 9.3Информираност на граѓаните за состојбите со животната средина

Масовните медиуми се еден од најважните сегменти на модерните општества. Пристапноста на населението до медиумите, како до традиционалните, така и до новите медиуми, доведува до тоа секое прашање да биде третирано низ медиумска призма. Оттука многу е важно како прашањата на животната средина се третираат во медиумите. Медиумите во модерните општества ја имаат моќта за насочување на важни теми во општествата, а со тоа од една страна да ја исполнуваат улогата на информирање, а од друга граѓанитепреку овие информации формираат ставови и мислење во однос на одредени прашања кои се во нивен интерес. Новите медиуми поттикнаа транформација на начинот на кој се пренесуваат и формираат вестите. Новите технологии и мрежното поврзување придонесоа вестите да се прошируваат во моментот на нивното случување, размената на информации да биде на ниво кое досега во човековата историја не е забележано. Меѓутоа, ако во минатото главни беа информациите, тогаш денес медиумската хипер продукција бара и одредено ниво на медиумска информираност и писменост, посебно кога станува збор за поспецифични теми кои побаруваат повисоко ниво на знаење од одредени области. Која е улогата на медиумите кога станува збор за теми од животната средина?

Телевизијата, радиото, печатените медиуми, како и интернет медиумите се повикани не само да ги информираат граѓаните за состојбите со животната средина, туку воедно и да промовираат еколошки и одржливи начини на живот. Преку тоа директно може да се влијае врз создавањето јавно мислење кое во голема мерка би имало и влијание врз тоа како градските власти ги креираат политиките поврзани со урбаното планирање и подигањето на квалитетот на животната средина. Преку комуникацијата граѓаните, исто така, може не само да се информираат еднонасочно, туку можноста за меѓусебна размена на мислења и идеи може да генерира нова општесвена клима, во која промените се базираат на размена на искуства знаења и идеи и од нив да произлезат нови начини на разрешување на определени ситуации. Во натамошниот дел ќе ги анализираме

прашањата кои се однесуваат како граѓаните се информираат за прашања од животната средина, колкав е интересот за истите, во која мера граѓаните се запознати со концептот на одржлив град и преку кои форми на информирање сметаат дека може да се подобри информираноста на граѓаните како за состојбите со животната средина, но и за изнаоѓање нови решенијаза подобрување на квалитетот со животната срединаво Град Скопје.

### 9.3.1 Извори на информирање на граѓаните

Во овој дел ќе ги анализираме одговорите на испитаниците за изворите на инфомирање кои ги користат, но и како во иднина може да бидат искористени новите можности за информирање и доближување на идеи за поодржливо живеење. Првото прашање кое беше поставено беше преку кои медиуми најчесто граѓаните се информираат за животната средина.

Телевизијата сè уште е медиум кој широко се користи од страна на граѓаните за информирање од доменот на животната средина. Предноста на телевизијата како медиум е во тоа што телевизиските куќи располагаат со ресурси кои може да креираат медуимска содржина, не само од информативен карактер, туку и од едукативен или дебатен карактер. Имајќи го ова предвид телевизиите, не само што имаат функција да известуваат за состојбите, туку воедно може да бидат ставени во функција да промовираат поздрави начини на живеење. Телевизиите имаат огромно влијание врз формирањето на јавното мислење и расположение, но воедно може и да поттикнат промени во начинот на живеење кај луѓето доколу, преку промотивни медумски формати, укажат на позитивни промени кои ќе ги имаат граѓаните со промена на своите навики, присвојување на поздрави навики за живот.

| Извор на информирање – телевизија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Често | Ретко | Не се информирам |
| 18 – 29 | 40% | 20% | 27% | 6% |
| 30 – 45 | 53% | 31% | 8% | 6% |
| 46 – 65 | 50% | 11% | 11% | 22% |

Табела 25. Извори на информирање по старосни групи – телевизија



Многу е понизок процентот на користење на радиото како информативен медиум. После појавата на телевизијата радиото бележи далеку пониско користење како извор на инфомирање. Како што е прикажано и во табелата, од 45% до 70% од испитаниците ретко или никогаш не се информираат преку овој вид медиум. Ова може да се припише на тоа дека најголем број радио станици кај нас имааат програма од забавен карактер или кратки информативни формати, па оттаму и содржините кои ги креираат не се од информативен карактер. Понатаму,сè поголемото користење на интернет и новите медиуми и начини на комуникација и можности за побрза комуникација, го прават овој медиум сè помалку атрактивен за користење за помладите испитаници.

| Како се информирате за состојбите со животната средина – радио | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Често | Ретко | Не се информирам |
| 18 – 29 | 8% | 44% | 25% | 21% |
| 30 – 45 | 20% | 34% | 50% | 22% |
| 46 – 65 | 25% | 25% | 0% | 50% |

Табела 26. Извори на информирање по старосни групи – радио

Со оглед на тоа дека интернетот сè повеќе станува интегрален дел од животот,како и релативно достапните уреди овој медиум сè повеќе ги заменува останатите медуими како извор за информирање, посебно кај првите две старосни групи. Македонија се вбројува во земјите кои имаат релативно висок процент на покриеност со интернет конекција и со постојано зголемување на процентот на население кое има пристап до интернет во својот дом (70% во 2016)[19], додека 85% од населението имаат свои налози на некоја социјална мрежа. [20] Имајќи го ова предвид, заедно со брзината со која се разменуваат информациите и вестите по електронски пат, треба да се очекува во иднина процентот на лица кои се информираат преку веб-платформи или специјализирани апликации кои се наменети за следење на квалитетот на воздухот и другите еколошки парамери, да се зголемува. Друга предност на интернетот е што дава можност за интеркативност помеѓу корисниците, така што случувањата и информациите се достапни на голем број луѓе во моментот

[19] http://www. internetlivestats. com/internet-users/macedonia/
[20] https://www. statista. com/statistics/708775/social-network-penetration-in-macedonia/



на случување. Често се случува граѓаните, преку користење на социјалните меидуми, да покренат иницијативи или да го свртат вниманието на јавноста кон одредени прашања од животната средина токму со помош на социјалните мрежи. Неретко исто така во последно време и останатите медиуми ги користат социјалните мрежи како извори на информирање и цитирање.

| Како се информирате за состојбите со животната средина – интернет | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Секогаш | Често | Ретко | Не се информирам |
| 18 – 29 | 49% | 28% | 16% | 5% |
| 30 – 45 | 40% | 24% | 19% | 15% |
| 46 – 65 | 25% | 0% | 0% | 75% |

Табела 27 Извори на информирање по старосни групи – интернет

По старосни групи како медиуми од кои секогаш или често граѓаните се информираат телевизијата останува како примарен медиум за информирање кај групите над 30 години,додека кај младата полулација Интеренот е главен извор на информирање.

| Најчесто користени медиуми за информирање по старосни групи | | | |
|---|---|---|---|
| | Телевизија | Радио | Интернет |
| 18 – 29 | 60% | 52% | 77% |
| 30 – 45 | 84% | 54% | 64% |
| 46 – 65 | 61% | 50% | 25% |

Табела 28Најчести извори на информирање по старосни групи – интернет

Следно прашање, кое произлегува од предходниот корпус прашања, беше: „Дали сакате да сте поинформирани за состојбите со квалитетот на животната средина вградот?




Слика 36. Степен на заинтересираност за поголемо информирање

¾ од граѓаните сметаат дека треба да бидат поинформирани за состојбите во квалитетот на животната средина. Ако ова го ставиме во корелација со медиумите за информање, тогаш може да заклучиме дека граѓаните имаат потреба од подлабинско информирање за животната средина и во таа насока медиумите треба да креираат повеќе содржини кои би се однесувале на животната средина. Ова би подразбирало воедно и поголемо вклучување на граѓаните во процесите на одлучување, бидејќи само добро информирани граѓани може да бидат активни чинители во процесите на урбаното живеење во еден град. Соодветни медуимски содржини, во кои стручно би биле образложени причинителите на загадувањето, поткрепени со научни истражувања, потоа последиците од изложеноста на загадување, се еден од начините преку кои граѓаните можеда формираат личен став во однос на овие прашања.

**Заврши забелешки**

Времето кое го живееме е окарактеризирано со брзо темпо, кое се однесува не само на траспортот или бројот на обврскикои треба да ги завршиме за релативно краток временки период, туку и од тоа со која брзина се шират вестите и информациите во едно општество. Воено, важно е кои и какви содржини се пласираат и шират преку медиумите. Фактот што мрежната технологија овозможува речиси неограниени можности за пренос, создавање на информации остава простор за подобрување на информираноста на граѓание, но воедно и начин преки кој може да бидат пласирани идеи за поодржливо живеење. Истовремено, двостраната комуникација дава можност за интерактивност на повеќе нивоа, како помеѓу граѓаните, така и помеѓу граѓаните и институциите. Опшествата, а посебно градовите,сè повеќе ги користат предностите на новите технологии. Моделите на ИоТ (Inernet of things), ИоМ (Inernet of mobility), Блокчаин (Blockchain) понатаму ги трасформираат градовите во „паметни градови“ преку кои се зголемува нивната ефикасност во



користењето на ресурсите, влијае врз ефикасноста. Развојот на платформи и апликации за информации се протега од користење навигациски мапи до апликации за информирање за број на слободни паркинг места.

Нашиот фокус беше ставен главно на користење на медиумите во информативна смисла, сепак, трансформацијата на медиумите треба да биде искористена и во случајот на град Скопје, со оглед на тоа дека најголем број граѓани сметаат дека е потребно поголемо медиумско информирање за темите од животната средина и одржливото живеење. Понаката, треба да се размислува како новите модели кои беа споменати би можеле да се применат и кај нас, со цел транспофмирање на градот Скопје во град во кој информациите од јавен интерес ќе бидат релативно достапни за голем дел граѓани,а кои би им биле од корист во секојдневниот живот.

## 9.4. Добро управување (Good governance)

Добро управување е термин кој има субјективна конотација и во основа ни дава претстава како јавните институции ги креираат и спроведуваат јавните политики и управуваат со јавните добра. Тоа ги обединува процесот на донесување одлуки и процесот на спроведување на истите. Како одлики на доброто управување се владеењето на правото, со почитување и ист правен третман на сите засегнати страни и заштитата на интереси, потоа транспарентноста, што подразбира дека информациите треба да се обезбедат во лесно разбирливи форми и медиуми, истите треба да се достапн за оние кои ќе бидат засегнати од политиките и практиките на управување, како и резултатите кои произлегуваат од нив и дека сите одлуките кои се донесени, но и нивното спроведување, се во согласност со постојните правила и прописи. Доброто управување подразбира и консултации со цел да бидат слушнати и вградени различните интереси на засегнатите страни, со цел да се постигне широк консензус за тоа што е во најдобар интерес на целата заедница ина засегнатите страни и како тоа може да се постигне на одржлив начин. Доброто управување подразбира дека процесите кои ги спроведуваат имаат за цел да се постигнат поволни резултати кои ги задоволуваат потребите на сите засегнати страни, притоа оптимално искористувајќи ги човечките, финансиските, природните и

еколошките ресурси. Учеството на граѓаните, било директно или преку легитимни претставници, е клучен елемент на доброто управување. Учеството треба да биде информирано и организирано, вклучувајќи слобода на изразување и грижа за интересите на општеството во целина (P. James,2014).

### 9.4.1 Вклученост на граѓаните во планирањето и управувањето

Обично градовите кои ги базираат своите планирања врз овие принципи го применуваат пристапот од урбанистичко планирање преку пристап оддолу – нагоре (bottom up), што обично значи дека локалните власти или комисиите, задолжително и во секоја фаза, ги вклучуваат локалните жители во урбанистичко планирање на сопствените области, решавање на урбаните проблеми и планирање на нивниот иден развој. Доброто управување незаобиколно ги вклучува граѓание во процесите на урбано планирање и своето работење го става на увид на истите, со цел процесите да бидат транспаретни, а воедно и да се обезбеди и поддршка за предложените програми. Пристапот на bottom-up (оддолу – нагоре) подразбира дека локалните власти, во соработка со граѓаните или со посебно организираните групи, заедно ги дефинираат проблемите на урбаното планирање и урбаниот развој, на кои треба да се работи во иднина. Овој пристап обезбедува да се вградат потребите на граѓаните и да биде земено предвид она што тие го посочуваат како потреба во процесот на изготвување на политиките за развој. Исто така, ваквиот пристап овозможува да се избегнат понатамошни недоразбирања помеѓу локалните власти и граѓаните во процесот на спроведување на изготвените планови. Исто така, треба да се земе предвид дека и самите граѓани во голема мерка се заинтересирани за работата на локалните власти, со огледн на тоа дека ова ниво на управување и одлуките кои се носат на локално ниво директно влијаат врз нивниот секојдневен живот. Оттаму, следната група прашања се однесува на тоа каква е перцепцијата на граѓаните за потребата од зголемување на јавното учество во креирањето програми и политики, зголемувањето на трасnпарентоста на



работењето и зголемувањето на информираноста на граѓаните за работењето на градските/локалните власти. Овие прашања се одбрани затоа што, доколку властите во процесите на одлучување не се трасннпарентни, а притоа граѓаните немаат информации за тоа што и како се планира да се интервенира во просторот на непосредно живеење, не може да речеме дека самите граѓани ќе може, преку организирани форми, да земат учество во создавањето подобри услови на живеење во општината. Културата на отвореност и практиките на самите власти,односно како тие се поставуваат во однос на граѓаните, се показател, од една страна, за демократскиот капацитет на добро владеење и подготвеност за изнаоѓање оптимални решенија за сите засегнати страни.

Како прво прашање кое ќе го анализираме во овој дел, а се надоврзува на прашањата за информираност, е прашањетоза зголемување на информираноста на граѓаните за работата на градските власти преку различни форми на информирање.

| Зголемување на информираноста на граѓаните за работата на градските власт (градски весник,градски магазин ) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Основно обр. | 30% | 35% | 25 % |
| Средно обр. | 33% | 51% | 8% |
| Високо обр. | 60% | 28% | 8% |

Табела 29 Зголемување на информираност на граѓани



Процентот на граѓани кои сметаат дека треба да се изнајдат форми од страна на градските управи преку кои треба да бидат информирани, покажува дека граѓаните имаат интерес за прашањата на локални ниво. Ако ги анализираме од аспект на висок и среден приоритет, тогаш опсегот од над 60% кај лицата со основно образование до 88% кај лицата со високо образование, кои информираноста ја сметаат како висок и среден приоритет на кој треба да работат локалните власти, покажува дека за сега локалните власти не се доволно активни во споделувањето на информации кои се од интерес за граѓаните.

На ова се надоврзува и перцепцијата која ја имаат граѓаните во однос на траспаретноста на работењето на локалните власти. Речиси идентичен е процентот на граѓаните за потребата од зголемување на отвореноста и транспаретноста на локалните управи. Од особена важност е перцепцијата на граѓаните за транспаретноста на работењето, со оглед на тоа дека сите политики и програми кои ги спроведува локалната самоуправа се финансирани од страна на граѓаните,па оттаму не може да се зборува за принцип на добро и одговорно управување, доколку истовремено траспарентноста на работење е перцепирана како недоволна од страна на граѓаните. Имајќи го ова предвид, распоредот на проценти покажува дека граѓаните сѐ уште сметаат дека локалните власти треба да работат на зголемување на траспаренстноста во работењето. Еден од начините како може да биде подобрена траспаретноста, е следното прашање кое ќе биде анализирано.

| Зголемување на траспаретноста за работењето на градските власти | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Основно обр. | 31% | 47% | 21% |
| Средно обр. | 36% | 36% | 15 % |
| Високо обр. | 61% | 25% | 10% |

Табела 30 Зголемување на транспарентност на градски власти






Како што неколкупати претходно беше споменато, клучно при успешното креирање на локални политки е вклучувањето на локалното население при изготвувањето на урбаните решенија,од кои зависи квалитетот на живеењето на ниво на општина. Истите не може да бидат успешни ако не се во дослух со потребите и размислувањата на жителите. Добро конципирано урбано планирање може да биде само она кое од, една страна, ги вклучува развојните идеи кои ги има локалната власт, а од друга идеите кои произлегуваат од населението, па крајното решение претставува синтеза помеѓу визијата на општината за развој и задоволените потреби на населенитето. Дека е потребно поголемо вклучување на населението, покажуваат и одговорите на испитаниците кај кои, како и во претходните случаи, процентот за потребата од јавно учество се зголемува како што се зголемува степенот на образовани и се движи од 65% како висок или среден приоритет кај лицата со основно образование, па до 88% кај лицата со високо образование.

| Зголемување на јавното учество во креирањето и донесувањето на програми и политики на градот | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Основно обр. | 30% | 35% | 25 % |
| Средно обр. | 33% | 51% | 8% |
| Високо обр. | 60% | 28% | 8% |

Табела 31 Зголемување на јавно учество по образование




Со оглед на тоа дека кај трите посочени прашања имаме сличен распоред на проценти, а имајќи предвид дека најмалата граница е како висок или среден приоритет е над 65%, може да заклучиме дека, независно од степенот на образование на испитаниците, свесноста од потребата за поголема информираност, поголема транспаретност и поголемо вклучување на локалното население во работењето на локалните власти, се перцепирани како висок или среден приоритет. Во однос на возраста, распоредот на одговорите укажува на тоа дека генерално групите од 18 до 29 години и 30 до 45 години сметаат дека прашањата за учество во работата на градската управа и информирањето и траспарентното работењесе од висок приоритет за подобрување на процесите на планирање и донесување решенија, додека групата над 46 години го сметаат од среден приоритет. Меѓутоа, фактот што одговорите како висок и среден приоритет се движат помеѓу 75% и 99% укажува на тоа дека граѓаните се заинтерсирани за овие сегменти на функционирањето на градската управа, па, спроед тоа, институциите треба да бидат поактивни како во делот на вклучување што поголем број граѓани во процесите на одлучување, така и во делот на информирање и отченост како се трошат јавните пари.

| Зголемување на јавното учество во креирањето и донесувањето програми и политики на градот | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18 – 29 | 45% | 31% | 18% |
| 30 – 45 | 37% | 34% | 10 % |
| 46 – 65+ | 12% | 87% | 0% |

Табела 32.Зголемување на јавното учество по старосни групи



| Зголемување на информираноста на граѓаните за работата на градските власт (градски весник,градски магазин | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18 – 29 | 42% | 41% | 11 % |
| 30 – 45 | 41% | 40% | 9 % |
| 46 – 65+ | 0% | 87% | 12% |

Табела 33.Зголемување наинформираноста по старосни групи

| Зголемување на траспаретноста за работењето на градските власти | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18-29 | 50% | 31% | 15% |
| 30 – 45 | 38% | 35% | 13% |
| 46 – 65+ | 25% | 62% | 12% |

Табела 34.Зголемување натраснпаретноста по старосни групи

**Заврши забелешки**

На почетокот на овој дел ги споменавме и опишавме главните принципи врз кои се темели доброто владееење. Одговорите кои ги добивме на прашањата кои беа поставени, а се однесуваа на тоа како граѓаните го перицпираат управувањето, ни покажува дека состојбите во овој дел се далеку од она што значи добро управување. Граѓанитеи нивните потреби и интереси се централен елемент околу кој треба да се планираат програмите на ниво на општини. Јавното учество, траспарентноста и вклучувањето на граѓаните во овие процеси не само шо треба да се практикуваат на формално ниво, туку треба да станат редовна практика во работењето на општините, бидејќи, во крајна линија, институциите се воспоставени за да го организираат и олеснат секојдневното живеење на граѓаните, па оттаму и обврската на истите да ги применуваат практиките на добро владеење.



## 9.5 Улогата на сообраќајот во урбаното планирање

Градовите, уште од моментот на своето формирање, како една одлика која ги карактеризирала, е размената на луѓе, идеи, материјални добра. Од историски аспект анализирани, градовите кои прераснале во големи центри главно биле лоцирани на простори во кои траспортот можел лесно да се организира, со цел развој на трговијата. Ова придонесло не само тие економски да растат, туку и да се развиваат како центри во кои се концентрира политичката моќ, културата, уметноста и слично. Овие карактеристики за добра организираност на сообраќајот и траспортот, како што се технолошкиот развој, градовите и популацијата,станува централна идеја преку која градовите растат и тежнеат да ги подобрат условите на живеење од повеќе аспекти. Добро организираниот сообраќај и траспорт во еден град го покажува степенот на развиеност на градот, но и потенцијалите за развој на истиот. Сообраќајот има повеќезначно влијание врз севкупното живееење на градот, не само од економски аспект, туку и од еколошки и социјален аспект. Добрата поврзаност на одредени делови на градот, начинот на кој е организиран јавниот превоз, начинот на кој сообраќајот е планиран на ниво на соседства, директно влијае на динамикат аи начинот на живеење, типот на економски активности, начинот на кој се или може да се користи јавниот простор и слично.

Градовите кои немаат добра сообраќајна организираност на јавниот превоз главно се потпираат и поттикнуваат користење приватни возила. Автоцентричните градови стануваат сè поголеми, но истовремено стануваат неповолни во однос на пешаците (pedestrina unfriendly), бидејќи од една страна се зголемува потребата од паркинг простори, ако се земе предвид дека речиси сите поголеми комерцијали објекти, како што се трговски центри, а потоа и институции, инсистираат на поседување паркинг простори, тогаш станува јасно дека автоцентричните градови се неповолни за движење на пешаци, со оглед на тоа што се одземаат големи простори за пешачење, слободниот тек на пешаците е испресечен со големи улици,се намалува просторот за зелени површини и слично. Исто така овие простори најчесто се отворени простори кои се

површини со асфалт, па истите, во текот на летниот период, се причина за дополнително зголемување на температурите во централните градски подрачја. Концентрацијата на возила, секако, предизвикува сообраќајни гужви кои за последица имаат зголемување на периодот на патување помеѓу две точки, ова понатамау предизвикува поголемо загадување на воздухот, како и загадување од бучава.

Слично на ова, доколку на ниво на соседства мрежата на сообраќајници е густа, таа предизвикува блокирање на можностите за пешаците слободно да пешачат. Ако на ова се додаде несоосвеното планирање на доволен простор накористење тротоари и вело-патеки, тогаш индиректно се поттикнува користењето приватни возила дури и за помали растојанија. Затоа, при процесите на планирање, од голема важноста е како се планира да се организира сообраќајот. Пристапот на компактно планирање ја зема предвид моќноста за минимизирање на далечината која луѓето треба да ја поминат во патување, а со тоа и се минимизира и времето и енергијата кои се трошат за патување. Ова планирање ја има потребата од заштеда на време на лицата кои патуваат од својот дом до работа, или лицата кои се во образовен процес. Исто така, голем број градови, со цел намалување на потребата од патување, одат во насоки на концентрирање на јавните сервиси со цел граѓаните да може да исполнат голем дел од своите обрврски без потреба да патуваат на поголема далечина. Според Киркен (2010), за оптималното користење на просторот, со цел зголемување на циркулацијата и мобилноста, се потребни пет главни методи за планирање на просторот. Резервите на површини се потребни со цел градот да избегне подоцнежни трошоци кои би произлегле од потреба за купување земјиште, или прекини на сообраќајници со цел расчистување на површини за проширувањена сообракајните коридори, за што е потребно



**Слика 36 Решение за одвод на дождовница**

навремено да се обезбедат „резерви“ простор, кој натаму би се користел за површини на кои може да се воспостават сообраќајници, тротоари или вело-патеки. Локациите на поголеми сообраќајници имаат цел да се поттикне пешачењето, како и да се заштитат пешаците.

Сообраќајниците од поголеми размери и поголема фрекевенција на возила треба да бидат планирани да се градат на рабовите на населбите или економските области. Спротивно на тоа, доколку тие се лоцирани во густо населени делови, го прекинуваат текот на пешачењето, го нарушуваат комодитетот на живеење и ја нарушуваат средината како со звучно оптоварување, така и со визуелно нарушување. Инженеритево 20 век главен фокус при проектирањето на сообраќајниците ставаат на ширината на истите, потоа на брзината на движење и зголемување на сигурноста на возачите. Тоа доведе да се зголемува брзината со која се движат автомобилите и во централните градски подрачја, што претставува опасност за сите учесници во сообраќајот. Денешните планирања направија отстапување од овие принципи на планирање и се преорентираа кон удобноста на пешачите и безбедноста. Исто така се применуваат принципи на планирање кои имаат за цел намалување на брзината со која се движат автомобилите во централните подрачја. Со оглед на тоа што широките сообраќајни ленти имаат тенденција да поттикнуваат движење со поголеми брзина, додека тесните ленти го поттикнуваат сообраќајот да забави, се зголемува безбедноста на пешаците. Исто така еден од начините преку кои може да се интервенира е со пренамена на одредени ленти, кои претходно биле наменети за автомобили, во вело-патеки или зелени појаси со вегетација кои ја апсорбираат дождовната вода. Постојат повеќе видови сообраќајници кои се разликуваат по големина, проток на возила, максимална определна брзина и друго. Тие, поврзани помеѓу себе, ја формираат сообраќајната мрежа. Уличниот тип на сообраќајница е од клучно значење за воспоставување блок, соседство и слично, кои ги обележуваат и дефинираат од повеќето аспекти фунцискирањето и поврзувањето на ниво на град, вклучувајќи ги и населбите, паркови и згради и останати објекти од јавно значење. Добро осмислените улици подразбираат добро обележени и издвоени ленти за движење на возила, ленти за велосипеди доколку станува збор за поголеми улици и, секако, сигурни зони за движење на пешаците. Уличниот дизајн е уште еден елемент кој е важен во процесот на планирање. Улиците може да се планираат



низ разни варијации, зависно од третманот на просторот. Просторот може да биде организиранза паркирање, тротоари, пејзажно уредување, осветлување, удобности и услуги. Уличните простори можат да бидат целосно наменети за пешаци, сообраќај или комбинација на двете. На улици посветени исклучиво на пешачки сообраќај, во вонредна состојба возилата имаат ограничен пристап. (возилата на итна помош, полициски возила и пожаникарски возила). Улиците кои не се користат за голем промет на стоки, или на кои не се сместени голем број институции кои налагаат голема фреквенција на луѓе кои имаат потреба од јавни услуги, може да станат пешачки и велосипедски зони (Крикен,2010). Ваквиот пристап на намалување на ширината на улиците ја намалува брзината на движењето на автомобилите, ја намалува опасноста по учесниците во сообраќајот, го поттикнува пешачењето, меѓутоа тоа влијае и врз севкупната динамика на живеењето на луѓето во одделни делови на градовите. Овој вовед ни беше потребен со цел да согледаме на кое ниво овие принципи соодветствуваат со состојбите во град Скопје, како размислуваат граѓаните во однос на јавниот траспорт.

### 9.5.1 Сообраќајот во урбаното планирање во град Скопје

Ефикасноста и достапноста на јавниот превоз е од витално значење за функционирањето на еден град, со оглед на тоа дека е релативно поевтин во однос на поседувањето автомобил, но воедно и за различни возрасни групи кои, од одредени причини, не се во можност да користат сопствено возило. Исто така, овој вид сообраќај е поефикасен во поглед на тоа дека во ист временски период и дистанца може да превезе поголем број лица кои имаат влијание врз густината на сообраќајот и загадувањето на воздухот. Оттаму, редовноста и достапноста на истиот може да придонесе кон поголемо користење од страна на поголем број граѓани. Ако ги погледнеме добиени одговори на испитаниците по населби, може да се види дека кај сите населби ова прашање е од висок прииритет, но Општина Сарај отскокнува со дури 75% од вкупниот број испитаници, за кои ова прашање е од највисок приоритет.

| Ефикасен и достапен јавен траспорт (по населби) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 42% | 46% | 6 % |
| Н. Лисиче | 51% | 31% | 16 % |
| Сарај | 74% | 14% | 8% |
| Центар | 45% | 30% | 17% |

Табела 35.Ефикасност и достапност на јавен транспорт




Кога истото прашање го поставуваме во поинаква форма, односно кога ефиканоста на јавниот превоз ја ставаме во корелација со користење на истиот за други цели, како што се посети на паркови, музеи и слично, забележуваме релативна изедначеност на процентите кај останатите општини. Исклучок повторно е драстичната разлика во однос на Општина Сарај. Ако во претходното прашање ефикасниот јавен траснпорт беше од највисок приоритет за решавање за 74% од испитаниците, истото за користење за превоз во слободно време или активности од културен или забавен карактер процентот изнесува само 8%.

| Ефикасност при патување до точки кои се користат во слободно време (паркови,музеи,и др) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 34% | 52% | 6% |
| Н. Лисиче | 44% | 52% | 1 % |
| Сарај | 8% | 21% | 17% |
| Центар | 53% | 30% | 14% |

Табела 35Ефикасност и достапност на јавен транспорт за користење на слободно време






Ова може да се протолкува дека најголем број испитаници јавниот превоз го користат за обавување активности кои се од секојдневно значење за нив, патување до работно место, извршување административни потреби, образование, здравствени потреби и слично. Оттаму се наметнува потребата од поефикасно организирање на јавниот транспорт, посебно во деловите на градот кои се е најоддалечени од центалното градски подрачје, а во кое се сместени најголем број институции од кои граѓаните имаат потреба (средни училишта, болници, административни институции). Ова е од витално значење за рамномерен развој на квалитетот на живеење на територијата на град Скопје. Воедно би придонесло кон поголемо користење на јавниот превоз. Нискиот процент на користење на јавниот превоз за други рекреативни или културни потреби само го потврдува фактот дека за голем број жители од пооддалечените населби јавниот транспорт е од големо значење врз секојдневниот живот, но во еден поширок контекст може да се опсервира како луѓето го поминуваат слободното време. Временраењето на патувањето за обавување секојдневни потреби, во услови на недоволно добро организиран превоз, одзема од слободното време на граѓаните кои истото не може да го користат за задоволување на останатите потреби, како што се посети на културни настани или рекреативни цели, како што и од самите беше посочено во одговорите на испитаниците од Општина Сарај.

Истите прашања, поставени во однос на возрасни групи, даваат поинаква перцепција за потребата од ефикасен и достапен јавен превоз. Како што расте возраста, така и се зголемува процентот на испитаници кои на ова прашање му даваат висок приоритет. Така, имаме дека за 46% на испитаниците до 29 години

ова прашање е од висок приоритет, додека за лицата на 46 години дури за 66%. Меѓутоа, истото прашање, ставено во контекст на користење на јавниот превоз за други цели, процентите остануваат речиси изедначени само кај првата возрасна група до 29 години. Останатите две групи покажуваат значително пониско користење на јавниот превоз за останати потреби, и тоа 33% кај лицата помеѓу 30 – 45 годни и најниски 11 % кај лицата над 46 години. Исто така дури 33% од оваа возрасна група сметаат дека тоа е низок приоритет. Овие показатели укажуваат на тоа дека граѓаните во голема мера јавниот превоз го доживуваат како неминовна потреба за исполнување на секојдневните потреби, односно најголем дел од нив не го перцепираат траспортот како начин преку кој, покрај секојдневните обврски, истиот може и треба да биде користен и за останати активности. Ова, анализирано на едно подлабоко ниво, може да укаже на квалитетот на севкупното живеење на граѓаните. Доколку граѓанинот не покажува интерес за останати активности освен базичните, тоа на пократок рок доведува до намалување на квалитетот на живеење на поединецот, додека на подолг рок произведува општествена апатија, намалување на социјалната кохезија. Секако, ова не може да се анализира надвор од општествениот економски контекст на економската состојба на општеството, во кое голем број граѓани не се во можност да обезбедат и минимални пристојни услови за живеење, за понатака да може да размислуваат за останатите аспекти на живеење, што воедно и ни го покажуваат добиените одговори.

| Ефикасен и достапен јавен траспорт | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| 18 – 29 год | 46% | 42% | 9% |
| 30 – 45 год | 56% | 22% | 16% |
| 46 – 65+ г. | 66% | 11% | 22% |

Табела 37Ефикасност и достапност на јавен транспорт по старосни групи






| Ефикасност при патувањедо точки кои се користат во слободно време (паркови, музеи и др.) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет | Нема потреба |
| 18 – 29 г. | 45% | 37% | 6% | 4% |
| 30 – 45 г. | 33% | 41% | 10% | 12% |
| 46 – 65+ г. | 11% | 33% | 22% | 33% |

Табела 38.Ефикасност и достапност на јавниот транспортво слободно време по старосни групи




## Завршни забелешки

Јавниот превоз е од елементарно значење во големите градски средини, па неговата организираност и планирање се од големо значење за секојдневното функционирање на жителите на еден град. Квалитетот на кој тој е организиран и планиран може да влијае директно врз навиките на користење превоз, но и пошироко, врз квалитетот на живеење во поширок контекст. Од добиените одговори може да се заклучи дека во моментов јавниот превоз на ниво на град

Скопје е недоволвно развиен за да одговори на потребите на жителите подеднакво во сите делови на градот. Воедно, како што беше и претходно напоменато, Скопје е еден од ретките главни градови кои имаа само еден вид на јавен сообраќај, па оттаму и предизвикот за во иднина е да се изнајде решение за воспоставување секундарен јавен превоз, кој ќе биде ефикасен и ќе ги задоволи потребите на жителите. Ова, од друга страна, може да доведе и до промена на навиките на населенио за користење јавен превоз, што, пак натаму ќе има и позитивни ефекти како на намалување на загадувањето на воздухот, така и врз целокупниот сообраќаен режим и проток на сообраќајот на ниво на град. Подобрувањето на јавниот превоз во основа го подига квалитетот на севкупното живеење.

## 9.6 Урбанистичко планирање на ниво на населба (соседство)

Урбанистичкото планирање на просторот и развојните планови како една од главните појдовни точки треба да ги има врските помеѓу улиците, блоковите, објектите и отворените простори. Ова е важно од аспект на тоа да се обезбеди оптимално искористување на просторот, да се обезбеди максимална проодност како за пешаците, така и за сообраќајот. Меѓузависноста мегу овие елементи обезбедува не само квалитетно живеење, туку и оддава впечаток на урбано живеење во однос на естетиката на вкупниот простор. Ова е посебно важно кога станува збор за урбано планирање на ниво на населба и соседства.

Најдобрите урбанистички планови се одликуваат со добро осмислена и развиена улична мрежа. Од бројни искуства со планирање на сообраќајни мрежи се покажало дека градовите кои имаат собраќајна мрежа составена од поголем број помали улици фунционира подобро во однос на градовите кои имаат поголеми улици и во помал број. Ова се должи на фактот што помалите улици се повеќе ориентирани кон пешаците, со оглед на тоа дека помалите улици се полесни за преминување и побезебедни,како резултат на побавниот сообраќај. Повеќе улици, исто така, значи дека секое возило има повеќе опции да стигне до потребната дестинација, користејќи различни патеки за движење

наместо користење една улица со повеќе ленти, со што се намалува и можноста за формирање сообраќаен застој или метеж.

Кога се проектира еден простор во кој се планира да се интервенира преку градење згради или блокови на згради, треба да се земат предвид неколку моменти. Еден од најважните елементи е истите да бида компатибилни едни со други, односно да создаваат една хармонизирана архитектонска композиција. Дизајнот, големината и поставеноста на истите треба да имаат една „урбана смисла“ во просторот во кој се градат. Истите треба да поседуваат доза на уникатност, која, со тек на време, може да прерасне и во обележје за населбата во која истите се градат и на тој начин да се создаде идентитет на самиот простор.

Добро осмиленото урбано планирање секако е неодвоиво од планирањето на јавните простори. Просторите помеѓу зградите или помасивните објекти, како што се парковите, плоштадите, улиците и тротоарите, се не само неизоставен дел од планирањето, туку истите треба да се димензионирани на соодветен начин. Јавните простори им припаѓаат на сите граѓани, па оттаму и треба да бидат соодветно планирани, со цел истите да служат како комуникациски коридори кои треба да го изразуваат идентитетот на просторот, културните одлики на населбата во градот и градот во целина. Јавните простори треба да се соодветно осветлени, опремени со соодветна урбана опрема. Во однос на еколошкото планирање на истите, тоа може да подразбира пејсажно уредување на просторот, започнувајќи од рехабилитација и ресторација на запуштеното јавно зеленило, до подигање зелени површини со локални видови зеленило. Ваквиот пристап има како визуелен така и еколошки ефект, како што се ладење на воздухот, прочистување од ситни честитички, обезбедување живеалишта за птици, заштита од поројни води во случај на силен дожд и сл. Сето ова оди во прилог на развојот на одржлив град.



### 9.6.1 Урбано планирање на населби и соседства во град Скопје

Во наредниот дел ќе ги образложиме размислувањата на испитаниците во однос на урбанистичкото планирање кое се однесува на условите на живеење, животните услови на ниво на соседство, урбаната густина, како и тоа дали градот Скопје треба да се проширува со нови населби како би се намалила урбаната густина на објекти, со цел обезбедување повеќе јавни и зелени простори во градот. Кога зборуваме за квалитет на живеење, во прв ред треба да бидат исполнети елементарните услови, како што се сообраќајната поврзаност, комуналните дејност, снабдувањето со енергијаи сл. Оттаму битно е размислувањето награѓаните дали е потребно подобрување на овие услови на ниво на населби. Не може да се зборува за одржлив или развој на здрав или модерен град доколку овие услови не се задоволени во целост, со оглед на тоа дека се базични потреби и основи врз кои натака се надоградуваат останатите параметри на еден град кој сака да се развива во насока на одржливост.

Испитаниците по образовни групи беа запрашани за нивните размислувања колку се приоритетни овие прашања за нив. Како високо приритетни за решавање овие прашања се 36 % од испитаниците со основно образование, 66% од испитаниците со средно образование и 71% од лицата со високо образование. Тенденцијата на раст на процентот со растот на степенот на образование, можеме да заклучиме дека образованието влијае на перцепцијата на тоа што се подразбира под „добри услови за живот“, односно лицата со повисоко образование покажуваат повисоко критичко мислење во однос на тоа каков е квалитетот на живеење во однос на наведените услови. Меѓутоа и процентот кај лицата со понизок степен на образование, на кои овие услови им се од среден приоритет (57%),ни укажува на тоа дека граѓаните ги перцепираат условите како недоволно добри. Вкупниот процент од над 90% кај сите образовни групи, за кои овие услови се од висок или среден приоритет, покажуваат дека севкупните состојби на ниво на град Скопје на посочените услови не ги исполнуваат секојдневните потреби за квалитетно живеење.



| Добри услови за живот (сообраќај,комунални дејности,енергетска стабилност,сигурност) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Основно обр. | 36% | 57% | 5% |
| Средно обр. | 66% | 25% | 4% |
| Високо обр. | 71% | 23% | 3% |

Табела 39. Услови за живеењепо степен на образование




Истото прашање, ставено во корелација по општини, укажува на тоа дека испитаниците покажуваат слично размислување по овие прашање од висок или среден приоритет. Процентот на Општина Сарај, кој значително се разликува од останатите, се повторува исто како по прашањето поврзано со јавниот траспорт и поврзаноста на оваа населба со останатиот дел од градот. Ова делумно може да го припишеме на фактот што оваа населба, за разлика од останатите, зафаќа најголема територија (230 км$^{2)}$, односно 40% од вкупната територија на град Скопје (571 км$^{2)}$, па оттаму и предизвикот на локалните власти за обезбедување висококвалитени услови како во останатите делови на градот. Меѓутоа и процентите во останатите општини покажуваат дека елементарните услови, како што се сообраќајот и комуналните дејности, се од висок приориет за решавање. Севкупно може да заклучиме дека за најголем број на општини и понатаму, како еден од предивизивците, останува решавањето на базичните услови.

| Добри услови за живот (сообраќај,комунални дејности,енергетска стабилност) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 41% | 50% | 4% |
| Н. Лисиче | 66% | 30% | 2 % |
| Сарај | 86% | 10% | 2% |
| Центар | 63% | 24% | 5% |

Табела 40. Услови за живеењепо населби




На истото прашање за подобрување на условите за живеење, но дополнето со останати елементи на урбано планирање, како што се парковно уредување, улично осветлување и слично, испитаниците даваат сличен распоред на одговори, односно дека при проектирање на просторот за истиот да биде перцепиран од страна на жителите како пријатно и пожелно место за живеење, потребно е да се има холистички пристап во процесите на планирање, со цел задоволување на потребите на што поголем број жители во населбата.

| Подобрување на животните услови во соседствата (сообраќајници,парковно уредување,паркинзи,улично осветлување,безбедност на деца) | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 45% | 37% | 8 % |
| Н. Лисиче | 65% | 30% | 2% |
| Сарај | 86% | 13% | 0% |
| Центар | 57% | 32% | 8% |

Табела 41. Подобрување за живеење по населби




Како што напоменавме и во воведниот дел на ова поглавје, од голема важност при урбаното планирање треба да биде начинот на кој се планираат зградите и блоковите на згради. Ова е посебно важно да се има предвид со оглед на тоа што принципите на здрав град и одржливост предвидуваат доволно отворении јавни површини кои обезбедуваат доволно зеленило, но и јавни површини како што се плоштади, паркови, детски и рекреативни игралишта и слично. Непланското згуснато градење масивни објекти повлекува низа нарушувања на квалитетот на живеење. Ако тргнеме од фактот дека колективното домување значи зголемување на бројот на жители на одредена локација, тогаш треба да се има предвид дека тоа со себе повлекува и обезбедување поголеми површини за паркирање возила во прв ред. Понатаму, во однос на снабдувањето со енергија и комунални услуги, треба да се направи надградување на постојните системи со цел задоволување на потребите на новиот прилив на жители. Од еколошки аспект, пак, ова значи намалување на отворените простори, зголемување на загадувањето од градење во определен временски рок, зголемување на бројот на возила во просторот, зголемување на бучавава. Намалувањето на зелените површини и нивната пренамена во градежни парцели беше една од главните одлики на непланската хиперурбанизација во град Скопје, со што дојде до значително влошување на општите услови за живеење. Со оглед на тоа дека просторот е ограничен ресурс, од една страна, но од друга квалитетот на живеење бара водење сметка за одредени параметри за пристап до зелени површини, битно е да анализираме во која мера граѓаните сметаат дека урбаната густина е од влијание врз квалитетот

на живеење во избраните населби. Имајќи го предвид фактот дека процесите на брза урбанизација беа концетрирани на одредени делови на градот Скопје, процентот на испитаници кои сметаат дека треба да се намали урбаната густина се совпаѓа со општините кои беа зафатени со овие процеси. Па така 58% од испитаниците од Центар сметаат дека е од висок приоритет да се намали градбата на објекти во Општината.

| Намалување на урбаната густина на живеалишта при урбаното планирање | | | |
|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет |
| Чаир/Бутел | 34% | 46% | 4 % |
| Аеродром/Н. Лисиче | 55% | 37% | 4 % |
| Сарај | 45% | 39% | 15% |
| Центар | 58% | 24% | 14% |

Табела 42. Намалување на урбана густина




Карактеристично за Скопската Котлина е што оската запад – исток е значително погусто населена за разлика од останатите делови на Котлината. Тоа е уочливо од самиот распоред на општините. Голем дел од градовите во светот во своите развојни програми предвидуваат ширење на градовите надвор од постојните граници, со цел растоварување на густо изградените делови на градовите, но и потребите од отворени јавни простори кои е невозможно да се обезбедат во услови на постојата урбанизација во постојните граници на воспоставените општини. Ова на среден рок претставува развоен план кој, во прв ред, подразбира создавање основна сообраќајна, енергетска и останата инфраструктура, која понатаму ќе доведе до развој и подигање нови населби.

Ова секако оди во прилог на тоа дека просторот, како ограничен ресурс, не може да одговори на сè поголемиот прилив на население кое мигрира во градовите. Позитивните страни од ваквите политики на управување со просторот се зголемување на градежната активност, намалување на урбаната густина со обезбедување повеќе отворени простори кои може да се уредат како зелени или рекреативни простори, економски раст преку отворање нови работни места во повеќе сектори. Негативната страна се огледа во фактот дека на овој начин неповратносе губи дел од земјоделското земјиште, се зголемува потребата од градење сообраќајници и останатата потребна инфраструктура, се зголемува времето за патување до различни точки на градот ,со што се врши поголем еколошки притисок врз самиот простор. Имајќи го ова предвид и земајќи ги постојните состојби во град Скопје, се определивме да анализираме кои се размислувањата на граѓаните за ширење на градот со нови населби, како еден од начините да се запре со зголемување на урбаната густина во постојните населби.

Од добиените одговори на испитаниците може да се забележи дека во однос на ова прашање има различен распоред на добиените огдовори, за разлика од претходните прашања. За испитаниците од Општина Аеродром/Ново Лисиче ова прашање е од висок приоритет и градот треба да размислува за ширење со нови населби, додека, од друга страна, за испитаниците од Општина Сарај ова е од низок приоритет, односно градот нема потреба од подигање нови населби. Ваквата разлика во ставовите може да ја објасниме преку фактот што последниве неколку години во Општина Аеродром/Ново Лисиче се случува силен бран на урбанизација, во која се градат голем број стамбени комплекси, со што се губат отворените простори и јавни зелени површини. Воедно, како што беше напоменато во преходниот дел на текстот, со приливот на жители се зголемува и бројот на возила, загадувањето, бучавата и сл. Оттаму и ставот дека градот треба да размислува за нови населби како можност да се намали урбаната густина во однос на градењето објекти. Од друга страна, со оглед на тоа дека Општина Сарај е помалу атрактивна за градедење објекти за колективно живеење, испитаниците ова прашање го перципираат како прашање од низок приоритет.

| Ширење на градот со нови населби | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Висок приоритет | Среден приоритет | Низок приоритет | Не сум сигурен/на | Нема потреба |
| Чаир/Бутел | 30% | 43% | 4 % | 6% | 15% |
| Аеродром. /Лисиче | 66% | 20% | 12% | 0% | 0% |
| Сарај | 19% | 26% | 46% | 2% | 2 % |
| Центар | 14% | 36% | 29% | 10% | 20 % |

Табела 44 Подигање на нови населби




**Завршни забелешки**

Од добиените одговори од граѓаните од оваа група прашања може да изведеме неколку заклучоци. За поголем број од испитаниците, од висок приоритет е подобрувањето на сообраќјните решенија, комуналните сервиси и енергетската стабилност. Исто така од големо значење е подобрувањето на состојбите во делот на уредување на парковни површини во близина на нивните домови, решавање на проблемите со паркирањето, подигањето побезбедни игралишта за деца. Ако тргнеме од промислата на Мамфорд дека соседтвото, покрај семејството,претставува основна клетка на градот (Ацески 48:2003), тогаш е сосема разбирливо дека граѓаните посакуваат да живеат во соседство во кое ќе се чувствуваат сигурнии кое ќе им обезбеди квалитетен живот во однос на нивните економски, еколошки и културни потреби. Добро планираниот развој на ниво на населба или соседство кое се темели на еколошките, материјалните и кулурните вредности, ги користи како база врз која се темели

идниот развој, кој, во крајна линија, треба да создаде нови социјални вредности и врски. Добро осмислените јавни простори, како што се паркови, скверови, детски игралишта обезбедуваат точки на инеракција на жителите, преку која интеракција се зајакнуваат меѓусоседските односи, довербата помеѓу луѓето и сл.

## 10. Еколошко планирањеиз институционална призма

### 10.1 Добро управувањена локално ниво

> „Бидејќи голем број проблеми и решенија, со Агенда 21, своите корени ги лоцира на локално ниво и во локалните активности, оттаму и учеството и соработката на локалните власти ќе биде одлучувачки фактор во исполнувањето на целите на Агендата. Бидејќи локалната власте најблиску до граѓаните,таа има витална улога во едукација, мобилизирање иогвороност кон јавноста за промовирање на одржливиот развој.“
>
> (Обединети нации, 1992).

Како што во повеќе наврати беше споменато, моделот на одржлив развој,а со тоа и еколошкото урбано планирање, е неизоставен дел на одговорно градско управување, па, според тоа, неопходно е да се изложи и институционалната поставеност наниво на општини. Концептот на „добро управување“ станува пракса на управување на глобално ниво, па оттаму потребата подробно да се образложат основите и важноста на „доброто управување“ на локално ниво, принципите, а понатака и прашањата на кои се однесува трудот.

Вториот дел се состои во презентирање, накратко, на главните документи на град Скопје, кои директно се однесуваат на еколошките аспекти на урбаното живеење, со оглед на тоа дека тие се главни документи од кои понатаму

произлегуваат и документите од областа на еколошкото планирање на ниво на општини. Ќе се обидеме да дадеме пресек на истите преку квалитативна анализа, која ќе ни биде показател на усогласеноста помеѓу документите, од една страна и реалните состојби, од друга, кои се недостатоците на истите и во која мерка и со која динамика се спроведуваат и како тие се усогласени со програмите за еколошкото планирање на ниво на општини. Понатаму се дадени анализи на спроведените интервјуа со вработени во градската администрација на избраните општини.

Кога се проучува процесот на креирање на одредени политики, програми или планови, тогаш неодминливо е да се анализира и институционалниот аспект на иститите. Односно, колку институциите кои се одговорни за подготовка и спроведување на политиките и програмите, во случајов за еколошко урбано планирање,се спремни да се водат од принципите на „добро владеење/управување“. Ако ги посматраме институциите како сет на нормативи,вредности, воспоставени практики на работење на локално ниво, како и политичката култура која владее на пошироко социјално ниво, тоа ќе ни помогне во голема мерка да ги сфатиме и причините и последиците на реалните состојби кои владеат во моментот. Управуавњето во последните децении станува поле на истражување само по себе. Ова, секако, е последица на промените кои се случуваат во самите опшстества. Комплексноста на проблемите, зголемувањето на граѓанските права кои се прошируваат во опсег од економски,социјални, па сè до еколошки, наметнуваат поинаков дискурс и во самото управуавње, посебно на локално ниво. Ова оди и во прилог на мислењата на голем број теоретичари на одржливо живеење, кои се согласни дека промените кон поеколошко и поздраво живеење и одржливи општества неминовно мора да се случи на микро ниво. Тоа е концепт со многу толкувања, но, речисисекогаш, е поврзано, повеќе или помалку, со прашањата за тоа кој треба да управува со што и како треба да се управува? (Osborne and Gaebler,1992). Често на управувањето во последниот период се гледа како на промена културатаво управувањето од традиционален стил на владеење, кој е„начин на управување врз основа на активностипреземени првенственоили целосно од државни органи, особено на ниво на нациската држава“. (Jordan et al. 2003:34).



Наш главен интересна управување во овој дел се документите кои се однесуваат на еколошкото планирање на територијата на Град Скопје, односно како тие се регулирани. Управувањето, од друга страна, обично е поврзано со поширок опсег вклучени актерипомеѓу различните административни нивоа. (Loughlin, 2004; Hirst, 2000; Pierre, 2000; Peters, 1996; Marks et al., 1998;Eckerberg and Joas, 2004).

Погоре беше споменато како се поделени ингеренциите во однос на подготовката и проведувањето на програмите и документите на животна средина помеѓу општините и Град Скопје.

Во литературата се сретнуваат повеќе форми на управување. Една форма ет.н. „мрежно управување“, кое претставува форма во која се формираат партнерства помеѓу институциииите на државата (на локално или националнониво) и граѓанското општество, организирано преку граѓански организации или неформални групи и/или мрежи. (Kohler-Koch,1999; Skogstad, 2003; Hovik and Vabo, 2005). Процесите на планирање и спроведување на програмите, во овој случај, подразбираат обврзувачко вклучување на актери од граѓанското општество (Bulkeley et al.,2003). При процесите на донесување одлуки на ниво на Европска Унија, управувањето најчесто се дефинира како „повеќестепеноуправување (multilevelgovernance) (Jordan, 2002; Gidlund and Jerneck, 2000). Ова се прави со цел да се зголеми притисокот врз државите при процесите на одлучување да вклучат и интернацискални, субпранационални и чинители од граѓанското општество. Фокусот се става на компетенциите, но и рапределбата на моќ да биде споделена како по вертикала (различни степени на управа), но и во хоризонтална поделба на сфери на управување вклучени по различни прашања (Bulkeley and Betsill, 2005). Во секој случај, улогата на управувањето се сведува на рационалност и дефинирање на начините на кои локалните потреби треба да бидат рационализирани во ефективни програми за одржлив развој,водејќи сметказа четирите принципи на одржливост:економски развој, еколошка заштита,културен развој и добро управување. Секој од овие домени со себе може да предвиди низа индикатори, преку кои може да се истражи секој сегмент и, врз основа на добиените резулати, да се формулираат главните прашања на кои ќе се темели идното планирање. Во втората фаза, откако ќе бидат димензионирани и рационализрани главните прашања за развој, локалните власти треба да одлучат коиалатки ќе бидат употребени за

постигнување на целите на програмите,како и кои институции дополнително треба да бидат вклучени и како треба да бидат вклучени во процесот на имплементирање на програмите (Bulkeley etal,2003:5).

Според европска повелба за локална самоупра[21]„доброто управување“ се потпира на 12 принципи:

| Принципите на добро демократско владеење на локално ниво | |
|---|---|
| Учество, претставување, правично однесување на изборите | Правично спроведување на избори, застапеност и учество– за да се обезбедат можности за сите граѓани да се изјаснат за локалните работи; |
| Одговорност | Одговорност –за да се обезбедат услови локалната власт да ги задоволи легитимните очекувања и потреби на граѓаните; |
| Ефикасност и ефективност | Ефикасност и ефективност - да се осигура дека целите се исполнети додека се врши најдобро користење на ресурсите; |
| Отвореност и транспарентност | Отвореност и транспарентност –за да се обезбеди јавен пристап до информации и разбирање за тоа како се спроведуваат локалните јавни работи; |
| Владеење на правото | Владеење на правото –за да се обезбеди правичност, непристрасност и предвидливост; |
| Етичко однесување | Етичко однесување –за да се осигура дека јавниот интерес е ставен пред приватниот; |
| Компетентност и капацитет | Надлежност и капацитет – обезбедување локалните претставници и службениците да бидат способни во извршување на должностите. |
| Иновација и отвореност кон промени | Иновации и отвореност кон промени, решенија и добри практики; |
| Одржливост и долгорочна ориентација | Одржливост и долгорочна ориентација во интерес на идните генерации; |
| Здраво финансиско управување | Здраво финансиско управување –за да се обезбеди продуктивна употреба на јавните фондови; |
| Човекови права, културна разновидност и социјална кохезија | Човекови права, културна разновидност и социјална кохезија – да се обезбеди дека сите граѓани се заштитени и почитувани и дека секаква дискриминиацијатае исклучена; |
| Одговорност | Отчетност –за да се обезбеди локалните претставници и службениците да преземат одговорност за сè и дека се одговорни за своите постапки. |

Табела 45. Принципи на добро управување

[21] https://rm. coe. int/1680701699

Ова го споменуваме во однос на фактот што Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство, ќе мора да направи драстични промени и прилагодувања во однос на локалната самоуправа, со цел поефикасно спроведување на обврските на локалните власти кои произлегуваат одпроцесот на евроинтегрирање на земјата. Исто така, делегираните надлежности на општините во склоп на Град Скопје опфаќаат и обврски кои се однесуваат на одржливи решенија, кога станува збор за еколошко планирање на ниво на општини. Оттаму сметаме дека, накратко, треба да ги изложиме носечките документи кои градот Скопје ги има изработено, а се однесуваат на животната средина и од кои понатаму треба да произлезат и програмите за животна средина и еколошко планирање на ниво на општини.

## 10.2 Институционална поставеност и документи заеколошко планирање на град Скопје

Со оглед на тоа дека главен акцент на истражувањето се програмите кои се однесуваат на планирањето на еколошкото живеење на територијата на Град Скопје, неопходно е, во кратки црти, да ги презентираме документите кои се однесуваат на еколошкото планирање на Градот во целина,за понатака да преминеме на анализа на инстуционалната поставеност на избраните општини во истражувањето. Град Скопје ги има изготвено следниве актикако документи кои се однесуваат на заштитатана животнатасредина, природа и клима:

- Студија за озеленување и пошумување на Град Скопје
- Студија за воспоставување зелени коридори
- Отпорно Скопје – Стратегија за климатски промени



## 10.3 Студија за озеленување и пошумување на Град Скопје

Студијата која се однесувана озлеленување и пошумување на Град Скопје,изготвена во 2015 година, претставува интегрален документ кој го разработува проблемот на јавните зелени површини на територијата на Град Скопје. Со оглед на тоа дека процесите на брза и напати непланска урбанизација на Градот Скопје, со еден ваков документ е потребна база од која треба да почне еколошката ревитализација на градот Скопје, соцел подигање на еколошкото живеење во градот. Студијата дава преглед како на вкупните јавни зелени површини (6% од вкупната површина на Град Скопје се води како „јавни зелени површини“, според ГУП 2012,529 ha), потоа врши нивна категоризација (на градско и вонградско јавно зеленило).

| | Состојба 1964 | Состојба 1985 | Состојба 1998 | Состојба 2011 |
|---|---|---|---|---|
| Градско зеленило според ГУП во ha | 211 | 426,2 | 392,9 | 388 |
| Зеленилоприкажано како„вонградско“ | нема податоци | нема податоци | 183,2 | 141 |
| ВКУПНО | | | 576,1 | 529 |

Табела 46. Зелени површини во Град Скопје, категоризирани како градско и вонградско зеленило

Од прикажаните податоци може да се види дека растот на јавни зелени површини се одвива во перидот од 1964 до 1985 година, додека во следните три децении има тенденција на намалување. Градското зеленилонајголеми површини во град Скопје имаво 1985 година – 426, кои во 2011 година бележатнамалување за цели 38 ha. Ако на ова се додаде константниот пораст на населението,зголемувањето на урбанизацијата и сообраќајот, неминовно доаѓа до опаѓање на квалитетот на здраво живеење во градот.



| Јавни зелени површини во град Скопје | ha |
|---|---|
| Градски парк | 38,8 |
| Парк „Жена-борец“ | 0,9 |
| Булеварско зеленило | 90,4 |
| Карактеристичен пејсаж „Гази Баба“ | 105,0 |
| Француски гробишта | 7,0 |
| Зајчев Рид | 5,0 |
| **Спортско рекреативни центри** | **ha** |
| Езеро Треска | 18,6 |
| Сарај | 24,0 |
| **Вонградско зеленило** | **ha** |
| Парк шума Водно | 4.537,0 |

Табела47.Јавни зелени површини под надлежност на Град Скопје (Извор: Леап 2 – Скопје,2010

| Општина | површина ha |
|---|---|
| Центар | 19,5 |
| Карпош | 61,0 |
| Ѓорче Петров | 9,2 |
| Кисела Вода | 20,8 |
| Аеродром | 80,4 |
| Гази Баба | 18,6 |
| Чаир | 29,7 |
| Бутел | 7,4 |
| Шуто Оризари | 1,6 |
| Вкупно: | 248,5 |

Табела48. Станбено зеленило во надлежност на општините (ЛЕАП 2,2010)

Исто такауочлива е и нерамномерноста на јавни зелени површини во однос на населби. Посебно лоша е состојбата со зелените јавни површини во Бутел и Шуто Оризари, ако се земе предвид бројот на жители во сооднос состанбеното зеленило. Кога знаеме дека самите институции пропишале дека се потребни 25 метри квадратни зеленило по жител, тогаш евидентно е дека во овие случаи станува збор за низок квалитет на еколошко живеење и достапност до зелени површини, што понатаму повлекува и низа нарушувања на квалитетот на живеење. Како најголеми проблеми Студијата ги потенцира: пренамената на зелените јавни површини, фрагментираноста на зелените површини и отсуството на рамномерна достапност до зелени површини.

Како препораки се наведени потребата од трајна заштита на постојните зелени комплекси,преиспитувањето на легислативата за денационализацијата и да се обезбеди заштита на зелените површини од барања за денационализација на одделнипарцели,целосно реализирањена системот на зелените површини преку поврзување на поголемите комплекси со линиско и други форминазеленило, подигање мали зелени скверови на раскрсниците,во населбите да се обезбедат локални паркови во центрите и игралиштата за деца,бреговите на реките Треска, Лепенец, Серава, Вардар да се оформат како интегрални зелени појаси,во централното подрачје да се обезбеди простор за зелена површина која би го намалила влијанието на ефектот на топлински острови, подигање на дрвореди на сите улици и зелениот појас долж уличниот прстен во централното подрачја, понатаму зелените површини да се поврзат со зелени коридори со пешачки и велосипедски патекиза да се намалат ефектите на фрагментација на зелените површини; обезбедување мрежа на пешачки и велосипедски патеки и, како последни, на сите граѓани да им се обезбеди пешачка достапност до зелените површини за секојдневно користење.

Како заклучот за Судијата за озеленување и пошумување би рекле дека истата, иако е добро изготвена и претставува солидна база врз која треба да се планира идниот развој на зелената инфраструктура на Град Скопје,од периодот кога е изготвена (2015) до денес, многу малкуе спроведено одпрепораките кои се дадени во докумнетот, а во некои случаи има и влошување на состојбите на јавните зелени површини на територијата на Град Скопје.

Слика 37. Органограм на надлежни сектори за еколопшко планирање при град Скопје



## 10.4 Студија за воспоставување на зелени коридори (2017)

Според Лабаре (1992), „Зелените коридори и појаси поврзуваат луѓе, паркови, локации кои се одкултурно-историско значење, какои природни области. Тие ги следат тековите на реки и потоци, гребени и сртови, железнички пруги, канали и други транспортни коридори. Сите зелени коридори и појаси се специфични за определена области го одразуваат соодносот помеѓу потребите и проблемите на локалнитезаедници.“ Овие коридори, со своите две основни компоненти – еколошка и културолошка – се основата за здрав урбан развој доколку еден град сака да прерасне во урбана средина која ги исполнува криериумите за здрав и зелен град. Тие обезбедуваат функции кои се кориснине само за луѓето, туку едновремено ги заштитуваат и живеалиштата на останатите растителни и животински видови. Овие коридори ,исто така, претставуваат и еден од начините преку кои се ублажуваат и влијанијата на климатските промени, па оттаму и потребата истите да станат интегрален дел од севкупното зелено планирање на ниво на град, но и на поширокиот предел на градот. Студијата за воспоставување зелени коридори се бави токму со овие прашања и можноста за воспоствавување на истите по течението на река Серава, од изворот до вливот во реката Вардари по течението на реката Лепенец, до вливот во реката Вардар. Изработката на оваа Студија произлегува и од ГУП на град Скопје (2012 – 2022), во кој се утврдува постоење на зелени јавни простори во градот, во кои спаѓаат и зелените коридори. Преку воспоставувањето на овие коридори би се дополнила постојната мера која е воспоставена по текот на Вардар и Треска. Исто така воспоставувањето на вакви зелени појаси е важно, со оглед на процесот на урбанизација во непосредна близина на двете реки, со што се намалува процентот на јавно достапни зелени површини. Програмите за еколошко планирање во останатитеделови на светот, неизоставноги вклучуваат и ресторацијата на речните корите кои имаат повеќе фунции. Како посебно важни продобивки од ваквите коридори се наведуваат: заштита од поплави, регулација на температурата,

стабилизација на почвата, т.е. заштита од ерозија, заштита на живеалишта на локалните животински и растителни видови. Имајќи ги предвид постојните состојби со поплави и јавни зелени површини, може да се заклучи дека спроведувањето на насоките на Студијата за воспоставување зелени коридори може значително да придонесе кон подобрување на општата состојба на еко-системите во Скопската Котлина, при што истото е и карактеристика на одржливот регионален развој.

### 10.5 Отпорно Скопје –Стратегија за климатски промени (2017)

Овој документ, заедно со претходните два, е заокружување на корпусот документи кои, покрај ГУП, директно се занимаваат и имаат влијание врзквалитетот на еколошко живеење во град Скопје. Имајќи го предвид фактот дека климатските промени имаат сè погоелмо влијанје врз секојдневниот живот на луѓето, неопходно е градовите да се подготвуваат за можни сценарија кои може да приозлезат од натамошните промени на климатскиот режим, со цел ублажување на негативнитепоследици кои истите може да ги предизвикаат како на еколошки,така и на економскиплан. Глобалните заложби за задржување на порастот на температурата на 1,5 степени, бара од државите, а посредно и од големите градски агломерации, да преземат сет на мерки преку кои ќе се намали еколошкиот отисок на урбаното живеење врз еколошките системи. За оваа цел најголем број држави и градови подготвуваат стратегии на национално и локално ниво, со разбработени акциски планови за намалување на последиците од климатските промени. Стратегијата за климатски промени дава пресек на досегашните мерки кои се преземени како превентива за ублажување од климатските промени,а воедно и дава препораки за понатамошни мерки кои треба да бидат имплементирани, за Град Скопје да може да се справи со последиците кои може да бидат резултат на натамошни промени.

Стратегијата дава препораки за осум сектори (урбани топлотни острови, водни ресурси, поплави, здравство, природни системи, јавни зелени површини, управување со ризиците и зголемување на отпорноста), меѓутоа тука ќе ги

споменеме само оние кои се од интерес на овој труд, а тоа се препораките кои се однесуваат на природните системи и јавните зелени површини.

| ПРИРОДНИ СИСТЕМИ | ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ |
| --- | --- |
| Активностите од оваа област треба да се реализираат во соработка со Министерството за животна средина и просторнопланирање:<br><br>■ Континуирано преземање мерки и активности за заштита и унапредување на заштитените природни реткости.<br>■ Зајакнување на процесот на зголемување на бројот на заштитени локалитети.<br>■ Следење на состојбата на биодиверзитетот, влијанието од климатските промени и негова заштита.<br>■ Евидентирање на појавите на ерозија и преземање активности за нејзино намалување и спречување. | Зелените простори позитивно влијаат врз природните вредности, какви што се: воздухот, водите, почвата, растителниот и животинскиот свет и на тој начин претставуваат „климатска инфраструктура“ на градот, заради што е потребно:<br><br>■ одржување на постојното зеленило во градот, создавање нови урбани зелени простори, вклучувајќи и јавни урбани градини;<br>■ континуирано одржување, надградба и развој на Зелениот катастар на Град Скопје;<br>■ комбинирање на зелените површини со водни површини;<br>■ создавање засенчени простори за пешаците. |

Како заклучок на овој дел може да наведеме дека трите документи интегрално даваат добра основа, врз која градот треба да ја подобри состојбата со квалитетот на јавните зелени површини, кои понатака, доколку се применат, целосно ќе придонесат кон подобрување на еколошките услови за живеење во град Скопје. Имајќи го предвид досегашното искуство според кое голем број планови во минатото не биле целосно имплементирани, останува предизвикот на институционална одговорност и решителност за имплементирање на препораките дадени во документите.



## 11. Урбано планирање на ниво на општини

Како што напоменавме во погорниот текст, определните надлежности седелегирани на општините во склоп на Град Скопје и истите опфаќаат обврски кои се однесуваат на одржливи решенија, кога станува збор за еколошко планирање на ниво на општини. Сите општини во склоп на Град Скопје имаат градоначалници кои, заедно со градоначалникот на Град Скопје, управуваат соградот преку координативно тело на градоначалници. Надлежностите се поделени, согласно закон,помеѓу Градот и општините и системот на управување можеда функционира само при функционална соработка и координација помеѓу нив. Под ова се подразбира и координирано подготвување и спроведување на активности од делот на урбаното планирање, со цел рамномерен урбан развој на градот во целина.

Под надлежност на општините, согласно Закон, спаѓаат: планирање и уредување напросторот,донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места воопштината,спроведување урбанистички планови,заштита на животната средина иприродата, преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и од нејонизирачкозрачење. Имајќи ја предвид темата на трудот, во склоп на истражувањата беа спроведение анкети совработени лица на општинско ниво,кои се однесуваат на урабното планирање во одбраните општини. Поточно, важно ни беше да утврдиме во која мерка вработените во овие сектори ги темелат своите планирања врз принципите на одржливо развој,каков е профилот на вработените, во кој степен се врши сручно надградување на капацитетите на вработените за урбано планирање, колку во своето планирање вклучуваат и елементи на урбан дизајн, како и социјални аспекти на еко дизајнирање на просторот. Ова сето е важно од аспект на фактот што урбаното планирање е динамично и постои потреба од следење на новите аспекти на истото, како на ниво на општини,така и пошироко. Административниот



капацитет и екипираност е клучен фактор во процесот на организирањето, изготвувањето и во финалната фаза на спроведување на активностите на урбаното планирање.

Во продолжение ќе ги презентираме резулатите од спроведените анкети со лица вработени во секторите за урбанизам и животна средина при избраните општини.

| | Функција во Општината | Образование | Ваша надлежнот |
|---|---|---|---|
| Аеродром/Ново Лисиче | Помлад соработник за унапредување на животната средина. | дипломиран машински инженер + втор циклус на студии по заштита на животна средина | Следење и анализирање на состојбите од областа на унапредување на животнатасредина,ЛЕАП, иницијативи и предлагање мерки за заштита и спречување од загадување. |
| Сарај | Инспектор за животна средина | Одржлив развој и заштита од загадување | Развој на програми за животна средина. Развој на програми на одржлив развој. |
| Чаир/Бутел | | | |
| Центар | Советник за животна средина | ПМФ – биохемија | Развој на програми за животна средина. Развој на програми на одржлив развој. |

Табела49.Административен капацитет и надлежности

Како што е прикажано во табеларниот приказ, општините располагаат со кадар од областа на инспектори или советници за животна средина, во чии надлежности се развојпт на програми за животна средина и во помалстепен и развој на програми за одржлив развој. Ако се земе предвид дека на ниво на Град Скопје се донесени документи кои се однесуваат наозеленување и пошумување на градот Скопје, воспоставување зелени коридори, како и Стратегија за климатски промени, тогаш забележливо едека отсуствува кадар кој е стручно оспособен, или во чија надлежност би била и подготовка на документи од овој тип на ниво на општини.



Понатаму, забележливо е дека во најголем дел од општините, делот на урбано планирање им е препуштен на архитекти, додека отсусувуваат планери за урбан дизајн, одржлив развој, траспорт и зелени површини, со исклучок на Општина Центар, каде овие активности се вклучени во одделението за животна средина. Со оглед на тоа дека урбаното планирањее поширок концепт, кој, како што повеќепати беше напоменато, не опфаќа само планирање објекти, туку цел спектар урбани решенија кои треба да произведат простор во кој урбаното искуство на жителите ќе биде позитивно, тогаш екипираноста на општините со ваков вид профили, кои, покрај основнитестрого урбанистички решенија за распоред на објектите во населбите, се совпаѓа со резултатите во делот на перцепциите на граѓаните за еколопшките аспекти на живеење во нивните општини. Односно, немањето поширока визија за урбано планирање, доведува до несооветен третман и планирање на просторот кој не произведува позитивни урбани промени. Во прилог на ова оди и истражувањето кое беше спроведени само на територијата на Општина Центар, со цел да се утврди перцепцијата за социо-еколошките и социо-културнитеефекти на урбаната регенерација на зелените површини во Општина Центар.[22]

## 11.1 Социо-економски и социјални ефекти на урбано регененрирање на зеленило

Во перидоот после 2013 година Општина Центар започнувапрограма за урбано ресторирање на постојните зелени површини на повеќе локации низ општината. Овие активности се дел од програмата 2013/2015 во „Зелениот центар“ (според кој се реставрирани 70.000 метри зеленило). Од вкупниот процент на анкетираните,47% се на став дека програмата ја зголемила естетиката на просторот, а истиот процент испитаници велат дека со обновата на малите паркови се добиле места за дружење. 100% од испитаниците одговориле дека ова има позитивни

[22] Во анкетата учествуваа вкупно 110 граѓани. Главен критериум беше местото живеење во Општина Центар, Скопје. Возрасна од 20 до 65 години. Истражувањето беше спроведено преку он-лајн прашалник.

влијание врз животот во соседството. Според тоа, за граѓаните е важно да имаат естетски простор близу до своите домови, а во исто време, со вакви мали простори, се зголемува интеракцијата на граѓаните, што води до подобрување на друга состојба како социјална стабилност, безбедност, свест за припадност исл. Исто така, она што е позитивно е дека децата добиле повеќе простор за игра. Ова е особено важно за семејствата, бидејќи на овој начин децата поминуваат повеќе време надвор во активност и дружење, отколку користење компјутери или трошење време гледајќи телевизија.

Во однос на одржливоста и квалитетот на животот, социо-културните аспекти на урбанистичкото планирање се подеднакво важни како еколошките и економски аспекти. Отттука, важно ни беше да ги увидиме овие елементи за локалното население,односно ефектите на еколошката регенерација. Локалните жители беа запрашаништо треба да направи Општината за подобрување на социјалниот и културниот живот на ниво на Општина Центар? Одговорите беа дека локалната власт треба да создаде повеќе простор, културни настани кои би биле слободни да ги користат уметници (61%) и повеќе програми за активно вклучување на граѓаните (фестивали, проекции, спортски настани), 50% се за урбана опрема и поголем ангажман на граѓаните активности – 50%. Овие бројки покажуваат дека граѓаните ги препознаваат јавните отворени простори, не само како простор во кој може да пешачат или одмараат, туку и како простори каде што можат да уживаат во културни активности. Понатаму, бевме заинтересирани да дознаеме што ќе се промени ако се преземат овие мерки. Затоа,на прашањето: „Што мислите, како ќе ги подобриме животите на жителите на Центар ако се преземат овие активности?“. 66% од испитаницитесе на мислење дека ќе го охрабри културниот развој меѓу младата популација и 50% ќе поттикне поголем интерес кај граѓаните за вклучување во активности од јавен интерес. Ако зборуваме од перспектива на одржлив развој на градовите, овој концепт зборува за исполнување на потребите од аспекти на екологијата, економијата, но и културата во непосредната околина на живеење. Одговорите ги оправдуваат овие пристапи. Културниот развој и посетеноста на повеќе културни активности, посебно за младите луѓе, доведува до културен развој и поблиска заедница, исто така, повеќе граѓани ќе бидат повеќе



заинтересирани да се вклучат во комуналната активност. Ова е особено важно за добро владеење, бидејќи граѓанскиот ангажман е еден од важните аспекти за обликувањето на идните проекти и планови за развој.

## 11.2 Админитративен капацитет на општини

| | Урбани дизајнери | Архитекти | Планери за одржлив развој | Планери за животна средина | Планери за транспорт и сообраќај | Планери за паркови и рекреација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | | √ | | | | |
| Бутел/Чаир | | | | | | |
| Сарај | | √ | | | | |
| Центар | | √ | | √ | | √ |

Табела50.Административен профил

Имајќи го предвидмоментот дека темата се однесува на одржливите градови, а општините, како административни единици, се особено важни за постигнување на заложбите за остварување на овие принципи, истражувавме дали и на кој начин општините го вклучуваат концептот на ОР во своето работење. Концептот на одржлив развој претпочита познавање на принципи на развој кои во себе, како што беше објаснети, инкорпорираат еколошки, економски, културни и принципи на добро владеење. Оттаму е важно, посебно за оние органи во склоп на општините кои се бават со прашања на планирање на простор, независно дали е тоа планирање на локален економски развој (ЛЕР), локален еколошки акциски план (ЛЕАП) или урбанистичко планирање, да имаат доволно знаења за одржливот развој, со цел оптимално планирање на развојните програми. Од прикажаните резулати може да се види дека само една од општините (Општина Центар) располага со стручно оспособени лица за одржлив развој. Според лицата кои беа анкетирани, овој недостаток на кадар се надополнува со ангажирање на надворешни експерти,зависно од потребите и активностите на општините.



| **Вклучувајќи Ве и Вас, дали некој во Вашата Општина има специфични квалификации за животна средина или ОР?** | | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| **Аеродром** | | √ |
| **Бутел/Чаир** | | |
| **Сарај** | | √ |
| **Центар** | √ | |

Табела51.Квалификуваност за одржлив развој

Меѓутоа и покрај фактот што три од четири анкетиранилица одговориле дека немаат доволно познавања за принципите на одржливо планирање, речиси без исклучок изјавиле дека принципите на одржливиот развој се земаат предвид во проектите кои се спроведуваат на ниво на општини; концептот има влијание врз развој на нови политики и е приоритет на општината. Со оглед на тоа дека општините немаа посебни програми за одржлив развој,како ни доволно административникапацитетиза развој во склоп на општините, се наметнува прашањето за тоа во кој степен навистина одржливот развој е приоритет на општините и во кој степен навистина решенијата кои се сметаат за одржливи се и навистина одржливи?

| | Не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|
| Принципи ОР се земени предвид во повеќетопроекти | | Аеродром | Центар |
| Општинатаго подржува ОР | | Аеродром<br>Сарај | Центар |
| Концептот на ОРпредизвикува нов развој вополитиките на Општината | | Аеродром | Сарај<br>Центар |
| ОР е еден од клучнитеприоритет во Општината | | Аеродром | Сарај<br>Центар |

Табела52.Имплементирање на принципи на ОР при урбано планирање



Ако земеме предвид дека концептите на урбано планирање врз принципи за одржливост се динамични и речиси секојдневно се изнаоѓаат нови форми за што поадекватно урбано планирање, неоходна еи постојана надградба на знаењата. Еден од најефикасните начини, преку кои општините може да го подобрат своето работење, е преку инвестирање во човечкиот и админитративниот капацитет кој го имаат. Во однос на стручната надградба на постојниот кадар на општинит,е вработените беа запрашани преку кои начини се врши истата во склоп на нивното работење.

| Практики на работење на стручно надоградување на вработените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Редовна практика | Ретко | Не сум сигурен/на дали има таква програма во рамки на Општина | Немам одговор |
| Продолжување на образованиетои доквалификации | | | Центар | Аеродром Сарај |
| Учество на конференции, семинари во С. Македонија | Аеродром Центар Сарај | | | |
| Вмрежување на формални настани со други општини | Аеродром Центар | Сарај | | |
| Состаноци на ниво Град Скопје | Аеродром Центар Сарај | | | Сарај |
| Извори и информации од интернет | Аеродром | Сарај Центар | | |
| Книги и списанија | Центар | Аеродром Сарај | | |

Табела53.Професионално надградување

Како редовни практики кои се применуваат се наведени конференции,вмрежување со други општини во РСМ, состаноци на ниво на Град Скопје. Забележливо е дека отсуствува продолжување на образованието или доквалификации на вработените во делот на урбанотот планирање преку стипендирање за здобивање на сертификати, тренинзи,можности за студиски



посети и размени. Овој тип активности овозможува здобивање теоретски и практични знаења и можност за користење добри практики од веќе спроведени активности во делот на урбанотопланирање, кои, преку адаптирање на локалните услови и можности, би резулирало со подобри урбани решенија. Исто така, користењето различнион line платформи, како можности за соработка или надградба на знаењето, се искористени само во случајот на Општина Аеродром.

## Завршни забелешки

Тргнувајќи од презентираните податоци, како заклучок кој може да го изведеме во овој дел, односно во делот на институционалниот аспекти поставеност на еколошкото планирање, може да заклучиме дека најголем број општини сѐ уште немаат развиено практики за развој на програми кои се однесуваат на пошироко урбано планирање, со земање предвид на социјалните аспекти при планирањето. најчесто нивните активности се однесуваат на заштитни мерки од загадување, согласно надлежностите дадени со Закон. Понатаму, администриативно општините не располагаат со доволно оспособен стручен кадар, кој во континуитет ќе разработува идеи и програми за одржлив дел, оттаму и отсуството на посистематко планирање на јавните зелени површини и нивните функции на територијата на општините, со исклучок на Општина Центар. Недоволното вложување во дооспособување на кадарот,исто така е еден од недостатоците кои директно влијаат врз тоа општините посериозно да пристапат кон урбано планирање врз принципи на одржливост, односно принципите на одржливост самода се споменуваат во програмите, без можности за нивна реална имплементација во просторните решенија.



**Заклучок**

Градовите се атрактивни места заради што обезбедуваат по нешто за секого, тие и се создадени од сите. Тоа се огледа во фактот што бројот на лица кои трагаат по подобри услови за живеење и себереализација својата потрага ја насочуваат кон градовите. Градовите отсекогаш нуделе анонимност, разновидност и поврзување, тие секогаш содржатповеќе од кој било жител може да знае, а голем град секогаш го прави непознатото атрактивнои јаразвива имагинацијата. Како организирана форма на живеење, градот минува низ фази, се менува по форма, големина, функција, но секогаш останува неговата примарна функција на апсорбирачка моќ на сѐ што е напредно во едно општество. Меѓутоа, колку и тие да се антропогени творби, воедно се во нераскинлива врска со природата. Како форма која израснува во средината, градот мора да ги почитува природните законитости и поредок, обидот природата да се „избрка“ од градот во текот на дваесеттиот век заврши неуспешно. Традиционалните гледишта, било тоа да се религиски или филозофки, ни укажаа на потребата од почитување на природата на единството на човекот и природата и неизбежноста на тоа дека процесите, колку и човекот да посакува да воспотсави целосна контрола врз сѐ создадено, имаат свој природен тек и доколку една алка во нив се наруши, тогаш целиот систем трпи последици. Градот се јавува како резултат на нашето развивање како општествени битија кои ја имаат моќта да преобразуваат. Пребразбите низ кои поминува денес градот се многу покомплексни, можеби во однос на оние од минатото, под влијание на глобализацијата, миграциите, развојот на технологииите. Исто така, пред градот претстои и предизвикот на трасформирање на планетата во високо урбано градска структура и мрежа на градови, со оглед на бројките кои укажуваат на забрзаното зголемување на градското население.

Теориите за урбано планирање, од една страна и практиките на урбаното планирање и урбаните решенија, од друга, ни укажуваат на тоа дека парцијалното планирање, без почитување на принципите на одржливост, доведуваат до тоа

градовите да заостануваат во својот развој. Процесите на мигрирање на населението кон урбаните средини секако ќе продолжи и во иднина,односно светот станува сѐ поурбанизиран. Ако во во 1800 г. само 3% од населението живеело во градовите, а Лондон со население од милион жители бил најголемиот град на светот, во 2000 г. 47% од населението живеело во урбани населби, а веќе во 2007 година овој процент надминал 50% (ООН, 2007). Се предвидува дека до 2050 г. овој процент ќе надмине 70%, што значи дека урбаното население во 2030г. ќе биде 5 милијарди, а во 2050– 6,4 милијарди луѓе (UN – HABITAT, 2008). Со оглед на ова,сѐ поголемиот број жители во градовите побаруваат интегрален пристап на планирање кој треба да ги задоволи нивните потреби, од една страна, а од друга севкупните процеси на урбано живеење да не ги надминат еколошките капацитети на просторот и да не доведат до крупни нарушувања на средината. Одржливите градови се моделот преку кој овие предивзици, кои ги перцепираме како иднина,но несомнено се случуваат во сегашноста, побаруваат сѐ повеќе развојот на градските средини да се преориентира кон одржливост. Одржливиот град е град кој се развива по мерка на човекот, односно, согласно потребите на човекот кој живее денес, меѓутоа и на човекот кој ќе живее во иднина во истиот град.

Одржливиот развој на урбаните средини претставува постојан процес на дополнување, адаптирање, реобимисливање на идејата за градот, притоа имајќи ги предвид потенцијалите и ресурсите на просторот кој не се само наши и припаѓаат на сегашноста, туку истите треба да се зачуваат за идниот развој на градот од идните генерации. Не постои единствено применливо решение кое може да биде применето секогаш, секаде и под исти услови како да се планира еден град, односно како да се направи транзиција од индустриски или постиндустриски град кон одржлив град. Секој еден град, почитувајќи ги принципите на одржливост, земајќи ги предвид потенцијалите и ресурсите, сам треба да го изгради моделот на одржливост. Планирањето и „градењето“ на одржливиот град е резултат на меѓузависноста помеѓу луѓето и природата. Моделот ги вклучува луѓето како клучен фактор во осмислувањето на градот, ги моделира процесите согласно потребите на луѓето. Во одржливот град видливи се духот и традицијата на времето во просторот, присутна е природата како неотуѓив дел од човечкото постоење.

Градот кој се развива во хармонија со природата ги интегрира сите потенцијали за економски развој, поттикнува комуникација и социјална кохезија, како и инґратирање на маргинализирани групи, е град кој може да се каже дека се развива во духот на одржливоста. Исто така, не помалку важна карактеристика на ваквите градови е културната димензија, негувањето натрадиционалните културни вредности, но истовремено, препознавајќи ја важноста на културата, дава и поттикнува развој на нови културни форми кои на градот ќе му донесат нов слој на културна препознатливост и ново урбано доживување. Ако градот им припаѓа на граѓаните, а новото време подразбира граѓански концепт на развој со активни граѓани, тогаш градската админитрација е носечкиот дел кој сите идеи, замисли и проекти треба да ги пренесе во реалниот живот и простор на градот. Административниот апарат се грижи за одржувањена на постојните и реставрирање на поранешните зелени површини, се грижи за квалитетот на амбиенталниот воздух, начинот на управување со отпадот, предлага и спроведува мерки за енергетска ефикасност, разработува идеи за подобрување на сообраќајот и траспортните системи во градот. Сите овие процеси, секако, подразбираат траспаретност и отвореност за соработка.

Исто така како една од битните особини на одржливиот град е визионерството. Ова е важно од аспект на трансфомирање на постојните во одржлививи градови. Оваа ососбина подразбира можност на властите да можат да го реобмислат градот на иднината и, од сегашниот миг, да ги препознаат неговите потенциијали за преобразба, да ги препознаат слабите точки и истите да ги минимизираат, со цел да се добие средина во која граѓаните ќе имаат ако не исти, барем слични услови за квалитетен живот. Иако вака, таксативно наведено, сè може да звучи како утописки концепт, ако истиот се операцинализира на ниво на добро обмислени стратегиии и планови, а истите се донесени во согласност со размислувања на пошироката заедница на граѓани и партнерства со бизнис заедницата, на подолг рок секако ќе дадат резултат. Сето ова во одредена мерка се однесува и на Град Скопје. Скопје, низ својата историја бил разурнуван било како резултат на природни непогоди или човечка интервенција, но одново изнаоѓал сила да се воздигне, да се пробрази согласно времето во кое опстојувал. Слоевите на



култура кои се таложеле во него создале уникатен културолошки простор. Неговата географска положба исто така во голема мерка го дефинирала неговото живеење и раст како во минатото, така и денес. Граѓаните кои го населуваат на градот Скопје му го даваат духот на градот кој е сосем поинаков со секој дел на градот. Многупати, поради начинот на кој градот е третиран, се споменува дека градот нема идентитет. Можеби тоа треба да се преформулира во обратна насока, дека Скопје има онолку идентитети колку што има населби, соседства, улици. Секој дел на Скопје има своја специфика, која, поради општесвените трауми, хаосот во урбаното градење, темпото на живеење, веќе не ја препознаваме како вредност. Веројатно градот уште еднаш треба да собере сила да се издигне над моменталната аномија и да ги покаже сите вредност кои ги поседува. Процесите на трансформации изминатите децении го „уморија“ јавниот простор на Скопје. Секоја политичка елита која го управувала градот како да сакала да остави свој белег во просторот, па место белези, градот денес има многу повеќе лузни. Евидентна е отсутноста на свест и инстуционална меморија, па секоја нова промена на администрацијата се обидува да избрише дел од ликот на Скопје и да постави свои симболи и да се запише во историјата на градот. Односот кон природните елементи во градот исто така е еден од факторите кој Скопје го карактеризираат како нелагоден, тежок за живеење. Осуството на еколошка етика направи од Скопје еколошки неподобен град за живот, кој им го уништува здравјето на своите жители. Ако сите овие сегменти се стават во еден социолошки ракурс, може да се каже дека ова однесување кон градот е последица на општествените нарушувања во македонското општество во подолг временски период. Недоволно дефинираното законодавство, постојаните упади и набрзина донесени измени во деталните урбанистички планови, без вклучување на сите засегнати страни, за последица го имаат трајното еколошко обезвреднување на централното градско подрачје на главниот град. Затоа, како хипотези кои ги зададовме за истражување, беа дека единиците на локална самоуправа на ниво на Град Скопјесе заинтересирани за примена на концептот на одржлив развој во делот наеколошко урбано планирање, со анализа и почитувањена принципите на одржлив развој во подготовка, донесување, спроведување на програмите кои се однесуваат на еколошко

планирање на Градот Скопје, со што би се постигнале целите на одржлив урбан развој на Град Скопје. Понатаму, останатите хипоези беа граѓаните да се заинтересирани за процесите на урбано планирање во нивната непосредна околина;информираноста на граѓаните има голема улога во квалитетот на урбаното планирање и живеење; вклучувањето на граѓаните во процесите на урбано планирање е клучно за развој на добри урбанистички планови и постигање на принципите на добро владееење;идниот развој на Град Скопје мора да се базира на принципите на одржлив развој, со цел подобрување на квалитето на живеење во него; добро осмислените и спроведени урбанистички решенија произведуваат позитивни општествено-социјални промени. Врз база на севкупните истражувања што беа спроведени за потребите на овие тези, во кои беа вклучени граѓаните од една страна и општините во Град Скопје, од друга, можеме да извлечеме низа заклучоци. Граѓаните генерално ги перцепираат еколошките услови за живеење како недоволно добри. Како главни извори на загадување ги посочуваат индустријата, сообраќајот, но и намалувањето на зелеените површини, што е евидентно во последниве неколку години. Ова, според нив, е резултат на неколку фактори, како што се отсуството на ефикасни мерки за заштита на животната срединаи слабата активност на инспекторите за животна средина, како и отсусутвото на грижа за околината кај населението. Понатаму, граѓаните, со оглед на високиот процент на заинтересираност за моделот на одржлив развој, го сметаат овој модел како начин преку кој може да се разрешат низа еколошки проблеми, но и генерално да се подобрат условите за живеење во градот Скопје. Ако на ова се додаде дека најголем дел од нив би сакале да имаат локален центар нанивo на општина, преку кој редовно би се информирале за начините за поодржливо живеење, може да заклучиме дека овој пристап би можел, на определен рок, да донесе позитивни промени во начинот на живеење на населението, односно да се отпочне со процеси на локално ниво кои понакаму ќе резултираат со одржливи решенија на подолг рок. Прашањата за активно граѓанско учество во процесите на донесување одлуки и учество во работата на локалните власти, ни покажуваат дека постојат одредени општини каде што граѓаните сметаат дека може да влијаат врз одлуките кои се однесуваат на урбаното планирање, додека во други општини

владее уверувањето дека влијанието на граѓаните нема поголем импакт врз процесите на планирање. Тоа укажува на одредено ниво на дистанцираност помеѓу граѓаните и институциите, што не оди во насока на развој на отворени и одржливи градови, ако землеме предвид дека една од основните идеи за развој е активното граѓанско учество. Ова понатаму треба да биде насоката во која општините треба да работат за надминување на оваа состојба. Како еколошки приоритети за решавање за граѓаните се подобрување на квалитетот на воздухот и заштитата на урбаното зеленило. Меѓутоа, фактот што и визуелното загадување беше земено како висок или среден приоритет, упатува на заклучок дека граѓаните имаат потреба не само од заштита на елементарните медиуми во градот, како што е воздухот, туку воедно и од естетизација на просторот преку уредување на јавните простори – парковите, преку кои би се зголемило чувството на пријатност во просторот. Уредувањето на јавните простори,однсноеколошко и урбано уредувањекоритото на Вардар, ревитализзацијата на СРЦ Сарај, зачувувањето на Водно и поголема рекреативна искористеност на потенцијалот на парк шумата Гази Баба, се перцепирани од страна на граѓаните како еден од начините преку кои ќе се зголеми квалитетот на живеењто во градот.Граѓаните,исто така, сметаат дека треба да се повеќе информирани за состојбите со квалитетот на животната средина и можностите за одржливо живеење, а притоа локалните власти треба да изнајдат соодветни начини преки кои треба да ги пренесат овиеинформации до пошироката јавност. Исто така транспарентноста и вклученоста за работата на локалните власти се битни за граѓаните, со оглед на тоа што локалните власти одлучуваат како ќе се управува со ресурсите во локалната заедница, како ќе се решаваат одредени прашања од сообраќајот, зелените површини и слично. Со оглед на тоа дека овие решенија директно влијаат врз секојдневниот живот, треба да се очекува дека овој вид вклученот на граѓаните, но и отвореност на работата на локалните власти, е важен за граѓаните. За граѓаните на ниво на населба битни се и пристапот до отворенитеи јавните површини кои обезбедуваат доволно зеленило, но и до јавните површини, како плоштади, паркови, детски и рекреативни игралишта. Генерално земено, граѓаните на Град Скопје имаат познавања од тоа што се подразбира под квалитено еколошко живеење, свесни се за реалните еколошки состојби, но

истовремено, според резултатите, покажуваат волја за промени кои би довеле до подобрување на состојбите и воедно детектираат кои се прашањата на кои треба да работат градската управа на ниво на Град Скопје и општините, како би се подобриле условите за квалитетно живеење како на ниво на Град Скопје, така и на непосредни нивоа на соседства или населби.

За ова да биде постигнато, потребна е добро подготвена администрација која треба да има доволно кадар што ќе може да креира поединечни идејни решенија кои, низ заеднички процес на договарање и консултации со граѓаните и останатите страни, би довеле до создавање на реални применливи стратегии и планови, а кои би резултирање со разрешување на постојните еколошки проблеми, создавање урбани решенија преку урбано планирање, што би придонесло за создавање на урбан начин на живеење со висок квалитет, независно за кој дел на градот станува збор. Во натамошниот дел ќе ги дадеме, сублимирано, резултатите од спроведените анализи за капацитетот на општините за креирање и спроведување одржливи решенија, согласно потребите на граѓаните, кои беа претходно изложени.

Од сето наведено, како општи заклучоци за административната подготвеност и капацитет за одржливото урбано планирање, може да заклучиме дека, главно, општините располагаат со мал број луѓе кои се ангажирани за заштита на животната средина. Урбаното планирање е сведено многу повеќе на урбанистички решенија, отколку на урбано планирање во поширок општествен контекст, во кој ќе бидат земени предвид и останатите аспекти на живеење, како што се економскиот потенцијал, културните потреби, јавните зелени површини и слично. Понатаму, соработката како помеѓу општините, така и помеѓу општините и Градот Скопје, не се доволно интензивни, што би резулирало со кохерентни урбани развојни политики за поразмномерен развој на Град Скопје. На ниво на општини отсусутвува кадар кој е доволно стручен од областа на одржлив развој, кој би бил од позитивно влијание врз процесите на подготовки на деталните урбанистички планови. Можноста граѓаните да се информираат за прашања од екологијата преку официјалните страници на општините, генерално емала, делумно заради тоа што прегледноста на истите е поприлично комплицирана, а делумно поради недостаток на информации на иститите. Со оглед на наведеното, може да се констатира дека



општините во склоп на Град Скопје сè уште немаат доволен капацитет за развој на долгорочни урбани политики кои ќе се темелат врз принципите на одржливост, а ќе ги имаат како појдовни точки еколошките аспекти на планирањето. Потребни се дефинирање на јасни стратегии и визии на долгорочен план, со јасно дефинирање на приоритетите на развој и заштита на средината, зајакнување на админитративните капацитети преку доедукација и доекипирање, потоа постои потреба од поголема достапностдо информации за граѓаните. Секако, како важен дел од севкупното планирање е издвојувањатасредства од буџетите за заштиа и подобрување на еколошките услови за живеење. Обезбедувањето на овие услови, како и промената во начините на работење на локалните самоуправи, во соработка со граѓаните преку нивно активно вклучување, се начините преку кои може да се обезбеди правилен развој на градот, доколку навистина определбата енаселбите иградот Скопје да почнат да се трансформираат во насока на здрави еколошки средини за живеење и одржливост. Скопје ги има сите потребни предуслови,без оглед на моменталните неповолни показатели, да почне да се развива кон еден град кој ќе биде попријатен за живот како за оние кои живеат во него,така и за оние кои се на пропатување. Ангажираноста на граѓаните, подготвеноста за промени во комбинација со институционалната волја и спремност, може на среден рок да го променат идентитето и описот за Град Скопје,а на долг рок да го сместат на листата на одржливи градови. Од сето наведено може да заклучиме дека поставените хипотези се докажани, па од општествената подготвеност и институционалната посветеност зависи во каков град ќе се претвори Скопје во наредниве децении.

**Користена литература**


1. Anderberg, S. et al. (2000) Old Sins – Industrial metabolism, heavy metal pollution, and environmentaltransition in central Europe. United Nations University Press, New York
2. Almond, B. (1995) Rights and Justice in the Environment *In* Cooper, D. E. & Palmer, J. A. (Eds. ) *Just Environments: Intergenerational, International and Interspecies Issues.* London: Routledge.
3. Agyeman, J. & Evans, B. (2004) 'Just sustainability' – The emergingdiscourse of environmental justice in Britain? *The GeographicalJournal,* 170 (2), 155-164.
4. Banister, D. (2005) Unsustainable Transport – City transport in the new century. Routledge, London
5. Beatley T. (2000), Green Urbanism: Learning from the European Cities, Washington, IslandPress
6. Beelen, Rob et al. The Lancet, Volume 383, Issue 9919, 785 – 795
7. Bell, S. and Morse, S. (2006) Measuring Sustainability: Learning from Doing. Earthscan, London
8. Baeten, G. (2008) The Uses of Deprivation in the Neoliberal City. In BAVO (ed. ) Urban PoliticsNow. Re-Imagining Democracy in the Neoliberal City. NAi Publishers, Rotterdam
9. Beck, U. (1997) The Reinvention of Politics: Rethinking Modernity inthe Global Social Order. *In* Beck, U., Giddens, A. & Lash, S. (Eds. ) *Reflexive Modernization.* Cambridge: Polity Press.
10. Bell, B. & Wakeford, K. (Eds. ) (2008) *Expanding Architecture: Design as*
11. *Benedict M,A,. McMahon E,T.* Green Infrastructure: Linking Landscapes and CommunitiesThe Conservation Fund. Island Pres
12. Blewitt, J. (2008) Understanding Sustainable Development. Earthscan, London
13. Basiago, A. D. (1999) Economic, social and environmental sustainability in development theory and urban planning practice. The Environmentalist, Vol. 19
14. Brown, L. (1981) Building a Sustainable Society. Worldwatch Institute, New York
15. Boyer, T. and Polasky, S. (2004) Valuing Urban Wetlands: A Review of Non-Market Valuation Studies. Wetlands, 24, 744-755. http://dx. doi. org/10. 1672/0277-5212 (2004)024[0744:VUWARO]2. 0. CO;2




16.  Bouteligier, S. Cities, (2013) Networks, and Global Environmental Governance. Spaces of Innovation, Places of Leadership. London and New York Routledge
17. Buckingham, S. (2007) Microgeographies and Microruptures – the Politics of Gender in Theoryand Practice of Sustainability. In R Krueger and D. Gibbs (eds. ) The Sustainable DevelopmentParadox. Urban Political Economy in the United S Bulkeley, H. & Walker, G. (2005) Environmental Justice: A New Agendafor the UK. *Local Environment,* 10 (4), 329 - 332. tates and Europe. Guildford Press, New York
18. Bullard, R. D. (Ed. ) (1993) *Confronting Environmental Racism – Voicesfrom the Grassroots.* Boston: South End Press.
19. Bullard, R. D. (2000) *Dumping in Dixie – Race, Class and EnvironmentalQuality.* Atlanta: Westview Press.
20. Campbell, H. & Marshall, R. (2003) *Just planning: The art of situatedjudgement.* Paper presented at the AESOP-ACSP Congress, Leuven.
21. Chan, E. and Lee, G. K. L. (2008) Critical factors for improving social sustainability of urbanrenewal projects. Social Indicators Research, Vol. 85of Sustainable Development, Magazine: Journal of the American Planning Association
22. Chiesura, A. (2004). The role of urban parks for the sustainable city Landscape and Urban Planning,129-138.
23. Dobson, A. (1990) *Green Political Thought – An introduction.* London:Unwin Hyman.
24. Dobson, A. (1998) *Justice and the Environment – Conceptions of EnvironmentalSustainability and Theories of Distributive Justice.* Oxford: Oxford University Press.
25. Dobson, A. (2003) *Citizenship and the environment.* Oxford: OxfordUniversity Press
26. Ekins, P. et al. (2008) The four-capital method of sustainable development evaluation. EuropeanEnvironment Vol. 18
27. Callicott,B. J. 1989"Animal Liberation. A triangular affair``. Pp 15/38 Essays in Enviromental Philosophy. Albany,NY:Stae Univerisity od New York
28. Faber, D. (Ed. ) (1998) *The Struggle for Ecological Democracy – EnvironmentalJustice Movements in the United States.* New York: TheGuilford Press
29. Fishman,R. (1982) Urban Utopias in the Twentieth Century: Ebenezer Howard, Frank Lloyd Wright, and Le Corbusier, MIT Press
30. Florida, R. L. (2002) *The rise of the creative class – And how it's transformingwork, leisure, community and everyday life.* New York:Basic Books.



31. Gray, P. 1989 The paradox of technological development. Pp. 192-204 in J. H. Ausubel and H. E. Sladovich, eds., Technology and Environment. Washington,D. C. :Natioanl academy Press
32. Gulsrud, Natalie. (2015). The Role of Green Space in City Branding: An Urban Governance Perspective.
33. Gibbs, D. and Krueger, R. (2007) Containing the Contradictions of Rapid Development?: NewEconomy Spaces and Sustainable Urban Development. In R
34. Giddens, A. (1994) *Beyond Left and Right.* Cambridge: Polity.
35. Gehring, U., Gruzieva, O., Agius, R. M., Beelen, R., Custovic, A., Cyrys, J., … Brunekreef, B. (2013). Air Pollution Exposure and Lung Function in Children: The ESCAPE Project. Environmental Health Perspectives, 121 (11-12), 1357–1364. http://doi. org/10. 1289/ehp. 1306770
36. Harvey,D. From Managerialism to Entrepreneurialism: The Transformation in Urban Governance in Late Capitalism Geografiska Annaler. Series B, Human GeographyVol. 71, No. 1, The Roots of Geographical Change: 1973 to the Present (1989), pp. 3-17
37. Hall, T and Hubbard, P (1996) The entrepreneurial city: new urban politics, new urban geographies?
38. Janos, N. and C. McKendry. 2014. “Globalization, Governance, and Re-Naturing the Industrial City: Chicago, IL and Seattle, WA. ” Pp. 1–36 in, edited by S. Curtis.
39. Jong Youl Lee & Chad David Anderson (2014) The Restored Cheonggyecheon and the Quality of Life in Seoul, Journal of Urban Technology, 20:4, 3-22
40. Katz,B. and Hamp, P. 2013 Create a ‘Race to the Shop’ Competition for Advanced Manufacturing, RENEWING THE ECONOMY, Brookings Metropolitan Policy Program
41. Kabisch, N., N. Frantzeskaki, S. Pauleit, S. Naumann, M. Davis, M. Artmann, D. Haase, S. Knapp, H. Korn, J. Stadler, K. Zaunberger, and A. Bonn. 2016. Nature-based solutions to climate change mitigation and adaptation in urban areas: perspectives on indicators, knowledge gaps, barriers, and opportunities for action. *Ecology and Society* 21 (2):39.
42. King. Y. 1994 “Feminisn and revolt of nature” Key concepts in critical theory,New Jersey>Humanities Press
43. Kriken,J. L, (2010) Nine Planning Principlesfor the Twenty-First Century, New York,Princeton Architectural Press
44. Krueger and D. Gibbs (eds. ) TheSustainable Development Paradox. Urban Political Economy in the United States and Europe. GuildfordPress, New York
45. Kiyonori Kikutake et al., *Metabolism: The Proposals for New Urbanism (*Tokyo: Bijutsu shupansha,1960).




46. Le Corbusier, *The City of To-morrow and Its Planning*, 1922, trans. Frederick Etchells (NewYork: Dover, 1987).
47. Lafortezza R, Davies C, Sanesi G, Konijnendijk CC (2013). Green Infrastructure as a tool to support spatial planning in European urban regions. iForest 6: 102-108
48. Lynch, Kevin. The Image of the City. Technology Press, 1960.
49. Lin,Zh. (2010) Kenzo Tange and the Metabolist Movement Urban Utopias of Modern Japan, Taylor & Francis e-Library
50. Low, N. P. & Gleeson, B. J. (1997) Justice in and to the environment:Ethical uncertainties and political practices. *Environment andPlanning A,* 29 (1), 21-42.
51. Low, N. P. & Gleeson, B. J. (2003) Environmental justice. *In* Agnew, J., Mitchell, K. & Toal, G. A. (Eds. ) *Companion to Political Geography.* Malden/Oxford/Melbourne/Berlin: Blackwell.
52. Neil Brenner & Nik Theodore (2010) Neoliberalism and the urban condition, City, 9:1, 101-107
53. Mannheim,K. (1991) Ideology and Utopia, Psychology Press
54. Mell,I,C. (2017) Green infrastructure: reflections on past, present and future praxis, Landscape Research,42:2, 135-145
55. Musterd, S. and Murie, A. (eds. ): Making Competitive Cities. 2010. Wiley – Blackwell 360 p.
56. Motta,MarioReport 4 of the Council on Science and Public Health (A-12): Light Pollution: Adver
57. Mouffe, C. (1992) Dimensions of radical democracy – Pluralism, citizenship, community. London: Verso.
58. Mouffe, C. (2000) The democratic paradox. London: Verso.
59. Mouffe, C. (2005) On the political. London: Routledge.
60. Munier, N. (2005) *Introduction to Sustainability – Road to a Better Future.* Springer, Dordrecht
61. Pearlmutter**, D.,** Calfapietra**, C.,** Samson**, R.,** O'Brien**, L.,** Krajter Ostoić**, S.,** Sanesi**, G.,** Alonso del Amo**,** R. The Urban Forest Cultivating Green Infrastructure for People and the Environment,Sprinfer,2017
62. Peck, J and Tickell, A. Neoliberalizing Space (2002)A radiacal journal of geography Antipode . Vol. 34, Issue3Pages 380-404



63. Pesek, W. (2006) Our future up in the air, December 08, 2006/www. thestandard. com. hk

64. Pušić,Lj. (2011)Održivi grad : ka jednoj sociologiji okruženja,Beograd,Bibiloteka nova

65. Raaschou-Nielsen, Ole et al. The Lancet Oncology, Volume 14, Issue 11, e440se Health Effects of Nighttime Lighting,2012

66. RANSOM, M. R. and III, C. A. (1995), EXTERNAL HEALTH COSTS OF A STEEL MILL. Contemporary Economic Policy, 13: 86-97

67. Robert Fishman, *Urban Utopias in the Twentieth Century: Ebenezer Howard, Frank Lloyd Wright,*

68. *and Le Corbusier (*Cambridge, MA: MIT Press, 1982), 15.

69. Sandercock, L. (1998a) *Making the invisible visible – A multiculturalplanning history.* Berkeley: University of California Press.

70. Sandercock, L. (1998b) *Towards cosmopolis – Planning for multiculturalcities.* Chichester: John Wiley & Sons.

71. Sandercock, L. (2003) *Cosmopolis II – Mongrel cities in the 21st century.* London: Continuum.

72. Sandeva, Vaska (2009) *Historical development and modern condition of the green areas in the city of Skopje, Republic of Macedonia.* Годишниот зборник на Земјоделскиот факултет

73. Scandrett, E., Dunion, K. & Mcbride, G. (2000) The Campaign forEnvironmental Justice in Scotland. *Local Environment,* 5 (4), 467-474.

74. Shah, P. S. and Balkhair, T. (2011) Knowledge Synthesis Group on Determinants of Preterm/LBW births, Air Pollution and Birth Outcomes: A Systematic Review. Environment International, 37, 498-516.

75. Tange,K. "From Architecture to Urban Design," *Japan Architect*, May 1967: 23–27.

76. Taylor, D. E. (2000) The Rise of the Environmental Justice Paradigm:Injustice Framing and the Social Construction of EnvironmentalDiscourses. *American Behavioral Scientist,* 43 (4), 508-580.

77. Taylor,P. (1986)Respect for nature A theory of enviromental ethicsnPrinceton,Princeton Unv. Press




78. Ulrich, Roger. (1993). Biophilia, biophobia, and natural landscapes. Biophilia, Biophobia, and Natural Landscapes. 73-137.

79. Urbinati, N. (2003) Can Cosmopolitical Democracy be Democratic?.

80. YoungR. F. (2011) Planting the Living City, Journal of the American Planning Association, 77:4, 368-381

81. While, A., Jonas, A. E. and Gibbs, D. (2004), The environment and the entrepreneurial city: searching for the urban ‘sustainability;fix’ in Manchester and Leeds. International Journal of Urban and Regional Research, 28: 549-569

82. WrightF. L. идеите за град ги изложува во повеќе есеи:The New Frontier: Broadacre City (Spring Green: Taliesin Fellowship, 1940), When Democracy Builds (Chicago: University of Chicago Press, 1945), and The Living City (New York: Horizon Press,1958). For discussions of this utopian concept, see David G. De Long, ed., Frank Lloyd Wright and the Living City (Weil am Rhein, Germany: Vitra Design Museum, 1998), and Robert Fishman, Urban Utopias in the Twentieth Century: Ebenezer Howard, Frank Lloyd Wright, and Le Corbusier (Cambridge, MA: MIT Press, 1982).

83. Xu, L. et al. (2008) Modelling the Carrying Capacity of Urban Ecosystem. Conference Paper, 2008 2nd International Conference on Bioinformatics and Biomedical Engineering

84. Žižek, S. (1999) The Ticklish Subject – The Absent Centre of PoliticalOntology. New York: Verso.

85. Ацески И. (1997), *Развој на урбаните центри во Македонија*, ИСПП, Скопје. (коавтор)

86. Ацески И. (2000), *Социјална екологија*, Скопје, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

87. Ацески, И. *Градот – знаци во времето и просторот,* Скопје, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

88. Ацески, И. *Човекот и градот,* Скопје, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

89. Ацески, И. (2012),*Социо-просторни и социолошки перспективи на развојот на Скопје*, Генерален урбанистички план на Скопје

90. Лазарески,А. (1993)*Климата во Македонија*,Култура,Скопје

91. Студија за интегриран развој на воднитересурси и мастер план за управување со водите во Република Македониј. УХРМ



92. Турски документи за историјата на македонскиот народ, кн. 4, Методија Соколоски, д-р Александар Стојановски, Скопје 1971, стр. 424

93. Стојмилов, Александар; Апостоловска-Тошевска, Билјана (2016). *Социоекономска географија на Република Македонија* (II доп. издание). Скопје: Природно-математички факултет. стр. 91. ISBN 9989-668-50-7.

94. Музеј на град Скопје:http://www. mgs. org. mk/

95. Официјална страница на град Скопје http://www. skopje. gov. mk( последна посета ,март 2019)

96. Официјална страница на општина Аеродром http://www.aerodrom.gov.mk/

97. Официјална страница на општина  Центар http://www.centar.gov.mk/

98. Официјална страница на општина Сарај http://saraj.gov.mk/

99. Официјална страница на град Чаир https://cair.gov.mk/Државен завод за статистика

100. Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија „Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 55/04 од 16. 08. 2004 година

101. ЗАКОН ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ “Сл. весник на Р Македонија” бр. 55/04 од 16. 08. 2004 година

102. ГУП Скопје 2012-2022 (http://www. skopje. gov. mk/DesktopDefault. aspx?tabindex=0&tabid=594)

103. Основен урбанистички план на Скопје (1965), Завод за урбанизам и архитектура, Скопје.

104. Основен план на град Скопје (1985), Завод за урбанизам и архитектура Скопје.

105. Генерален урбанистички план на Скопје (2001), Завод за урбанизам и архитектура, Скопје.

106. Хаџи Пецова, С. (1996): Состојби на јавните зелени површини во Скопје и основи на планирање, Симпозиум, Земјоделски факултет, Скопје.

107. http://www. stat. gov. mk



## Прилози

Попис на слики


Слика 1.Смог во Скопје,2018

Слика 2. Река Мисисипи,Минеалопис,САД

Слика 3. Светлосно загадување,Хонг Конг

Слика 4. Визуелно загадување,Токио, Јапонија

Слика  5. Елементи на град според Кевин Линч

Слика 6. Сингапур

Слика 7. Кулата N Сеул,Јужна Кореја

Слика 8. Еколошка реставрација на Чонггечонг (청계천), поток во форма на линеарен мултифункционален парк,централен Сеул,Јужна Кореја

Слика 9.Сонгдо,Инчон. Јужна Кореја

Слика 10. Присуството на камени елементи ги симболизираат планините, додека малите езерца и потоци водните тела, како морињa или езера.

Слика 11. Пример за комбинација,културен и еколошки простор, Бук музеј на уметности,Сеул,Јужна Кореја

Слика 12. Планот на Танге за Токискиот Залив

Слика 13. План на град „Градови градини на утрешнината“ („Garden Cities of tomorrow“,1902) Ебенезер Хауард

Слика 14. Бродакар, детален план, Франк Врајт Лојд

Слика 15. „Современ град“ (Ville Contemporaine), макета на идеалниот град на Ла Курбизие,1922

Слика 16. Небесна куќа,1958, Кионори Кикутаке

Слика 17. Ружа на ветрови во СкопскатаКотлина

Слика 18. Тумба Маџари,археолошки проект „Неолитско село“

Слика 19. Картата на Ал Идзири,1154, Tabula Roxherina, карта на Балканот

Слика 20. Ристиќева палата

Слика 21. Скопје предизградбата на ГТЦ

Слика 22. Територијална организација на град Скопје 2005

Слика 23. Парк Ислахане

Слика 24. Адолф Циборовски,ОУП на Скопје,1964 – 1985

Слика 25. Урбанистичко решение за центарот на Скопје

Слика 27. Студенски дом „Гоце Делчев“, Скопје,арх. Ѓорѓи Константиновски,1975

Слика 28. Македонска опера и балет – МОБ„Биро 77“,арх. тим : Стефан Кацин, Јуриј Принцес, Богдан Сплиндер и Марјан Уршич.

Слика 29. Генерален урбанистички план на Град Скопје, плански период 2012 – 2022

Слика 30. Заинтересираност на граѓани за модел на ОГ по образование

Слика 31.Заинтересираност за модел на ОГ по возраст

Слика 32. Запознаеност со моделот на ОР по степен на образование

Слика 33. Заинтересираност за концептот на ОР по степен на образование

Слика 34. Форми на промоција на моделот на ОР

Слика 35. Степен на заинтересираност за поголемо информирање

Слика 36. Решение за одвод на дождовница

Слика 37. Органограм на надлежни сектори за еколопшко планирање при град Скопје



Табели

Табела 1. Интензитет и времетраење на врнежи во Скопска Котлина

Табела 2. Месечен распоред на врнежи

Табела 3. Зачестеност и правец на ветрови во Скопска Котлина

Табела 4. Средномесечни температури Скопска Котлина

Табела 5. Население по општини

Табела 6. Бројно движење на население

Табела 7. Број на население по населби

Табела 8. Причини за загадување

Табела 9. Затоплување на домови

Табела 10. Користење на јавен превоз. Корелација помеѓу приход и користење јавен превоз

Табела 11. Користење на сопствено возило. Корелација приход и сопственовозило

Табела 12. Користење на јавен превоз корелација со возраст

Табела 13.Користење на сопствено возило корелација со возраст

Табела 14.Причини за состојби во животна срединапо образование

Табела 15.Причини за состојби со животна средина по општини

Табела 16. Причини за состојби во животна средина по возрасни групи

Табела 17.Граѓански активизам по степен на образование

Табела 18. Можност за социјални промени

Табела 19. Граѓански активизам – по населби

Табела 20. Можност за социјални промени – по населби

Табела 21. Приоритет квалитет на воздух

Табела 22. Приоритет урбано зеленило

Табела 23. Приоритет намалување на визуелно оптоварување

Табела 24. Приоритет намалување на визуелно оптоварување по населби

Табела 24. Приоритет еколошка реставрација

Табела 24. Приоритет еколошка реставрација по старосни групи

Табела 25. Извори на информирање по старосни групи телевизија



Табела 26. Извори на информирање по старосни групи радио

Табела 27. Извори на информирање по старосни групи интернет

Табела 28.Најчести извори на информирање по старосни групи интернет

Табела 29. Зголемување на информираност на граѓани

Табела 30. Зголемување на транспарентност на градски власти

Табела 31. Зголемување на јавно учество по образование

Табела 32. Зголемување на јавно учество по старосни групи

Табела 33. Зголемување наинформираност по старосни групи

Табела 34. Зголемување натранспаретност по старосни групи

Табела 35.Ефикасност и достапност на јавен транспорт по населби

Табела 36.Ефикасност и достапност на јавен транспорт за користење на слободно време по населби

Табела 37.Ефикасност и достапност на јавен транспорт по старосни групи

Табела 38.Ефикасност и достапност на јавен транспортво слободно по старосни групи

Табела 39. Услови за живеењепо степен на образование

Табела 40. Услови за живеењепо населби

Табела 41. Подобрувањеза живеењепо населби

Табела 42. Намалување на урбана густина

Табела 44. Подигање на нови населби

Табела 45. Принципи на добро управување

Табела 46 Зелени површини во Град Скопје категоризирани како градско и вонградско зеленило

Табела47.Јавни зелени површини под надлежност на Град Скопје (Извор: Леап 2 – Скопје,2010

Табела 48. Станбено зеленило во надлежност на општините (ЛЕАП 2,2010)

Табела49.Административен капацитет и надлежности

Табела50.Административен профил

Табела51.Квалификуваност за одржлив развој

Табела52.Имаплементирање на принципи на ОР при урбано планирање

Табела53.Професионално надградување




**Биографија на авторот**

Емина Рустемоска е родена на 27.9.1980 година во Струга. Основно и средно гимназиско образование завршува во Струга.

По завршувањето на средното образвование, своето школување го продолжува на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за географија, наставна насока. Понатамошното образование го продолжува на Институтот за социологија при Филозофскиот Факултет при УКИМ, на студиите за евроинтеграција и комуникација. Во 2012 годинаја одбранила темата „Политиките на Европската Унија за заштита на животната средина, како интегрален дел на концептот за одржлив развој, законската регулатива и институционалната поставеност за имплементација на истите во Република Македонија“, под менторство на проф. д-рИлија Ацески, со што се здобива со стручен назив магистер по евроинтеграции и комуникација.

Во 2014 година, м-р Емина Рустемоска се запишувана трет циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Институтот за социологија. Наставно-научниот совет на Институтот во 2015 годинаго одобрува насловот за изработка на докторската дисертација, под наслов„Одржливите градови помеѓу теоријата и практиката. Еколошки компоненти на урбано планирање на град Скопје“, под менторство на проф. д-р Илија Ацески.

Во декември 2016 година станува стипендист од програмата на Civika Mobilitas, за поддршка на граѓанското општество. Во овој период е активна и во

невладиниот сектор; учествува на обуки, форуми, панел дискусии и сл. како во Република Северна Македонија, така и во странство. Во јуни 2018 година, заедно со останатите стипендисти, е говорник на панел-дискусија одржана во Музеј на Град Скопје, под наслов: „Скопје – урбан град на минатото или иднината?“ организиран од страна на Civika Mobilitas, каде се дискуирани резултатите од истражувачките прашања на кои се однесуваат докторската теза.

М-р Емина Рустемоска се јавува како учесник и на повеќе конференции, и тоа: Меѓународна научна конференција „Новите предизвици на социолошката имагинација“ (во чест на Чарлс Рајт Милс,Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, 2016);Конференција „Post-Paris Climate Change: Issues, Solutions and Next Steps“, (2016, Брисел); International conferenceIACS:„Worlding: Asia Beyond/After Globalization“ (2017 Seoul, South Korea);„Diaspora, transnationalism, transculturalism and inter-cultural communications as new forms of social capital“ (Охрид, 2018); 9-th International Cities for Mobility Congress „New mobility and the transformation of our cities“ (2018,Stuttgart,Germany), XII. International Turkish Culture, Art and Protection of culture Heritage Symposium/ Art Activity 2018 –Kocacık– Jupa – Struga Macedonia).

Покрај ова се бави и со анализирање на јавни политики и, како резултат на тоа, автор е на неколку студии кои се однесуваат на рамномерниот развој во Македонија (2017, Форум ЦСИД), студија за подготвеност на локално ниво за имплементирање на обврските од поглавје 27 (животна средина и климатски промени, Евротинк ) за општините Охрид и Струга (2018).

Емина Рустемоска се служи со англискиот јазик.

